УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

# МЕСТОТО И УЛОГАТА НА ПРИВАТНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ АКТЕРИ ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА

**-магистерски труд -**

Ментор:
проф. д-р Оливер Бакрески

Изработила:
Ксенија Митева

Скопје, март 2022

СОДРЖИНА

**Глава 1.**
**Методолошка рамка**

1. Формулирање на проблемот на истражување ............ 5
2. Досегашни истражувања ............ 9
3. Предмет на истражувањето ............ 10
4. Цели на истражувањето ............ 12
5. Хипотетичка рамка ............ 13
6. Методи и техники на истражувањето ............ 15

**Глава 2.**
**Безбедност**

1. Безбедноста и нејзиното значење ............ 16
2. Анализа на односот помеѓу националната и приватната безбедност ............ 22
   2.1. Односот помеѓу националната и приватната безбедност ............ 22
   2.2. Односот помеѓу јавниот и приватниот сектор за безбедност ............ 24

**Глава 3.**
**Безбедноста низ призмата на приватните безбедносни актери**

1. Причини за појава на приватните безбедносни актери ............ 30
2. Регулирање на приватните безбедносни актери ............ 33
3. Поделба на приватните безбедносни актери ............ 37
   3.1. Платеници ............ 37
   3.2. Приватни воени компании ............ 41
   3.3. Приватни безбедносни компании ............ 44
      3.3.1. Пет најмоќни приватни компании за обезбедување ............ 47
      3.3.2. Приватни воени компании vs приватни безбедносни компании ...49
4. Разлики помеѓу приватните воени и безбедносни компании и платениците ............ 53
5. Позитивни и негативни страни од ангажирањето на приватните безбедносни актери ............ 56

**Глава 4.**
**Приватните воени и безбедносни организации и нивната улога во 21 век**

1. Улогата на приватните воени и безедносни компании ................................................ 59
2. Класификација на приватните воени организации ...................................................... 60
3. Причини за појавување на приватните воени организации ......................................... 63
   3.1. Научно-стратегиски причини ..................................................................................... 64
   3.2. Политичко-правни причини ........................................................................................ 65
   3.3. Социјално-економски ................................................................................................... 69
4. Приватните воени компании како мултипликатори на вооружените сили ............... 72
5. Улогата на приватните воени компании во системот на внатрешната безбедност на државите ..................................................................... 73
   5.1. Улогата на приватните воени компании во борбата против организираниот криминал ....................................................................... 75
   5.2. Улогата на приватните воени компании во експлоатацијата на природните ресурси во земјите од висок безбедносен ризик .............................77

**Глава 5.**
**Предизвици и придонес на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност**

1. Придонесот на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност ........................................................................................................................ 80
2. Ангажманот на ПВК во хуманитарните и мировните операции ............................................................................................................................ 82
3. Позитивни аспекти од употребата на ПВБК во хуманитарни и мировни операции на ОН ............................................................................................. 84
4. Приватните воени компании и мировните мисии: Оправданост од употребата на приватните безбедносни актери ......................................................................... 87
   4.1. Приватните воени компании во Ирак .................................................................... 89
   4.2. Употреба на приватните воени компании од страна на ООН.............................. 90
5. Ефективноста на приватните воени компании во споредба со регуларните воени сили .............................................................................. 92
6. Контрола и одговорност ..................................................................................................... 94
7. Ризици од употреба на приватни воени компании ........................................................ 95

**Заклучок** ............................................................................................................................ 97
**Користена литература** ...................................................................................................... 99

# ГЛАВА 1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА

## 1. Формулирање на проблемот на истражувањето

Во историјата на вооружените конфликти, ангажманот на приватните безбедносни актери (платеници, платенички армии итн.) беше вообичаена практика, а во модерното време, поради многу асиметрични закани, потребите на националните држави во заштита на надворешната и на внатрешната стабилност е уште повеќе изразена и бара ангажман и на државните и на недржавните безбедносни актери. Имено, природата на современите социјални односи и либерализацијата на државата над инструментите на сила ја условија комерцијализацијата и приватизацијата па, така, сè што претходно го даваше како заштита и беше исклучиво државна работа, полека почна да се прелева во професионално организирани и регистрирани приватни актери за безбедност. Така, во некои развиени земји во светот се формираа приватни воени компании со јасна организациска и корпоративна структура за обезбедување на разни безбедносни услуги. Овие услуги се движат од стратешки, тактички и технолошки совети, обука и логистичка поддршка, до обезбедување на исклучиво воени (борбени), разузнавачки и безбедносни услуги на владите на различни земји, мултинационални корпорации, меѓународни организации, невладини агенции и други невладини субјекти. Во таква ситуација, развиените земји и земјите во развој прибегнуваат кон ефикасно користење на разни безбедносни услуги на приватни актери за безбедност за да ја постигнат и одржат нивната целокупна стабилност, со различни објаснувања за нивниот јавен ангажман. Ова го отвора теренот за нов став кон безбедноста во кој приватните актери играат сè поважна улога.

Значи, современите предизвици, ризици и закани, како што се тероризмот, организираниот криминал, корупцијата, пролиферација на оружје за масовно уништување, регионалните судири, техничко-технолошкиот развој, глобализацијата, сето тоа влијае на загрозување на безбедноста на луѓето, на имотот итн. За остварување на потребното ниво на безбедност, неопходно е да се вклучат и приватните безбедносни актери коишто имаат значајна улога во осигурувањето на безбедноста.

Приватните безбедносни актери претставуваат израз на потребите на заедницата, на приватниот капитал, тие се израз на сите граѓани во соработка со институциите на државата да придонесуваат општата безбедност да биде на повисоко ниво, во интерес на сите. Приватните безбедносни актери се нераскинлив дел на јавната безбедност, која во основа се дели на public polising и на private polising. Во однос на првиот елемент, станува збор за извршување работи врзани со јавниот ред и мир, и генерално овие работи ѝ се доделени, пред сè, на полицијата, додека вториот елемент ги обединува работите кои се врзуваат за имотната и за личната безбедност на граѓаните и нив најчесто ги извршуваат приватните безбедносни актери. Приватните безбедносни актери развиваат директна соработка со субјектите на системот на национална безбедност. Со тоа приватните безбедносни актери стануваат нераскинливо поврзани со сите ангажмани на субјектите на системот на национална безбедност.

Во приватни безбедносни актери можеме да ги сместиме платениците, доброволците, разни видови приватни армии и милиции, господари на војната, компании кои се занимаваат со одбрана, приватни агенции за обезбедување, приватни воени компании, приватни безбедносни компании, како и многу други актери. Тие со текот на годините стекнаа голема популарност меѓу државите, меѓународните организации, корпорациите и физичките лица, докажувајќи дека имаат голема улога во остварувањето на безбедноста.

Во трудот, акцентот главно ќе биде ставен на приватните безбедносни актери кои со нивниот ангажман придонесуваат за остварување на безбедност. Ќе се образложат местото и улогата на безбедносните актери, нивниот ангажман во хуманитарните и мировните операции, позитивните аспекти од употребата на ПВБК во хуманитарните и мировните опеерации на ОН и во мировните мисии, потоа ќе го објаснам пристапот на ОН во регулирањето на приватниот сектор на безбедноста.

Генерално, придонесот на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност може да се анализира низ призмата на нивниот ангажман иницирал од страна на меѓународните организации за чување на мирот, пред сè, од ООН. Составени, пред сè, од поранешни припадници на специјалните вооружени сили, со адекватна воена обука и искуства, овие приватни компании сè повеќе се наметнуваат како сериозни безбедносни актери со значајни улоги и задачи. Досегашното искуство докажува дека најголеми

корисници на нивните услуги се националните влади, меѓународните корпорации и меѓународните безбедносни и хуманитарни организации.

Во оваа насока, особено евидентен е ангажманот на приватните воени компании во безбедносната стабилизација на Ирак и на Авганистан. Од друга страна, треба да се истакне дека е отворена можноста за зголемена употреба на приватните воени компании од страна на националните, пред сѐ, западните влади, да се протолкува и да се перцепира и како начин за нивно избегнување во решавањето на конкретни конфликти и кризи. Креирањето јасни одговори во однос на овие прашања ќе овозможи појасна перцепција и прифаќање на значајната улога што ја имаат приватните безбедносни актери во современото безбедносно опкружување.

Придонесот на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност е директно детерминиран од нивниот ангажман во рамките на меѓународните мировни и хуманитарни мисии предводени од страна на меѓународните безбедносни организации. Искуството покажува дека во последните две децении сѐ повеќе јакне улогата и значењето на приватните безбедносни актери во овој контекст. Постојат неколку причини за ваквиот тренд. Првата се однесува на човечките ресурси т.е. на фактот дека приватните безбедносни и воени компании ги сочинуваат лица со значајни воени обуки и искуство, што им овозможуваат ефикасно справување со безбедносните ризици и закани во безбедносното опкружување каде што се ангажирани. Тоа претставува значаен фактор за потребата од нивно ангажирање, споредено со капацитетите на традиционалните мировни сили. Покрај тоа, за разлика од традиционалните и класичните мировни сили чие пополнување и мобилизација честопати е обременето со националните нормативни рамки на државите членки на меѓународните организации, приватните воени и безбедносни актери вообичаено не се соочени со ваков предизвик. Во тој контекст, за нивниот транспорт и почеток на ангажманот е потребно и пократко време. Ова е особено значајно во ситуации кога е потребна итна активност за заштита на меѓународниот мир и безбедност. Со ваквиот ангажман тие имаат значаен придонес кон меѓународниот мир и безбедност, бидејќи овозможуваат меѓународните мировни сили целосно да се посветат на реализацијата на нивната главна цел. Но, од друга страна, современата безбедносна динамика иницираше зголемување и на бројот на недржавните актери како: бунтовници, герилски групи, платени војски и слично. Ангажманот на овие актери особено е зголемен изминава деценија, пред

сѐ, како резултат на потребата за пополнување на безбедносниот јаз и вакуум простор настанат од ограничената ефикасност на меѓународната заедница. Притоа компаниите најчесто се создадени од вишокот воени лица, настанат како резултат на воените рестрикции во повеќе западни земји во последнава деценија.

Кога станува збор за приватните атери, неопходно е разликување на претходно посочените субјекти со т.н. волонтери чиј ангажман има идеолошки предзнак. Всушност, финансискиот аспект претставува единствена причина за прифаќање на ангажманот од страна на приватните воени и безбедносни компании, додека активноста на т.н. волонтери се базира на идеолошката мотивираност од каде всушност ги црпат легитимитетот и потребата за нивниот ангажман[1]. Сепак, искуството покажува дека утврдувањето на вистинската причина за ангажманот на приватните воени и безбедносни актери претставува комплексно прашање, од причина што најчесто станува збор за комбинација од идеолошки и материјални-финансиски аспекти. Така, постојат докази дека исламските групи што се борат со сепаратистите во Кашмир добиваат многу поголем надомест отколку тој на локалните сили, што укажува на комбинација од финансиска и идеолошка мотивација[2]. Посочените волонтери, како приватните безбедносни актери, се значајни од аспект што истите се многу повеќе распространети и претставуваат растечки тренд кон интернационализацијата на многу конфликти. Токму затоа тие претставуваат значаен предизвик што иницира потреба од сериозен одговор од државите и од меѓународната заедница.

Во рамките на овој труд терминот *приватни безбедносни актери* ги опфаќа приватните воени компании и приватните безбедносни компании кои имаат глобален карактер и голема моќ во остварувањето безбедност.

Улогата на приватните воени и безбедносни компании (ПВБК) како контрибутори во остварување на безбедноста и демократијата предизвикува дебати и контроверзии во експертската и во академската заедница, но и во политичките кругови. Трендот на најмување недржавни актери во менаџирањето на хуманитарни кризи и конфликти е

[1]Примери за т.н. волонтери претставуваат Меѓународната бригада во Шпанската граѓанска војна (1930), потоа муџахедините кои им се придружија на босанските муслимански сили во војната во поранешна Југославија (90-тите години на 20 век).
[2]Kayode Feyami (1999): Africa in Search of Security: Mercenaries and Conflict – An Overview, in Mercenaries: An African Security Dilemma, Pluto Press London, p29

дочекан со негодување и со критики но, од друга страна, постојат објективни причини за нивно ангажирање во операции за градење и чување на безбедноста. Во овој труд, акцентот ќе биде ставен на позитивниот аспект од нивниот ангажман , кога се придонесува за зачувување на мирот и безбедноста, главно преку ангажирањето на ПВБК во мировните операции.

## 2. Досегашни истражувања

Феноменот на приватната безбедност и приватните безбедносни актери бил предмет на повеќе истражувања. Постојат само мал број држави во кои не се одвива овој процес на приватизација и појава на приватни безбедносни актери. Зголемувањето на бројот и значењето на приватните компании што даваат услуги од воен и од безбедносен карактер и услуги во делот на физичко-техничките обезбедувања претставува глобален феномен кој се појавил кон крајот на 20 век и почетокот на 21 век. Со тоа, државата и нејзините институции не се веќе единствени субјекти што се грижат за надворешната и за внатрешната безбедност на своите граѓани.[3]

Денес ПБК и ПБК  се едни од главните безбедносни провајдери во современите држави. Со „реформите“ на земјите од Третиот свет, ПБК и ПВК се интегрирани во државните структури, во мировните операции на меѓународните организации, во хуманитарни агенции и невладини организации. Некои од нив, како MPRI (Military Professionl Resourses Incorporated) и Динкорп (DynCorp), биле ангажирани во преструктуирањето на државните институции, како и за логистичка поддршка на меѓународните сили за стабилизација во земјите на Балканот. На пример, МПРИ била ангажирана од Владата на САД како советници за соодветно преструктуирање на МО  и на АРМ во Р. Македонија, според стандардите на НАТО. Претходно, компанијата стекнала искуство во Босна, и како воени инструктори на хрватските сили во нивниот поход на Краина (кој резултираше со геноцид и прогон на 200 000 Срби), а учествувале и во обуката на Ослободителната војска на Косово, при воената интервенција на НАТО на СРЈ во 1999 година (Нацев, 2002:71;Avant, 2004). Постојат и други примери во кои приватните

[3]Schreier F. and Caparini M.,Privatising Security: Law, Practise and Governance of Private Military and Security Companies, Geneva, DCAF,2005,p.1.

безбедносни и воени компании од западните и источните земји биле учесници во војните и вооружените конфликти. Меѓу нив најпознати се активностите на американската воена компанија „Блекводер“ (Blackwater) во Ирак и во Авганистан и на руската приватна воена компанија „Вагнер“ (Wagner) во Сирија и во Украина (Hemingway,2006;Quinn, 2016).

Како последица од ерозијата на државната моќ се констатира дека ПВК и ПБК сè повеќе го пополнуваат безбедносниот јаз во кризните региони низ светот. Терористичките напади на САД од 2001 г. придонесоа да започне приоцес на трансформација на военобезбедносните структури и институции, на начинот на војување и остварување безбедност и пораст на значењето на приватните безбедносни и воени компании. Улогата на ПБК е евидентна во многу безбедносни активности и во воени зони : за време на Првата заливска војна, во операцијата „Слобода за Ирак“, во Босна (CRS Avant, 2015). На глобално ниво, податоците за услугите на приватниот безбедносен сектор се фрапантни. Според бројот на населението, САД важат за најголем пазар во светот во сферата на приватната безбедност, во кој се вработени помеѓу 1,5 и 2 милиони луѓе. (US Private Security Market, June, 2015), додека во Европа (опфатени се 34 земји, од кои 28 се земји членки на ЕУ ), се регистрирани 52.300 приватни безбедносни компании со вкупен број вработени од 2,2 милиони луѓе ( Private Servises in Europe, 2011).

Од спроведените истражувања може да се види колку големо значење и улога имаат ПВК и ПБК во остварување на безбедноста, дотолку што нивните услуги придонесоа да се смени и концептот за војната и мирот, како и за промена на концептот на националната безбедност.

## 3. Предмет на истражувањето

Истражувањето на овој труд се фокусира на приватните безбедносни актери, главно на ПВК и ПБК, и на тоа која е нивната улога во остварувањето безбедност, на нивниот придонес кон меѓународниот мир и безбедност, што ќе овозможи појасна перцепција и прифаќање на значајната улога што ја имаат приватните безбедносни актери во современото безбедносно опкружување.

За полесно разбирање на предметот на истражување, подетално ќе бидат дефинирани одредени поими и термини кои се поврзани со приватните безбедносни актери. Термини кои ќе преовладуваат во истражувањето се следниве: *безбедност, приватна безбедност,, приватна безбедност и приватни безбедносни актери, приватни компании за обезбедување, приватни безбедносни организации, приватни воени организации,, платеници.*

*Безбедноста* е состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, политички принуди или економски присили, така што можат слободно да се развиваат.

*Приватната безбедност* е неопходна активност ориентирана кон оптимализација на бебедноста низ призмата на строга комерцијализација, што подразбира овозможување услуги преку договори за одржување на безбедноста во фирмите и, пред сè, заштита на луѓето и на имотот.

*Приватни компании за обезбедување* се правни лица кои имаат дозвола од државата за давање на одреден вид на безбедносни услуги на правни или физички лица.

*Приватните безбедносни организации* се основаат за извршување на задачи во национални рамки, поради што нивната улога во меѓународното окружување е мала. Тактиката на постапување на приватните безбедносни организации е со дефанзивен карактер, поради поголемата ориентираност кон оперативното дејствување.

*Приватните воени организации* се фирми кои на пазарот нудат воени способности, најчесто основани во најразвиените земји во светот, каде има воспоставено национални темели, развиена мрежа на деловни контакти и центри за обука. При давањето на своите услуги приватните воени организации користат воена опрема, воено оружје и воена тактика. Најчесто дејствуваат меѓународно и даваат широк спектар на безбедносни услуги во кризните делови на светот. Многу приватни воени организации даваат услуги од подрачјето на приватните безбедносни организации, но задачите со кои даваат воени услуги им се примарна дејност. Приватните воени организации можат да бидат во различни облици и големини, но без оглед на тоа дали се независни понудувачи на услуги, произведувачи на некој концерн или постојка на некоја корпоративна организација, повеќето од нив се наоѓаат помеѓу два пола на спектарот на понудувачи на услуги, односно помеѓу „чисти” приватни воени организации и корпоративни организации. Крамер смета дека успешните приватни безбедносни и воени организации се инкорпорирани во големите конгломерати

(корпоративни организации). Приватните воени организации може да се разгледуваат како ентитети во центарот на бројни преклопени сфери на деловни активности. Приватните воени организации најдобро ги дефинирала Имке-Илсе Друс, според која тоа се претпријатија кои нудат воени способности кои традиционално ги обезбедуваат регуларните воени сили. Воените способности кои се од особена важност, во овој случај се можностите и изведувањата на борбени операции, обезбедување на воени совети и обуки, одржување на систем на вооружување, собирање и анализа на разузнавачки информации, како и логистичка поддршка на регуларните воени сили.

*Платеници.* Оксфордскиот речник ги дефинира платениците како „професионални војници кои се изнајмени да служат во странски армии". Една од поновите дефиниции за поимот платеници гласи: „Платениците се индивидуи коишто се борат за финансиска добивка во војни кои не ги водат државите чиишто државјани се тие, нив примарно ги ангажираат вооружени групи, а повремено и држави (Шраер и Капарини 2005:20).

## 4. Цели на истражувањето

*Општа цел на истражувањето*

Општата цел на ова истражување е да се согледа местото и улогата на приватните безбедносни актери во поширок меѓународен контекст, во функција на остварување на безбедноста и да се согледа како овој нов феномен, кој е и глобален феномен, ја менува формата на спроведување на безбедноста во општествата низ светот и да покажеме колку се тие потребни за да се оствари безбедност.

*Посебни цели на истражувањето:*

1. Да се согледа генезата и историски развој на приватните безбедносни актери.
2. Да се објаснат активностите на приватните безбедносни воени и безбедносни компании во осигурување на мирот и безбедноста.
3. Да се анализира какви услуги даваат за остварување на глобалните безбедносни задачи.

4. Да се согледа кои корисници ги актуелизираат потребите за дополнителна услуга од приватните безбедносни актери.
5. Да се види што е тоа што ги мотивира приватните безбедносни актери, повеќе пари или поголема безбедност.
6. Да се согледа дали приватните безбедносни актери работат според строгите законски регулативи и пропишаните стандарди за работа и работење.
7. Да се види дали учеството во осигурувањето на безбедноста на приватните безбедносни актери ќе значи и поголема безбедност и враќање на општествата на демократските основи.
8. Да се согледаат позитивните и негативните страни од ангажирањето на приватните безбедносни актери.
9. Кои се одговорностите на приватните безбедносни акери.
10. Да се утврди колкава е улогата на приватните безбедносни актери за остварување на безбедност.
11. Да се дефинира како безбедноста може ефективно да се испорача од мноштвото приватни безбедносни актери со почитување на демократските принципи и вредности.
12. Да се утврди легитимната улога на приватните безбедносни актери во безбедносното управување.

## 5. Хипотетичка рамка

Врз основа на вака поставените цели и задачи на истражувањето би ги поставиле следните општи и посебни хипотези:

***Генерална (опита) хипотеза:***

***Приватните безбедносни актери придонесуваат за остварување на поголемо ниво на безбедност затоа што безбедноста е споделена одговорност и на јавната и на приватната безбедност, што значи дека приватните безбедносни актери станаа реална потреба и сериозен партнер на јавната безбедност, бидејќи државата повеќе***

***не е во можност подеднакво и ефикасно да ги задоволи сите зголемени безбедносни потреби на општеството и, што е најважно, да оствари една од основните задачи на секое просперитетно општество, остварување на безбедност и демократија – фундамненталниi вредности во човековите односи на глобално ниво.***

## *Посебни хипотези:*

1. Придонесот на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност е директно детерминиран од нивниот ангажман во рамките на меѓународните мировни и хуманитарни мисии предводени од страна на меѓународните безбедносни организации, пред сѐ од ООН.
2. Во современи услови на глобални хибридни безбедносни закани, приватните воени компании (актери) имаат значајна улога во остварување на безбедносните и воените интереси на современите демократски држави.
3. Приватните безбедносни актери докажаа дека можат да бидат поефикасни и поефективни од јавната безбедност, така што поединците и заедниците сѐ повеќе им укажуваат доверба во остварувањето на безбедност.
4. Ефикасното извршување на задачите кои им се доверени на приватните безбедносни актери се условени од логистичките, финансиските и човечките ресурси кои треба да се засноваат на голема професионалност.
5. Кога демократските институции на државата се вклучени во контролата и надзорот над секторот и ако приватниот сектор за безбедност е ефикасно регулиран, ако услугите што ги дава ги испорачува на професионален и одговорен начин, во тој случај приватните безбедносни актери може да дадат вреден придонес кон осигурување безбедност.
6. Ангажманот на приватните безбедносни актери во меѓународниот контекст за чување на мирот и безбедноста произлегува од политичките, финансиските и институционалните ограничувања со коишто се соочуваат ООН и другите меѓународни организации задолжени за меѓународниот мир и безбедност.

## 6. Методи и техники на истражувањето

За потребите на магистерскиот труд и за самото истражување ќе бидат применети соодветни методи и техники на истражување. Посебно место во примената на истражувачките методи ќе имаат следниве научно-истражувачки методи:

**Дескриптивниот метод** – ќе се користи за детаљно опишување на појавата, улогата и значењето на приватните безбедносни актери.

**Компаративниот метод** – ќе се користи во сите случаи кога ќе биде потребно да се споредуваат повеќе податоци од неопределен број слични или исти ситуации и сегменти, со цел да се добијат релевантни индикатори кои ќе ги детерминираат начините за справување или по пат на исклучување ќе го одредат правецот за решавањето на овие проблеми посебно.

**Метод на историска анализа** – ќе биде употребен со цел да се даде јасна слика на самата појава, нејзините корени и хронолошка анализа на резултатите преземени низ историјата. Преку анализата на периодот по Студената војна ќе се одредат факторите за местото и улогата на приватните безбедносни актери во остварување на безбедноста и демократијата, законската регулатива за приватните воени компании, како и во која мера системот ги прифатил или сѐ уште не ги прифатил.

**Анализа на содржината** ќе се применува за анализа на различни извори на литература (домашни и странски), анализа на законски документи и акти. Анализата, обработката на информациите и донесувањето на заклучоците од истражувањето ќе помогнат за подобро разбирање на оваа област.

**Методот на индукција и дедукција** ќе се применува за донесување на заклучоци за тоа кој вид на законска регулатива е најефикасен и најупотребуван за разбирање на оваа област.

# Глава 2. БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Безбедноста и нејзиното значење

За поимот „безбедност“ обично се вели дека настанал кога настанал и човекот. Секое живо битие има тенденција да преживее, да опстане, да се развива и да обезбеди продолжување на својот вид. После многу години, дури после илјадници години, перцепцијата за безбедност се проширила на безбедност на целата општествена заедница, односно на целата држава. Денес сфаќањето на безбедноста е многу повеќе од обично преживување. Безбедноста е една од темелните животни функции и предуслов за опстанокот и делувањето на поединецот, државите, општествата и меѓународната заедница.

Поимот „безбедност“ е мошне комплексен и сложен општествен феномен. Политичката теорија и доктрина, наведениот поим го дефирале на различни начини. Етимолошки гледано, терминот „безбедност“ потекнува од латинскиот збор securitas-atis, што значи сигурност, отсуство на опасност и неизвесност, самодоверба, бестрашност, заштитеност ( лат. securus).

Зборот „безбедност“ (лат. Sēcūrĭtas, ātis f.) е во употреба уште од првиот век пр.н.е. од страна на Епикурејците, особено од страна на поетот Лукрециј, стоиците и римскиот државник Цицерон, што подразбира филозофска и психолошка состојба на умот, односно субјективно чувство на отсуство на тага и грижа. Бидејќи за нив зборот безбедност т.е. отсуство на грижа било негација, за Римјаните современиот збор несигурност веројатно би звучел како плеоназам.[4]

Од периодот на владеењето на римскиот император Август (1 век н.е.), како и за време на средниот век, поимот безбедност се користел во политичка смисла и се поврзувал со поимите за мир (лат. Pax Romana, pax christiana), слобода (лат.libertas) и трајност т.е. трајност на моќта (лат. securitas Augusti). Во римската митологија, персонификација на безбедноста било женското божество Секуритас. Распадот на Римската Империја доведе до феудализација на политичкиот живот и до децентрализација на моќта во Европа.[5] Од

[4] Bruden A and Heiner Flanggi (eds), Reform and Reconstruction of the Security Sector, Lit Verlag Munster, 2004
[5] Jane Channa, Security Sector Reform: Issues, Challenges and Prospects, Oxford University Press, Oxford and New York, 2002

духовен аспект, највисоката власт ја имала црквата, а од политички аспект, тоа настојувало да го постигне Светото Римско Царство.

Покрај конфликтите со папството, империјата морала да се справи и со бројни и сè помоќни кралеви и со нивните вазали. Реформацијата го доведе во прашање највисокиот духовен авторитет на црквата, кој ја засили безбедносната дилема на сите нивоа, од индивидуа до папството.

Почнувајќи од 16 век, поимот безбедност беше поврзан со јавната безбедност (лат. Securitas publica), што се однесуваше на заштитата на поданиците во мир, како и на поддршката на поданиците на владетелот за време на војната.

Религиозните граѓански војни што беснееле во Европа во првата половина на 17 век довеле до идејата дека само суверена држава може да се грижи за безбедноста на поединецот.[6]

Овој термин послужил како фундамент за терминините за безбедност во многу земји. Така, на пример, во англискиот јазик се користат два термини: security и safety. Терминот security се користи кога се мисли на националаната/државна безбедност (secure- сигурен, осигурува), додека терминот safety означува способност за делување, за да не дојде до несакана сигурносна ситуација, што може да предизвика и сигурносни импликации.[7]

Сличен е и коренот во македонскиот јазик – „без беда“ (без загрозување). Сепак, базично прашање е кој и што е оставен без грижа, и колку евентуалната грижа е реална (објективна безбедност) или имагинарна (субјективна) безбедност.[8]

Прашањето за безбедноста, гледано од страна на новиот општествен и политички контекст, не престанува да биде во фокусот на вниманието на стратешките студии за безбедност, но овојпат тежиштето е на современите концепти, како одговор на невоените безбедносни прашања, како што се, на пример, демографските промени или загрозувањето на животното опкружување.

Денес живееме во свет на фундаментални политички и економски промени, особено во односите помеѓу државите и недржавните субјекти. Значењето на безбедноста не зависи примарно од природата на заканите, туку од начинот на кој се обликува безбедносната

---

[6] Гоцевски Т., Основи на системот на националната одбрана, Филозофски факултет, Скопје, 2006
[7] Кеча, Радомир, Тероризам – глобална безбједносна пријетња, Арт-принт, Бања Лука, 2012 г.
[8] Ванковска Б., Меѓународна безбедност, Филозофски фалултет,Скопје, 2011, стр. 16

практика. Всушност, безбедноста е оштествен феномен и има свој историски, организациски и оштествен контекст.

Безбедноста честопати може да се разгледува и според нејзиниот однос кон слободата, како политички и филозофски дискурс. Прашањето кое овде најчесто се поставува е: Кој е најприфатливиот баланс помеѓу овие два поими ? Од колку слобода сакаме да се одречеме и за колку безбедност и обратно, па оттука произлегува дека безбедноста и слободата се спротивставуваат една со друга – едната навлегува во областа на другата – и дека се функционални – бидејќи безбедноста е неопходен услов за практична примена на слободата.[9]

Најголемиот проблем при обидите да се дефинира феноменот безбедност, односно да се даде одговор на прашањето што всушност се подразбира под безбедност, е тоа што на прв поглед на сите им е јасно што е безбедност, односно повеќето луѓе имаат претстава за тоа што е безбедност но, всушност, проблемот настанува кога таа треба да се дефинира. Можни се два пристапи да се дефинира безбедноста. Едниот пристап е безбедноста да се дефинира со негација (негативистички), а другиот е безбедноста да се дефинира содржински, односно позитивистички. [10] Во првиот случај безбедноста би се дефинирала како отсуство од загрозување. Ваквиот пристап е најчест во литературата, но се смета дека тој не дава конечно решение на проблемот за тоа што всушност претставува поимот безбедност, односно што се подразбира под безбедност, бидејќи обликот и носителите на загрозувањето се разликуваат од држава до држава.Она што може да претставува загрозување за една држава не мора да биде и за друга држава.

Според дефиницијата за безбедност изработена во рамките на ООН во 1986 година, „безбедноста е состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, од политички принуди или од економски присили, така што може слободно да се развиваат и да напредуваат“.

Професорот Митко Котовчевски смета дека безбедноста можеме да ја третираме како состојба во која е осигуран урамнотежен физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во однос на другите поединци,

---

[9] Стајиќ Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011 година
[10] Стајиќ Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011 година

односно безбедноста во суштина претставува иманентен структурен дел на општеството, што во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, а и.т. и дејност, односно систем.[11] Безбедноста, како рационална дејност, треба да биде организирана во систем, како надворешен израз на уредување, со што би се задоволиле потребите на општеството. Ниеден систем не може да егзистира како самостоен ентитет. Па, така, поради тоа, мошне е корисно, но и неопходно, при разгледување на внатрешната структура на системот на безбедност да се осврнеме на значењето што го има безбедноста во современ контекст и да се утврди поврзаноста на безбедноста со другите појави во општеството. Изучувањето на безбедноста од различни аспекти (теориски, политички, правни, социолошки и други), помага да се утврди природата на тие врски, а со тоа и значењето и улогата на системот на безбедност во државата и општеството. Секој од овие аспекти претставуваат различни теориско-методолошки пристапи во изучувањето на системот на безбедност.[12]

Ако се земе предвид дека испреплетените интереси помеѓу различни општествени групи во државата може да прераснат во конфликти, дефинирањето на државните цели и интереси е една од најважните задачи. Освен општата цел, системот за безбедност на државата опфаќа мноштво примарни и секундарни, трајни и привремени, внатрешни и надворешни, краткорочни и долгорочни цели. Секако, овие најразлични цели меѓусебно се поврзани и имаат своја хиерархија на приоритети при нивното остварување. Според сфаќањето на Аристотел, „постојат две работи од коишто зависи среќата во сите држави. Првата е да се постави вистинската цел, а втората е да се одредат средства кои ќе доведат до остварување на таа цел“.[13]

Во зависност од тоа како ќе се изјасни едно општество, така се дефинираат и виталните вредности и неговите приоритети, а со цел да ги заштити, така и го насочува делувањето на системот на безбедност. Тие вредности се условени од карактерот на општествено-економските односи кои владеат во општеството, од степенот на развој на производството, од односот на општествените класи и од правната и политичка надградба. За да се заштитат, за да се развијат и да се зачуваат овие вредности, се посветува особено

[11] Котовчевски М., Национална безбедност на Република Македонија, Прв дел, Македонска цивилизација, Скопје, 2000, стр.21
[12] Ковиќ Зоран, Системи безбедности, Чигоја штампа, Београд, 2009, стр. 81
[13] Стајиќ Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011, стр. 39

внимание, бидејќи со нивното зачувување општеството го остварува својот опстанок и развој. Наспроти ова, секое загрозување на тие вредности, поединечно и вкупно, истовремено претставува и загрозување на тоа дадено општество, на неговата стабилност и суверенитет.[14]

Системот на безбедност, освен што служи за да се воспостави внатрешна рамнотежа, исто така, служи да се воспостави и надворешна рамнотежа во оквирот на меѓународната заедница. Надворешната рамнотежа на системот на безбедност се остварува со делување на надворешната политика на меѓународен план, пред сè, со овраќање со своите сили и со организираност, како и со воспоставување надворешна безбедност во оквирот на меѓународната заедница, преку соработка со други држави, врз основа на воспоставените меѓународни права.

Едно од најприфатените сфаќања за тоа што всушност се подразбира под безбедност е она дека безбедноста ги опфаќа и правното уредување и обезбедување на односите во општеството, воспоставување, одржување и унапредување на состојбата во државата, што овозможува ефективна заштитеност на државата и на нејзините граѓани од сите (и надворешни и внатрешни) противправни акти (активности) со кои се загрозува уставниот поредок, работата на државните органи, извршување на сите стопански и општествени активности и загрозување при остварување на слободата, правата и должностите на сите луѓе и граѓани.[15]

Исто така, значењето на безбедноста примарно не зависи од природата на заканите, туку од начинот на кој се обликува безбедносната практика. На ова влијаела хиерархијата на заканите во сферата на безбедноста, така што доаѓа до редефиниција за суштината на безбедноста. За разлика од традиционалното сфаќање за безбедноста, којашто ги опфаќала термините „војна“ и моќ“ и со што државите се штителе од воени закани, во раните 1990-ти години, студиите за безбедност се завртеле кон широк спектар на политички прашања, а на ова влијаело и крајот на Студената војна и промената во однесувањето на државите кои од своите политички агенди го изоставиле прашањето за улогата на употребата на конвенционалното оружје, нуклеарното застрашување и здружување во воени алијанси.[16]

---

[14] Стајиќ Љубомир, Основи система безбедности, Нови Сад, 2011, стр.44
[15] Исто
[16] Кечовиќ Зоран, Системи безбедности, Чигоја штампа, Београд, 2009 година

За да се оствари научна идентификација на безбедноста, како општа вредност на современиот свет, треба да се изведе класификација, односно да се подели безбедноста на видови. Според овој пристап безбедноста се дели на внатрешна (индивидуална, социетална и национална) и на меѓународна (регионална, глобална, заедничка, колективна и кооперативна) безбедност[17].

Исто така, безбедноста можеме да ја поделиме и на национална/државна безбедност и на приватна безбедност, односно разлликуваме државни/ јавни безбедносни актери на безбедноста и приватни безбдносни актери, кои што ќе бидат во фокусот на интерес на оваа магистерска теза.

Приватизацијата на безбедноста е стар феномен, познат низ историјата на човештвото низ различни форми. Но, појавата на приватната безбедносна индустрија, најнапред во земјите на развиениот Запад, а потоа и пошироко, е нов феномен, карактеристичен за ерата на хиперглобализацијата. Приватната безбедност, не само што доведе до редефинирање на Веберијанската држава (државата со монопол на употреба на сила за одржување на поредокот и заштитата на имотот и на безбедноста на поединците и на групите) во определени национални граници, туку стана видлив и значаен и во меѓународен контекст.

Денес, и развиените демократии го признаа легитимитетот на приватниот безбедносен сектор, кој сѐ повеќе станува комплементарен елемент на националната безбедност.[18]

---

[17] Стајић,Љубомир, Гачиновић Радослав, Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, 2007 година

[18]Приватна безбедност во XXI век: Искуства и предизвици, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2016 година

# 2. Анализа на односот помеѓу националната и приватната безбедност

## 2.1. Односот помеѓу националната и приватната безбедност

Во однос на државата, безбедноста ги синтетизира државните функции врз основа на потребите на граѓаните. Значи, во процесот на гарантирање оптимален степен на безбедност, државата остварува одредени функции на кои се гледа како на комплексен процес кој бара учество на бројни институции. Постигнување на чувство на безбедност е фундаментална задача на државата (национална безбедност). Но, новата безбедносна средина во која државните институции треба адекватно да одговорат на внатрешните и на надворешните закани, како што се организираниот криминал, трговијата со дрога, трговијата со луѓе, перење на пари и економски криминал, доведоа до појава на приватна безбедност која прерасна во сеприсутен феномен.

Ако тргнеме од проширеното значење на националната безбедност, како оквир од којшто произлегуваат сите нивоа на безбедност, ќе дојдеме до теоријата за приватната безбедност којашто се врзува за недржавните субјекти (од приватен карактер), коишто во оквирот на националната/државната безбедност изведуваат работи од доменот на приватната безбедност. За разлика од државните безбедносни актери (војската, полицијата и разузнавачките служби), во чија надлежност спаѓа безбедност и ангажирање на превентивен и репресивен план во доменот на заштита на државата и општеството од сите облици на загрозување, кога зборуваме за приватна безбедност и приватни безбедносни актери мислиме на субјекти кои во границите на своите овластувања се спротивставуваат на најразлични облици на загрозување на лица и имоти. На тој начин, тие придонесуваат за поефикасна заштита на правните лица во оквирот во којшто делуваат како сопствена служба или како компании или агенции кои, врз основа на договор вршат обезбедување на лица и имоти.[19]

Важен конституенс на националната безбедност е отсуство на страв од загрозување на националните и државните вредности и интереси, чувство на сигурност и спокојство,

---

[19] Савиќ., Андреја, Стајиќ., Љубомир, Основи цивилне безбједности, Побједа, а.д., Факултет за пословни менаџмент, Бар, 2011 година, стр. 53

како и контрола над сите облици на загрозување што се од витално значење за животот на нацијата.

Субјектите на приватната безбедност, теоретски, се класифицираат во типови на вооружени безбедносни сили. Тука се вбројуваат приватните воени и безбедносни компании, составени начесто од бивши офицери на армијата и полицијата, способни да извршуваат широк опсег на воени задачи. Поради флексибилноста во извршувањето на зададените задачи, честопати се ангажираат наместо регуларните воени сили, во мисии, за обучување или за други специјални задачи и критични инсталации. Овие организации обезбедуваат обука, опрема и организација.[20]

Односот на приватната безбедност спрема актерите на националната/државата безбедност најчесто е насочен кон работи од јавната, внатрешна безбедност, чии носители се полициските органи. Јавната безбедност, кон крајот на 20 век и на почетокот на 21 век во странската теорија се третира како концепт на полициска организација и работа на полицијата во оквирот на заедницата т.н. „ community policing“ (делување на полицијата во оквирот на заедницата). Овој контекст е од големо значење за да се согледа приватната безбедност. Глаголот „policing“ значи регулирање, контрола и држење на поредокот со помош на полицијата или со примена на политички средства. Во тој случај може да се прифати дефиницијата каде „policing“ означува активност на индивидуи или организации кои дејствуваат легално, во корист на јавните или приватните организации или личности кои обезбедуаат сигурност и јавен ред, ополномоштени со јавни или приватни договори, прописи и начела, во писмена или во усна форма. Значи, овие активности опфаќаат повеќе задачи што традиционално ги извршува јавната безбедност (полицијата) но, исто така, може да бидат преземени и од страна на приватната безбедност.[21]

Односот на приватната безбедност кон субјектите на националната безбедност, најчесто е насочен кон извршување на работи од јавната внатрешна безбедност, чиишто носители се полициските органи. Нивната улога главно е одржување на јавниот ред и мир и превенција од криминал. Не постои сомневање дека приватната безбедност придонесува

[20] Мијалковиќ Саша, Национална безбедност, Криминалистичко- полицијска академија, Београд, 2009 година, стр.54-55

[21] Савиќ., Андреја, Стајиќ., Љубомир, Основи цивилне безбједности, Побједа, а.д., Факултет за пословни менаџмент, Бар, 2011 година, стр.54- 55

за поефикасна заштита на виталните вредности на општеството. Исто така, она што е многу важно да се напомене е тоа и дека економијата на една држава придонесува за безбедноста, односно економијата е еден од факторите што приватната безбедност зазема сè поголема улога во оквирот на националната безбедност. Овде, секако, се мисли на приватните актери на безбедноста, особено на мултинационалните компании.[22] Меѓутоа, не треба да се меша поимот „policing" со концептот за социјална контрола, којшто го опфаќа сето она што (ин)директно придонесува за одржување на социјалниот мир, како што се училиштата, здруженија, масовни медии, јавни работилници и друго.[23]

Факт е дека различниот оперативен пристап и менталитетот на државните органи и недржавните субјекти во меѓусебните односи може заемно да бидат многу богати и постојано да се усовршуваат. Заедничкото планирање и реализација на акциите, делењето информации и рационализацијата на некои ресурси ги смалуваат трошоците, а ја зголемуваат ефикасноста и на едната и на другата бебзбедност. Доколку постои добра избалансираност и подготвеност за соработка, прецизно утврдување на надлежностите, одговорност и поделба на работите, се создаваат услови за ефикасност, како за превенција така и за репресија на криминалитетот.[24]

## 2.2. Односот помеѓу јавниот и приватниот сектор за безбедност

Денес во светот постои тенденција на зголемување на приватизацијата на безбедносниот сектор. Зголемувањето на бројот и значењето на приватните компании што даваат услуги од воен и од безбедносен карактер и услуги во делот на физичко-техничките обезбедувања претставуваат глобален феномен за крајот на 20 век и почетокот на 21 век. Со тоа државата и нејзините институции не се веќе единствени субјекти што се грижат за надворешната и за внатрешната безбедност на своите граѓани.[25] Во тој контекст, постојаната ерозија на државниот монопол над сите форми на организирано насилство е

[22] Стајиќ Љубомир и Лукиќ Татјана, Право приватне безбедности, „Футура", Петроварадин, Нови Сад, 2011 година, стр. 43

[23] Савиќ., Андреја, Стајиќ., Љубомир, Основи цивилне безбједности, Побједа, а.д., Факултет за пословни менаџмент, Бар, 2011 година, стр. 55

[24] Кесиќ Зоран, Однос измеџу јавног и приватног сектора безбедности – стање и перспективе, Зборник радова, ИК Прометеј, Нови Сад, 2008 година, стр. 214

[25] Преземено од Бакрески О., М., Кешетовиќ, Ж., Митевски, С., Приватна безбедност – теорија и концепт, Издавач: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2015, стр.30

предизвикана од неможноста државата на традиционален начин ефикасно да одговори на современите ризици и закани настанати по завршувањето на Студената војна.[26] На ова треба да се надополни и фактот дека по завршувањето на Студената војна се јавува процес на масовни отпуштања на персоналот во безбедносниот сектор (заради потребата од мал персонал и помали вооружени сили), за да се намалат државните трошоци поврзани со безбедноста. Намалувањето на бројниот соодност на персоналот во безбедносниот сектор ја зголеми понудата од обучена и висококвалификувана работна сила, којашто потоа е барана од страна на приватните компании заинтересирани за безбедносниот бизнис. Исто така, интересот за одрдени региони во светот, појавата на нови војни во земјите во развој во текот на 90-тите години на минатиот век и тенденцијата за користење услуги од военообучените лица, резултирале со вклучување на приватниот сектор за безбедност како сериозен играч во поширокиот безбедносен контекст и негово прераснување во сериозен актер.[27]

Оттука произлегува дека приватните безбедносни актери заземаат сè позначајна улога во остварувањето на безбедноста. Во сиот свет приватниот сектор за безбедност доживува забрзан пораст. Кога демократските институции на државата се вклучени во контролата и надзорот над работата на приватните безбедносни актери и ако овој приватен сектор за безбедност е ефикасно регулиран и ако услугите што ги дава ги испорачува на професионален и одговорен начин, во тој случај, приватните безбедносни актери може да дадат вреден придонес кон осигурување на безбедноста воопшто.

Последниве години видно се зголеми бројот на специјализирани приватни компании што даваат безбедносни услуги и нудат разновидни воени, полициски и други безбедносни услуги. Сето ова драматично ја менува улогата на државата и на нејзините безбедносни актери (војската и полицијата) и го ограничува нејзиното право на државен монопол за давање ваков вид услуги. Приватизацијата во областа на безбедноста претставува општо прифатен тренд во светски размери.

Приватниот безбедносен сектор не претставува конкуренција на државата и нејзината безбедност, туку е израз на потребите на заедницата, на приватниот капитал, израз

[26] European Security Strategy – A Secure Europe in a Better World, Internet, 11/06/2004, http://www.iue.eu.int/cms3_fo/showpage.asp?id=391&lang=en
[27] Оливер Бакрески, О., Даничиќ, ЖМитевски, С., Приватна безбедност – теорија и концепт, Издавач: Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2015, стр.30,31

на потребите на сите граѓани во соработка со институциите на државата да придонесуваат општата безбедност да биде на повисоко ниво, во интерес на сите.

Зголемувањето на безбедносните потреби што ги зголемуваат трошоците на јавниот безбедносен сектор и со тоа го оптоваруваат буџетот на државата, влијае на пренесување на делот на услуги во сферата на приватниот сектор за безбедност како дополнување на јавниот сектор. Традиционалното сфаќање, дека само полицијата е одговорна за остварување на безбедноста, сѐ повеќе се напушта и се отвораат нови можности за ново утврдување на содржините на поимот безбедност каде приватниот безбедносен сектор има сѐ позначајно место.

Услугите на приватните безбедносни актери во современиот свет сѐ повеќе стануваат алтернатива на државните безбедносни актери во остварувањето на заштитата на приватните, како и на јавните (државните) и на меѓународните и глобалните интереси и вредности. Оттаму произлегува и зголемената потреба за развој на приватниот сектор за безбедност, но и за воспоставување сериозно партнерство со државниот сектор за безбедност.

Денес приватните безбедносни актери станаа реална потреба, бидејќи државата повеќе не е во можност подеднакво и ефикасно да ги задоволи сите зголемени безбедносни потреби на општеството и на реалноста, бидејќи станува збор за развиен сектор што постои и функционира подолго време.

Оправданоста од постоеење и понатамошен развој на приватниот сектор за безбедност може да се аргументира со следното:

- *Ефикасност* (реална и потенцијална) – произлегува од добрата на материјално-техничката опременост на приватните безбедносни актери;
- *Економичност*- приватните безбедносни актери со своите активности ги растоваруваат, односно ги намалуваат должностите на полицијата и армијата, што создава значителна заштеда во буџетот;
- *Рационализација на државниот сектор* – државните сили се посветуваат кон решавање на најсериозните безбедносни проблеми, што води кон нивно професионално усовршување и намалување на бројот на вработени во јавниот сектор;

- *Унапредување* на вкупната безбедност на граѓаните и на државата преку воспоставување партнерство помеѓу државните и приватните актери на безбедноста;
- *Економска корисност* – приватниот сектор за безбедност вработува работна сила, а преку исполнување на даночните обврски се јакне државниот буџет.

  Оттука доаѓаме до заклучок дека приватниот безбедносен сектор станува широко прифатен тренд. Приватниот безбедносен сектор докажува дека може да биде поефикасен и поефективен од јавната безбедност и дека во многу случаи може да понуди повисоко ниво на безбедност, така што поединците и заедниците сè повеќе им укажуваат доверба на приватните безбедносни актери и им дозволуваат тие да се грижат за нивната безбедност.
- Особена предност на приватниот сектор, меѓу другите, е и тоа е и тоа што тој може да делува и надвор од границите на државата, што е особено важно за многу работодавачи. Оперативните мерки подразбират дури и инфилтрирање во тајни задачи заради утврдување на вистината за продажба на деловни тајни, неовластен пристап на фајлови итн. Во многу земји е постигнато завидно ниво на соработка на ваквиот систем со полицијата. Притоа, на приватниот сектор за безбедност се гледа како на помлад партнер во работите за зачувување на јавната безбедност, односно за асистирање на работата на полицијата. Во тие земји, со закон прецизно е регулирана работата и овластувањата на носителите на приватната бебедност (специјализирани агенции и интерни служби за обезбедување, детективски агенции итн.), од каде што произлегуваат и односите со органите на државата кои активно учествуваат во остварувањето на работата на системот за обезбедување, меѓу кои е и полицијата.[28]

Истражувањата на односот помеѓу јавниот и приватниот сектор за безбедност бил предмет на повеќе истражувања во светот, а авторите најчесто настојувале да ги објаснат суштинските разлики помеѓу овие два сектори. Иако приватниот сектор на безбедност и полицијата се насочени кон извршување на слични работи, сепак помеѓу нив постои нееднаков фокус и стил на работа. Ваквото мислење Swanton го поткрепува со следните ставови:

---

[28] Стајиќ Љубомир, Контрола приватног сектора у иностранству, Зборник радова, бр.1, Правни факултет, Нови Сад, 2012 година, стр. 190

- Приватното работење, пред сè, е комерцијално, додека полицијата е морално посупериорна поради убедувањето дека зачувувањето на безбедноста и спроведувањето на законите, како главни елементи на полицијата, не се заради остварување заработка;
- Некои функции не би требало да се спроведуваат приватно, бидејќи тоа не е праведно;
- Приватното обезбедување, главно го штити физичкото и електронско сопственишто од криминални и други закани, додека полицијата покрива поширока област ;
- Полицијата, примарно е насочена кон заканите, а приватното обезбедување на сопственоста;
- Приватната безбедност првенствено е одговорна пред приватните интереси на клиентите, додека полицијата е одговорна пред сите граѓани и контролни тела;
- Сите овластени службени лица на полицијата се опремени со средства за принуда, а приватното обезбедување нема толкава моќ.[29]

Соработката помеѓу полицијата и приватниот сектор како партнер во работата на полицијата се одредува според два вида на околности: прво, расположивите финансиски ресурси т.е. средствата за обрт на приватното обезбедување и второ, човечките и техничките ресурси (бројот на луѓе вработени во приватното обезбедување).[30]

Ускуството покажало дека е неопходна поактивна улога на полицијата во насочувањето на нејзината работа на откривање на носителите на загрозување на безбедноста, како на сопствената така и во службите за обезбедување. Со тоа станува јасно дека полицијата излегува надвор од својот делокруг на воспоставено работење и дека овие задачи ги извршува во соработка со дриги институции и организации.[31]

Основната цел на ваквата заедничка работа е воспоставување на подобар однос со „корисниците“ на услугите на полицијата. Овде се мисли на размена на искуства во

---

[29] Swanton, B., Police & Private security: Possible directions, Trends & Isuess in crime and Criminal justice, Canberra, 1993

[30] Стајиќ Љубомир, *Контрола приватног сектора безбедности у иностранству, Правни факултет , Нови Сад, 2012 , стр. 190*

[31] Исто

заедничката борба со потенцијалните сторители на криминални дела и запознавање со новите достигнувања од делокругот на работата на полицијата.

# ГЛАВА 3. БЕЗБЕДНОСТА НИЗ ПРИЗМАТА НА ПРИВАТНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ АКТЕРИ

## 1. Причини за појава на приватни безбедносни актери

Приватната безбедносна индустрија и појавата на приватни безбедносни актери започнала во деведесеттите години на 20 век. Со заедничко делување на три круцијални фактори – завршување на Студената војна и вакуумот што го предизвикала во барање и давање безбедност, трансформацијата во природата на војувањето и нормативниот раст на приватизацијата во сите сектори – создале нов простор и потреба за формирање на приватна индустрија на безбедност, односно потреба од приватни безбедносни актери. Крајот на Студената војна довела до значајна редукција во големината на националните војски, но истовремено и до пораст на глобалната несигурност. Ваквиот развој на случувањата создал поволни услови за снабдување на приватната безбедносна индустрија со нови луѓе и со опрема, како и до зголемени побарувања и услови за ангажирање на приватни безбедносни актери. Крајот на Студената војна довел до тоа да бидат демобилизирани повеќе од 6 милиони војници, од коишто многумина нашле нова работа во приватниот сектор на безбедност. Крајот на Студената војна предизвикал значајни редукции во големината на националните војски, но истовремено дошло и до пораст на глобалната несигурност. Како последица од завршувањето на Студената војна дошло и до појава – вишокот на оружје и на воена опрема да се најде во рацете на приватните актери, а не во државна сопственост, додека бројката на нестабилни конфликтни подрачја двојно се зголемила. Во колкава мерка завршувањето на Студената војна поволно влијаело на појавата на приватни безбедносни актери, зборува изјавата на еден менаџер којшто работи во тој сектор. Имено, тој вели: „Крајот на Студената војна овозможил конфликтите кои долго време биле ‘замрзнати’ или потиснати од страна на големите сили, повторно да се разгорат. Во исто време, поголем дел од националните армии двојно се намалиле и потресните слики на CNN од војници на САД

кои се убиени во Сомалија, имале големи негативни ефекти врз владите да се посветат на решавање на конфликтите во кризните подрачја. Ние, тогаш, ја пополнивме таа празнина“.[32]

Трансформацијата во природата на војувањето и револуционерните промени на сите нивоа на војување, исто така имале имале големо влијание врз појавата на приватните безбедносни актери. Воените операции станале пософистицирани благодарение на високата модерна технологија. За ракување со високософистицирана опрема честопати биле потребни цивилни специјалисти за одредени области кои управуваат со високоразвиени воени системи. Потребата од високо технолошко војување драматично ја зголемила потребата од цивилни експерти кои честопати морало да бидат ангажирани од приватниот сектор.[33] Исто така, последниве децении се карактеризираат со нормативно пренасочување кон приватизација на многу области кои претходно спаѓале во доменот на државата. Последната декада се карактеризира со приватизација на школството, здравството, затворите и одбранбената индустрија. Приватизацијата на воената индустрија, поттикната од приватизацијата во другите области во општеството, им овозможила на приватните фирми да станат потенцијални, а понекогаш и приоритетни провајдери на безбедносни и воени услуги.

Водењето војни со низок интензитет (кои резултирале со огромен број на бегалци), зголемената улога во давањето на хуманитарна помош, испраќањето вооружени сили во конфликтите подрачја, како и приватизацијата на јавната управа (со сите свои елементи), се фактори што во голема мера придонеле за брза експанзија на приватната индустрија на безбедност и до појава на приватни безбедносни актери[34].

Некои аналитичари сметаат дека општествените промени, реинтегративните процеси и дисолуцијата на државите во деведесеттите години на минатиот век се основната причина за зголемување на приватната безбедност додека, според други, основната причина е релативизирањето на улогата на полицијата, а според трети, тоа е резултат на појавата на хипокризија во безбедносната сфера.[35]

---

[32] Тимоти Спајсер, основач на компанијата „Шендлајн“, објавено во Gilligan, 1998:1

[33] Jan Litavski, Izazovi pivatnog sektora bezbednosti u novom veku, Tromesecnik Centra za evroatlantske studije, ноември, 2012

[34] Private Public Partnership, New Public Management, Private Financial Initiative,2005:15

[35] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., Приватна безбедност: теорија и концепт, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.51-52.

Клучни фактори за одвивање на двата процеси се сметаат промените настанати со завршувањето на Студената војна. Како клучни фактори се сметаат следните:

- Приватизацијата и дерегулацијата на пазарите кои доведоа до намалување на контролната улога на државите во сферата на капиталот и услугите;

- Крајот на биополаризмот и повлекувањето на директната поддршка за режимите од страна на суперсилите во т.н. трет свет дојде до „одмрзнување" на серија конфликти. Тие создадоа амбиент со висок степен на ризик за ангажирање и на меѓународните сили и на хуманитарните организации, па на професионално ангажираните контрактори се гледа како на вистинска алтернатива;

- Корисноста на приватните безбедносни компании и контрактори се гледа во нивната инструментална улога, т.е. за прикривање на сопственото инволвирање и постоење на национални интереси на големите сили во зоните на конфликт;

- Слободната циркулација на мало и лесно (но и тешко) оружје - за прв пат од создавањето на националните држави, поголем квантум на оружје се наоѓа во рацете на приватни лица и групи, отколку што поседуваат државите.

- Новосоздадените и по дефиниција слаби држави[36] многу често беа неспособни да го одржуваат внатрешниот ред и поредок, и така станаа главна клиентела на приватните безбедносни актери.[37]

Во изминатава деценија е зголемен бројот на нови приватни безбедносни актери (приватни безбедносни и воени компании) во меѓународни рамки, пред сè како резултат на потребата за пополнување на безбедносниот јаз и вакуум простор настанат од ограничената ефикасност на меѓународната заедница. Притоа, компаниите најчесто се создадени од вишокот воени лица, настанат како резултат на воените рестрикции во повеќе западни земји во последнава деценија.

Во најширока смисла, актери кои спаѓаат во приватнот сектор на безбедност го сочинуваат различен спектар на луѓе, организации и активности. Некои од нив се мошне значајни и легитимни, додека некои, пак, се нелегитимни и спаѓаат во т.н. сива зона на безбедност. За приватни безбедносни актери можеме да ги сметаме платениците, доброволците, странски

---

[36] Повеќе за слаби држави во: Георгиева Л.,Творење на мирот: мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна, Филозофски факултет, Скопје, 2007, стр.86-90.

[37] Ванковска Б., *Меѓународна безбедност: критички пристап*, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.96-98.

службеници етаблирани во националните армии, разни видови на приватни армии и полиции, „господари на војната“, компании кои се занимаваат со индустрија на одбраната, приватните агенции за безбедност, приватните воени компании и многу други актери. Во овој труд ќе се фокусираме на платениците, приватните воени компании и на приватните безбедносни компании.

## 2. Регулирање на приватните безбедносни актери

Денес често се поставува прашањето зошто е потребно да се регулира оваа област. Се смета дека одговорот на ова прашање е едноставен, но напротив, тој е многу тежок, но и конкретен. Регулирањето на оваа сфера е неопходно затоа што овозможува да се постават правила на игра и стандарди. Неопходноста од правното регулирање на безбедноста е врзана за природата, значењето и посебноста на безбедносните функции внатре во државата и општеството и неопходноста безбедноста да се остварува преку единствен систем. Правното уредување на општествената сфера овозможува целокупниот правен систем да делува на единствен начин во сите области на општествениот живот. Функционирањето на сите државни институции, вклучувајќи ги и безбедносните, е засновано на соодветни правни норми. Одредбите на законските акти кои на национално ниво го опфаќаат безбедносното подрачје, укажуваат на најважните одредници на правната концепција на безбедноста, како што се: начело на законитост, постоење на правна држава и почитување на клучните општествени и економски потреби. Регулацијата е од суштинско значење во поглед на законското работење на фирмата/компанијата и соодветното регулирање значи дека ќе се покрие една многу чувствителна област. Регулативата, исто така, може да помогне за подобро да се согледаат одредени состојби со што би се обезбедило што е можно подобро и порационално да се стават во функција сите ресурси.[38] Без соодветна регулатива може да дојде до отстапување од планираните цели и задачи и ќе бидат ограничени, без можност да го корегираат, а со тоа и да го подобрат своето работење. Секако дека истото важи и за приватната безбедносна индустрија и за субјектите кои даваат услуги во оваа дејност. Постои голема потреба од регулирање, особено кај приватните безбедносни компании и другите безбедносни актери, со цел тие да бидат одговорни за своите акции,

[38] Даничиќ М., и Пилиповиќ В., „Приватна безбедност, Факултет за правне и пословне студије“, Тампограф, Нови Сад 2015, стр.102-103

особено бидејќи главната разлика меѓу нив и државните безбедносни провајдери е тоа што тие се директно одговорни пред парламентот, владата и јавноста, додека ПБК единствено одговараат пред нивните клиенти. Накратко, регулацијата може да се интерпретира како механизам на контрола, што се воспоставува со цел да се насочи однесувањето и да се обезбеди универзална примена на законот. Во принцип, поголема регулација може да доведе до зголемена одговорност. Целта на усвојување на законската регулатива е потребата да се направи функционална дистинкција во однос на компетентноста во извршувањето на одредени безбедносни прашања. Од суштинско значење е нормативната регулатива за приватната безбедност да биде целосно приспособена, така што сите сегменти може да бидат различни во споредба со акцијата на државата или полицискиот оддел. Исто така, неопходно да се воспостават соодветни стандарди и професионалност во сите форми на дејствување на приватните безбедносни актери.

Приватниот безбедносен сектор, односно приватните безбедносни актери, треба да бидат предмет на законска регулатива за да се определи начинот на нивната работа, условите за вршење приватно обезбедување, санкциоирање на можните злоупотреби на работата итн. Затоа регулативата е широк концепт што опфаќа сет од закони, правила и одредби што се однесуваат на работата на поединци и на фирми.

Според Франсис (Fransis J, 2004), регулативата може да се дефинира како интервенција на државата во активностите на приватните сфери за да ги реализира јавните цели. Поконкретно, Ајснер ја дефинирал регулативата како нешто што вклучува широк спектар начела што ја контролираат економската активност и последиците од неа, а тоа значи нивен влез и излез од одреден пазар, цени, стапки на раст и начини на натпревар ( Eisner M.A., 1993). Според други размислувања, регулацијата создава еден механизам преку кој се оформуваат активностите на приватниот безбедносен сектор.

Според застапниците на обновената легитимност, пак, регулацијата создава еден механизам преку кој се добиваат потребните извори на легитимност од државата и на тој начин се зголемува актуелноста на нивните услуги. Според тоа, на регулацијата треба да се гледа како на централен елемент околу кој се врти политиката на приватното обезбедување ( White Adam, 2010).

Постојат неколку причини зошто треба да бидат регулирани приватните безбедносни актери: за да се осигура дека тие нема негативно да влијаат на мирот,

безбедноста и разрешувањето на конфликтите;  за да се осигура дека нивната употреба е истовремено легална и легитимна и е во согласност со човековите права, дека нема да бидат повредени уставните права на граѓаните; за да се осигура дека тие нема да ја поткопаат владината политика; за да се спречи нанесување на економска штета на нивните клиенти; да се осигура дека ќе бидат одговорни за своите постапки и за оние на нивните работодавачи; да се осигура дека ќе бидат што е можно потранспарентни и за да се гарантира дека на ниту еден начин нема да го поткопаат суверенитетот на државите. На регулацијата треба да се гледа како на централен елемент околу кој се врти политиката на приватното обезбедување. Законскатата и подзаконската регулатива во тој случај се јавуваат како основа на ефикасноста, но и како граница на делувањето на внатрешните служби. Преку нормативно утврдени стандарди, овие актери се поттикнуваат на професионализација и специјализација на кадрите, односно на стандардизација и модернизација на средствата и уредите со кои се врши заштитата на лица и имот. Во таа смисла, важен услов за легитимно работење на субјектите на приватната безбедност е јасен, спроведлив и адекватно формулиран законски текст, како и изградена безбедносна култура на вработените во самиот сектор. Дополнително, во отсуство на адекватно законодавство и регулатива, не може да се оствари ниту контрола над видот и квалитетот на услугите кои ги нудат приватните безбедносни актери.

Организацијата на ОН ги следи активностите на платениците уште од времето на војните за деколонизација во Африка. Во 1989 година Генералното собрание на ОН на 72. пленарна седница ја донесе Резолуцијата 44/34, Меѓународна конвенција со која се забранува регрутирање, употреба, финансирање и обука на платеници. Конвенцијата стапи во сила во 2001 година. Напорите на ОН да се регулира активноста на приватната воена и безбедносна индустрија сè уште траат, дел поради фактот дека регулативите во одреден степен се неадекватни, и дел поради фактот дека државите што најмногу ги користат нивните услуги, како САД, Франција и Велика Британија, ја немаат ратификувано оваа конвенција. Понатаму, постои колизија помеѓу ставовите на Работната група за употреба на платеници, која е силно критички настроена кон контрактори и зголемената потреба на ОН од ПВБК во своите мисии во странство, особено во зоните на конфликт. Во земјите како Авганистан и Сомалија, ОН сметаат дека не е доволно да се потпираат само на локалните полициски сили, и оттука прибегнуваат кон најмување приватни службеници за заштита на

нивниот персонал и објекти. Овој тренд евентуално може да ја доведе во прашање неутралноста на операциите на ОН.

Конвенцијата од Монтро во 2008 година[39] ја истакнува улогата и обврските на сите актери инволвирани во користењето на активностите на ПВБК при вооружен конфликт (државите потписнички, територијални држави, државите домаќини, другите држави, ПВБК и нивниот персонал). На пример, за да се обезбеди примената на добрите практики во работата и дејствувањето на ПВБК, договорните држави во Договорот од Монтро треба:

1. Да извршат селекција на услугите.
2. Да утврдат процедури за селекција и најмување на ПВБК.
3. Да утврдат критериуми за селекција на ПВБК.
4. Да обезбедат услови за договор со ПВБК.
5. Да обезбедат соодветен надзор и да се осигура одговорност.

Дополнително, самата приватна индустрија лобира за поголема улога во ПВБК во мисиите на ОН, тврдејќи дека нивната употреба е побрза, поевтина и поквалитетна. Овие предлози го игнорираат ризикот што ја поврзува употребата на ПВБК во мировни мисии, во смисла на „киднапирање“ на мисијата од рацете на ОН и загубата на јавната доверба во институциите на ОН. Зголемената побарувачка на контракторски персонал доведе до потреба од јасна дистинкција помеѓу функциите, целите, овластувањата и механизмите за контрола на ПВБК (Transparency Internacional 2016). Како што се истакнува и во Минхенскиот безбедносен извештај, традиционалните чувари на поредокот се истоштени и имаат тенденција на повлекување, но други актери не отстапуваат од нивната улога во конфликтите и во кризите.[40]

---

[39] Повеќе на https//www.icrc.org/eng/assets/files/other/icrc_002_0996.pdf

[40] Повеќе на Munich Security Conference 2016. Boundless Crises, Reckless Spoilers, Helpless Guardiand. https://www.securityconference.de/en/activities/munich-security-conference/

# 3. Поделба на приватните безбедносни актери

## 3.1. Платеници

Еден од најстарите записи за платеници датира од 13 век пр.н.е. кога египетскиот фараон Рамзес Втори ги најмил Нубијците, Либијците, Сиријците и Шерданците од Сардинија да бидат дел од египетските борбени формации како посебни странски единици. Дури и Библијата вклучува неколку примери за употреба на платеници. Така, Стариот завет, Книгата на егзодусот, вели дека кога фараонот ги прогонувал децата на Израел од Египет, неговата армија што имала единици составени од платеници била совладана од водите на Црвеното Море. Генерации подоцна, пред Давид да стане крал на Израел, тој, заедно со своите следбеници бил ангажиран во Филистејската армија од Ахис[41].

Познат е и примерот на Александар Македонски, кој големата македонска империја ја создал не само со македонската армија, туку и со сили што се состоеле од платеници. Дел од овие сили била и морнарицата составена од 224 бродови од Фениќаните[42]. Иако раното Римско Царство се истакнувало по неговата граѓанска армија, тоа исто така било мошне зависно од платеници. Дури и за време на периодот на Републиката биле ангажирани единици за да се пополнат редовите со специјалности како, на пример, стрелци и коњаница. Тие обично регрутирале војници од економски заостанатите области. За време на Пунските војни ги пополнувале празнините во нивните легии со Гали, Нумидијци, Балеарци, Иберијци, Грци и Германи. Така, се велело дека во периодот на 3 век римската армија била „повеќе германска отколку римска“. За лојалноста овие платеници биле наградувани не само со пари, туку и со статус „Римјани“ по завршувањето на нивната служба[43]. Исто така, и владетелите на последователната Византиска Империја зависеле од военото искуство на странците во понатамошните битки. Треба да се истакне дека овие странци биле вклучени во формирањето на Варангиската гарда, најелитната сила на Византијците, составена од изнајмени Нордијци[44].

---

[41]Singer P., Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry, Ithaca: Cornell University, 2003, стр.20
[42]Исто,стр.21
[43]Исто, стр.21
[44]Исто,стр.21

Помеѓу 14 и 18 век, понесени од социјалната револуција, а особено со крајот на феудализмот, системите за безбедност сѐ повеќе растат, а „војната станува најголема индустрија во Европа. Во овој период се познати религиозната „Триесетгодишна војна“ во Вестфалија (1618 – 1648 година)[45], која главно ја воделе платеници. Седумгодишната војна (1756 – 1763 година) била поддржана (потпомогната) со англиско злато, при што е познато дека англиските генерали ги воделе „сојузничките“ единици во битките. Англичаните ги користеле Холанѓаните и Австријците во Европа, како и Сепоите во Индија. Во 18 век речиси секоја моќна европска армија имала елементи од најмени странски војници. Единствена земја која била исклучок во Европа и која никогаш не употребувала платеници е Швајцарија. Од друга страна, многу добро е позната Швајцарската гарда, единица која во својот состав има исклучиво Швајцарци и од 16 век е во служба на Ватикан, односно во служба на папата. Француската армија пред Револуцијата била речиси една третина германска. Во руската Балтичка флота речиси 80% од офицерите биле Руси. Пруската армија во својот состав имала огромен број странски платеници што се движел од една до две третини. Британската Империја, во прицип, се потпирала на професионална армија од доброволци, но кога имала интерес и потреба, никогаш не се колебала да најми платени војници. Ова е случајот и со Американската војна за независност, кога Британците по неуспешниот обид да добијат сили од Русија и од Холандија, склучиле договор со Германците, при што добиле околу 30.000 војници.
Ангажирањето на платениците продолжило и во 19 и во 20 век, односно тие ги нуделе своите услуги и биле посветени на создавање профит, но се бореле и за да ја докажат својата „спорна“ надмоќ.

Од денешна перспектива, платениците се личности-авантуристи коишто немаат поширока поддршка, но се инспирирани од барањето возбуда, како и пари во проблематичните места. Тоа се лица што работат надвор од државниот систем и се појавуваат таму каде што има распаѓање на внатрешниот ред, а се појавуваат како инстант воена сила со „сомнителна“ стручност. Сензационалистички, сликата за овие платеници е дека тие се смели, опасни и дестабилизирачки елемент. Како што забележал Хуан Карлос Зарате „овие независни платеници ангажирани наспроти ограничувањата на системот на националната државност во 20 век и навидум мотивирани само од паричен интерес, беа

[45]Види повеќе, Cicely V. Wedgwood, The Thirty Years War. London: Jonathan Cape, 1938

гледани како шокантен анахронизам[46]. Значи, примарната мотивација им е паричната добивка наместо лојалноста кон нацијата - државата. Во однос на приватните воени и безбедносни компании, платениците се привремени ad hoc индивидуални групи на професионални војници, најмени да служат во странските армии. Тие немаат стручност и дисциплина, не се никаде интегрирани, немаат доктрина, а можностите им се многу ограничени. Во суштина, тие не се во состојба да обезбедат ништо друго освен директна борба на ниво на мали единици и ограничена воена обука. Во принцип, платениците немаат вештини, капитал, воспоставени методи и не се способни да извршуваат комплексни мултисекторски операции како што се во состојба приватните воени компании.[47]

Во литературата постојат бројни дефиниции за тоа што е платеник. Оксфордскиот лексикон на војската на САД го дефинира зборот „платеник“ како „професионален војник, најмен да служи во странска војска“.[48] Натан ги дефинира платениците како „војници ангажирани од страна на странска влада или бунтовничко движење, со цел да придонесат во вооружен конфликт – без разлика дали директно со ангажирање или индиректно преку обука, логистика, разузнавање или советодавни услуги – пред орган на владата и одбранбените сили на својата земја.[49] Според Женевската конвенција, платеник е секое лице што: а) специјално е вработено локално или во странство, со цел да се бори во вооружен конфликт; б) зема директно учество во непријателствата; в) мотивирано е да учествува во непријателства, во суштина од желбата за приватна и материјална добивка; г) не е државјанин ниту на земјата инволвирана во конфликтот, ниту резидент на територијата контролирана од страна на земјата инволвирана во конфликтот; д) не е припадник на вооружените сили на ниту една страна во конфликтот; ѓ) не е испратен од страна на државата што не е инволвирана во конфликтот.[50]

Најновата дефиниција говори дека: „платениците се поединци кои се борат за финансиска добивка во странски војни; тие се првенствено искористени од страна на вооружени групи

---

[46]Sheehy Benedict, Maogoto Jackson and NewellVirginia, Legal Control of the Private Military Corporation, Polgrave Macmillan, New York, 2009, стр. 5-15

[47] Litavski J, Izazovi privatnog sktora bezbednosti u novom veku, Novi vek, CES, стр.3

[48]The Oxford Essential Dictionary of the U.S. Military, New York, Oxford University Press, Berkley Book,2001, стр.266

[49]Nathan L, “Lethal Weapons: Why Africa needs alternatives to hired guns”, Track Two, No.2,August 1997, стр.10-12.

[50]Protocol Additional to the Geneva Convention of 12 August 1949, relating to the Protections of Victims of International Armed Conflicts, Geneva, ICRC, Article 47: Mercenaries. Herein afternreferred to as Protocol I, 1997.

и повремено од влади“.[51] Други дефинициски пристапи, земајќи малку пошироко, ги сметаат платениците како „поединци или организации финансирани да дејствуваат за странско правно лице, вклучувајќи спроведување на операциите во воен стил, без да обрнат внимание на идеали, на правни или на морални обврски, на домашни и на меѓународни закони“.[52] Трети автори сметаат дека платениците се недржавјани, најмени да земат директно учество во вооружени конфликти. Нивната примарна мотивација е парична добивка наспроти лојалност кон својата држава. Затоа и се наречени „војници на судбината“. Некои ги сметаат платениците како погрешно насочени авантуристи, иако тие се само дискредитирани насилници, подготвени да се борат од која било причина и за која било страна што е подготвена да ги плати. Понекогаш тоа што ги привлекува луѓето во платеничката трговија не е паричната добивка, туку нивниот начин на живот. Неуспехот во реедукацијата или во програмите за обука што би им овозможиле надеж на воени ветерани, често игра голема улога во одлуката да го продолжат нивниот живот како воини. За некои што потрошиле деценија од својот живот во борба, сознанието дека тие не може да се вклопат во цивилното општество може да биде главниот мотиватор за вклучување на платенички активности.[53] Понекогаш тоа се ветерани од завршени конфликти или одметници кои бараат каков било нов вооружен конфликт, со цел да продолжат со бруталности и со воени дејства.[54] Друг дефинициски пристап говори дека платеникот е војник којшто е подготвен да ги продава своите воени вештини на оној што за тоа е подготвен најмногу да плати, без разлика која е целта на мисијата.[55]

---

[51]Center for Humanitarian Dialogue, Small Arms and Human Security Bulletin, Issue 3, June 2004, стр.2, available at www.hdcentre.org/datastore/ Bul3-English.pdf.
[52]Goddard S., The Private Military Company: A Legitimate International Entity Within Modern Conflict (thesis), Faculty of the U.S.Army Command and General Staff College, Fort Leavenworth, Kansas,2001, стр.8
[53]Види: “French Covert Actions in Zaire on behalf of Mobutu”, AFP, 2 May 1997 and S. Boyne, “The White Legion: Mercenaries in Zaire”, Jane’s Intelligence Review 9, No 6, June, 1997.
[54]Schreier, F and Caparini, M, Privating Security: Law, Practie and Governabce of PrivatenMilitary and Security Companies, Occasional Paper – No 6, DCAF, Geneva, 2005, стр.25
[55]Brien K., Military Advisory Groups and African Security: Privatized Peacekeeping ?International Peacekeeping, Vol.5 No.3, Autumn 1998, стр 82.

## 3.2. Приватни воени компании

Во 80-тите години на минатиот век, британската премиерка Маргарет Тачер и претседателот на САД, Роналд Реган, започнале со процесот на приватизација на владините услуги. Токму ставот на администрацијата на претседателот Реган била дека значителен дел од државните трошоци треба да се алоцираат во приватниот сектор. Ова одело до таму што секретарот за одбрана на САД, Доналд Рамсвелд, дури рекол дека секоја државна функција што може да се приватизира, треба да се приватизира. Под можна приватизација биле ставени и двата критични сектори врзани со безбедносните функции и собирањето разузнавачки податоци и нивната анализа. Подоцна, по крајот на Студената војна, Џорџ Буш и Бил Клинтон како претседатели на САД ја продолжуваат оваа реформа, при што голем дел од воените и од разузнавачките функции што долго време биле под надлежност на Пентагон, биле на некој начин делегирани на приватната воена индустрија[56], односно на приватните воени компании.

Во основа, терминот „приватна воена компанија“ (ПВК) не постои во ниту едно актуелно меѓународно законодавство или концесија. Приватните воени компании се различни од платеничките групи, што се дефинирани со меѓународен закон како поединци или војски што се најмени да ја урнат владата со сила или да го поткопаат државниот поредок.[57] Една дефиниција за ПВК е во насока дека таа е: „регистрирана цивилна компанија која е специјализирана во обезбедување договори за воена обука (настава и програми за симулација), воени операции за поддршка (логистичка поддршка), работни спсобности (специјални сили, команда и контрола, комуникации, разузнавачки функции) и воена опрема.[58] Поопштата дефиниција на ПВК се однесува на тоа дека овие „компании обезбедуваат услуги како: воена обука, разузнавање, логистика, офанзивни борби и безбедност во конфликтни зони што претходно беа спроведени од страна на националната

[56]Winston P. Nagan and Graig Hammmer, The Rise of Outsourcing in Modern Warfare: Sovereign Power, Private Military Actors and the Constitutive Process, University of Florida LevinCollege of Law,2008, стр.435

[57] Kassebaum D., A Question of Facts – The Legal Use of Private Security Firms in Bosnia, Columbia Journal of Transnational Law 38, 2000, стр.581-592 во Приватна безбедност-теорија и концепт, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015

[58]S. Goddard, The Private Military Company: A Legitimate International Entity Within Modern Conflict (thesis), Faculty of the U.S. Army Command and General Staff College, Fort Leavenworth, Kansas, 2001, стр. 8

воена сила“.[59] Сингер го употребува терминот „приватни воени фирми“ (ПВФ) како „бизнис-провајдери на професионални услуги поврзани со војна“, односно овие ПВФ според него се резултат на долгорочна еволуција на платениците. ПВФ се корпоративни тела што нудат широк спектар на услуги. Тие се специјализирани за обезбедување воени вештини, спроведување тактички борбени операции, стратегиско планирање, разузнавање, оперативна и логистичка поддршка, обука на војници, техничка помош итн.[60]

За разлика од наведените дефиниции, проширената дефиниција за приватните воени компании ги опишува како компании што нудат услуги што претходно припаѓале во доменот на државните воени сили, а опфаќаат воени обуки и тренинзи, логистичко и офанзивно водење вооружени борби, како и нудење безбедносни услуги во конфликтни зони со единствена цел – профит.[61]

И покрај ваквите дефинициски пристапи, сепак не постои консензус за тоа што претставуваат ПВК. Тоа е знак на конфузијата и контроверзноста околу идејата на приватниот сектор како изведувач на воени и безбдносни мисии. Новинарите најчесто ги карактеризираат вработените во ПВК како корпоративни платеници. Сепак, треба да се нагласи дека сите ПВК не се исти, ниту, пак, услугите што ги нудат. Разбирањето на оваа индустрија е сериозно попречена од фактот дека не постои јасна разлика меѓу различните услуги што се нудат и воените функции што ја дефинираат приватната воена индустрија. Бидејќи акциите на ПВК често се контроверзни, некои фирми се обидоа со сета своја моќ да го прикријат опсегот на нивните активности. Други преферираат да се наречат себеси „компании за безбедност“, со цел да привлечат помалку внимание од медиумите, да имаат подобар легимитет или помалку причини за страв од регулација.[62]

Во основа, првата ПВК датира од 1967 година, кога сер Дејвид Стерлинг ја основал „Watch Guard International“, компанија што вработувала поранешни припадници на британскиот SAS, со идеја да тренираат војски во странство.[63] Денес ПВК функционираат на сите

---

[59]Види: Brooks D.” The Busines end of Military Intelligence: Private Military companies”, The Military Intelligence Profesional Bulletin, July-September, 1999, стр.5.

[60] Singer P.W., “The Private Military Industry and Iraq: What have we learned and where to nex?”, DCAF Policy Paper, November,2004, стр.2.

[61] Schreier F and Caparini, M., Privating Security: Law, Practie and Governance of Private Military and Security Companies, Occasional Paper – No6, DCAF, Geneva,2005, стр.26.

[62] P. W. Singer, ‘The Private Military Industry and Iraq”, November 2004, стр.2

[63] Оттогаш ПВК има влијание врз исходот на многубројни конфликти. *Executive Outcomes, Sanline International и MPRI* повеќе се познати по нивната вклученост во војните во Ангола, Сиера Леоне и други.

континенти, освен на Антартикот[64], што значи дека на пазарот постојат многу приватни компании. Некои од најпознатите што дејствуваат во меѓународни рамки се: Blackwatr (САД)[65], DynCorp International LLC (САД)[66], Military Professional Resources Inc. (САД)[67], VINNELL Corporation (САД)[68], Armor Group (Велика Британија)[69], Control Risks Group (Велика Британија)[70], (Велика Британија), Erinys International Ltd (Велика Британија/ Јужна Африка)[71]. Значи, приватните воени компании постојат во многу земји, но сегашниот тренд покажува дека нивниот број се зголемува, особено во конфликтните региони каде што бизнис-компаниите имаат потреба од поголема заштита од онаа што може да им ја обезбеди државата. Генерално, ПВК опфаќаат мали консултантски фирми и големи транснационални корпорации кои нудат логистичка поддршка или закуп на борбени хеликоптери, борбени авиони, компании на командоси или баталјони. Некои од нив се добро познати корпорации како *MPRI* и *Dyn Corp*, а некои се дури и подружници на *Fortune 500* компании, како *Halliburton, Dyn Corp Lockheed Martin* и *Raytheon*. Голем број модерни ПВК се вистински воени претпријатија со униформирани воени редови, доктрина, тренинг програми, единица, дух, кохезија и дисциплина, но во поголем дел приватната воена индустрија е детерминирана од страна на помалите бизниси. Повеќето работат ако „виртуелни компании", коишто не одржуваат постојани сили, туку од базите на податоци повлекуваат стручен кадар и специјализирани производувачи врз основа на договор. Сепак, ПВК се разликуваат од платеничките тимови во тоа што тие се најмени главно од страна на владите и корпорациите, наводно со цел да им обезбедат воени и безбедносни услуги. Од друга страна, недржавните вооружени групи, кои имат цел да го поткопаат уставниот поредок на државите, обично најмуваат платеници. ПВК обично регрутираат поранешни војници од националните вооружени сили на земјата во која се тие засновани. Некои фирми регрутираат од дома, додека други се вистински мултинационални бази од војници од сите страни на светот: „Гурки" од Непал, војници од одбранбените сили на стариот апартхејд во

[64] Singer P. W., " The dogs of Wr Go Corporate", The London News Review, 19 March,2004. Други примери на ПВК, главно во Африка се : *Silver Shadow* и *Levdan* од Израел; *International Defense and Security Ltd.* Од Белгија, *Teleservices и Alpha од Ангола, Compagnie Francaise d' Assistance Specialise* (CORFAS) од Франција.
[65] www.blackwaterusa.com
[66] www.dyn-intl.com
[67] www.mpri.com
[68] www.vinnell.com
[69] www.armorgroup.com
[70] www.crg.com
[71] www. Erinysinternational.com

Јужна Африка[72], поранешни членови на Француската легија на странци, советски, варшавски и чилеански вооружени сили, паравоени сили од Фиџи итн. Други, пак, се регрутирани за различни разузнавачки услуги, SWAT-тимови или организации за борба против дрога. Само неколку фирми регрутираат герилски и бунтовнички групи. Најценетите ПВК се платени од елитните специјални сили во светот: американската единица од воената морнарица, Делта-силите, специјалните сили командоси и ренџери; британската единица од Специјалната воздухопловна служба, руската единица од тимот „Алфа“ и специјалните сили на поранешното КГБ, или од SPETCNAZ на поранешната Црвена армија.[73] Некои ПВК наплаќаат од 500 до 1500 долари на ден за нивните највешти оператори. Договорите се движат од 1 милион долари до 100 милиони долари или повеќе.[74] Бизнис-договорите во оваа индустрија често вклучуваат скриени бакшиши, несакани договори, „спин оф“ приходи и секундарни договори што можат да ги зголемат официјалните суми до четири или пет пати.[75] Меѓу 1994 и 2002 година, американското Министерство за одбрана влезе во повеќе од 3200 договори во вредност од повеќе од 300 милијарди долари со 35 ПВК со седиште во САД.[76] Истовремено со војната во Ирак, растот на договори и резултатите за изведувачите се извонредни. Во 2003 година договорите на Halliburton со Пентагон се зголемиле од 900.000.000 долари на 3.900.000.000 долари, што е скок од речиси 700 проценти.[77]

## 3.3. Приватни безбедносни компании

Иако поимот „приватни безбедносни компании“ е во употреба во голем број земји, сепак се водат значајни расправи околу неговото точно значење. Приватните безбедносни компании ги имаат истите одлики и командни структури како и приватните воени компании, а главната разлика е во услугите кои ги нудат. Приватните безбедносни компании (ПБК) главно се насочени кон спречување на криминалот и обезбедување на

[72] Breytenbach J., They Live By The Sword, Alberton, Lemur Books ( Pty) Ltd., 1990.
[73] Singer, Corporate Warriors, 2003, стр.37
[74] AdamsT.K., “ The New Mercenaries”, стр. 115
[75]Singer P. W., “ The dogs of Wr Go Corporate”, The London News Review, 19 March,2004
[76] Khan M, “ Business on the Battlefild: he Role of Private Military Companies”, Corporate Research Project, No30, December 2002. Available at www.corp-research.org/dec02.htm
[77] Sudborough G., “Fascist Mercenaries Come to Iraq” , Makka Time, 23 June, 2004.

јавниот ред и мир, а нудат и услуги за обезбедување затвори, аеродроми, инфраструктурни објекти и приватни лица. Во голем број дадени дефиниции може да се сретнат некои дефинициски пристапи кои ПБК ги дефинираат како регистрирани цивилни компании[78] што се специјализирани во нудење договорни услуги од комерцијална природа на домашни и на странски клиенти, со цел заштита на луѓето и на индустриските комплекси во рамките на донесените закони во државата во која таквите дејности се остваруваат. Поопширната дефиниција ги дефинира ПБК како јасно структуирана и хиерахиски точно определена регистрирана корпоративна асоцијација, која нуди услуги од безбедносна природа, со натпреварувачки дух со други компании. Пазарот на ПБК, како и конкуренцијата, се далеку поголеми и поостри за разлика од случајот со ПВК. Основните карактеристики со кои се одликуваат ПБК е профитот и нудењето услуги на внатрешна безбедност и заштита. Повеќето од овие компании се мали и се фокусирани на превенција на криминалот и обезбедување на јавниот ред и мир, како и нудење услуги во доменот на приватното обезбедување на внатрешниот пазар за кој се регистрирани. Мал број ПБК се организирани според системот на големите компании и ги делат истите корпоративни принципи и команди како и ПВК. Затоа, ПБК, кои спаѓаат во оваа група, во основа имаат странски клиенти и се ангажирани во повеќе странски држави, особено во држави во кризни региони.[79]

ПБК имаат соодветни цели и задачи, тргнувајќи од обезбедување секојдневна храна и снабдување за домаќинството, па сѐ до стратегиски цели во надворешната политика (владини услуги) . Тие нудат и тренинг за генерали и за специјални сили, подготвуваат разузнавачки системи, планирање и логистичка поддршка, закупуваат воена опрема за користење во борба, оперирање со оружје на воени полиња, и во крајна линија создаваат обучени и вооружени војници. Исто така, ПБК се организации управувани за профит, коишто тргуваат со професионални услуги поврзани со домашната безбедност и заштита. Во голем број држави како САД, Велика Британија, Израел, Германија, Русија, Јужна Африка и Филипините, бројот на домашни ПБК и висината на нивните буџети го надминува бројот на јавните безбедносни институции за спроведување на законот. Само мал број од

[78] Goddart, S, The Private Military Company: A Legitiate International Entiy Within Modern Conflict, Thesis presented to the Faculty of the U.S. Army Command and General Staff College, Fort Leavenworth, Kansas, 2001, стр. 36

[79] Litavski J, Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku, 2012, стр.4

ПБК се организирани во поголеми компании како и ПВК, освен оние во потрага по странски договори. Тие се вклучени во многу конфликти[80], на сите клучни стратегиски и инфрастуктурни точки. Моќта на овие компании што нудат безбедносни услуги е толку голема што маже да се наречат суперсила. За илустрација, САД, по завршување на Студената војна, во секоја мировна операција користат сѐ повеќе услуги од приватни корпорации и во 2010 година, според официјалните статистики на Владата на САД, приватните сили биле побројни од државните војници присутни во Авганистан и во Ирак во тој период.[81]

Во литературата може да се сретне класификација на приватните безбедносни компании што дејствуваат на внатрешниот пазар врз основа на некои карактеристики:

- Секторот за обезбедување е најобемна и највидлива компонента. Регионите со висока стапка на криминал имаат најголем број компании што се занимаваат со овој вид услуги. Овој сектор вработува аеродромски патроли, обезбедување згради, спортски центри, магацини, паркинзи и обезбедување други објекти и дејности на кои им е потребно обезбедување;
- Секторот за техничко обезбедување, информатичка заштита и набљудување вклучува инсталирање на алармни системи, пристапни уреди, уреди за заштита и биометриски сензори. Во услугите често се вклучени и интервенции во случај на провали и кражби, а услугите на набљудување во основа се изведуваат со мониторинг сензори и опрема за снимање и надгледување;
- Секторот за истрага и анализа вклучува приватни истражувачи, чија основна дејност опфаќа широка палета активности од високоризични до нискоризични[82].

Денес побарувачката на услуги од ПБК се зголемува како резултт на економските, на демографските и на политичките промени. Во исто време, државните и јавните власти имаат намален удел на директна одговорност во обезбедување на јавна безбедност. ПБК се одговорни за обезбедување на јавна безбедност и заштита на јавната и приватната сопственост на голем број локации, вклучувајќи ризични области како нуклеарни централи,

[80] Етиопија, Еритреја, Ангола, Сиера Леоне, Хрватска итн.
[81] Tracol Clement, Private Military Comopanies in the Contemorary Security Context, Aricle, e- International Relations, December, 2012
[82] Schreier, F I Caparini, M, Private Security: Law, Practie and Governance of Private Military and Security Companies, Occasional Peper- No6, DCAF,2005, стр.41

банки, амбасади и аеродроми. Тие, и.т. работат во затворите, спроведуваат прописи за паркирање, во судовите и во придружба на транспорт со висок ризик како течен гас, хемикалии и нуклеарен отпад. Побарувачката на приватни работници за обезбедување драстично се зголеми по нападите на 11 септември 2001 година, така што приватните безбедносни услуги се зголемија за околу 10% во САД, што е дури 50% од услугите во Европа.[83]

### 3.3.1. Пет најмоќни приватни компании за обезбедување

Приватните компании за обезбедување и услугите што ги нудат станаа дел од нашето секојдневие, почнувајќи од камерите на влезовите што се поставени во влезовите на зградите, банките, шопинг центрите, болниците или во училиштата, преку блиндирани возила што секој ден ги гледаме на улиците како вршат транспорт на пари и на останати вредни работи, сè до вработени кои работат обезбедување, стојат на влезовите или патролираат по објекти. Некои од тие компании се присутни на пазарот и повеќе од еден век, имаат привилигирани договори со владите на одередени земји, а некои од нив, пак, се вклучени и во контроверзни работи. Овде се претставени 5 приватни компании за обезбедување, коишто се извоени според приходот од продажбата на услуги на глобално ниво.[84]

***1. G4S***

Компанијата „G4S“ се опишува себеси како водечка светска компанија за обезбедување, но и како водечка „outsourcing“ групација, бидејќи на глобално ниво вработува повеќе од 585.000 службеници за обезбедување на 6 континенти, што ја прави трета по ред приватна компанија со најголем број на вработени во светот. Компанијата е специјализирана за „outsourcing“ работни процеси каде што се загрозува безбедноста, а безбедносните ризици се сметаат за стратешка закана. Овој британски мултинационален гигант во секторот за приватна безбедност е основан 2004 година кога компанијата „Securicor“ со седиште во Лондон се се споила со данската групација „4 Falck“.

---

[83] Види: C.J.Van Bergen Thirion, “The Privatization of Security: A Blessing or a Menace?” Pretoria, South African Defence College, 1998, стр.34-56

[84] https://www.securitysee.com/2018/01. Портал: Securitysee. Автор: Владимир Тошиќ. Сајтот е посетен на 17.5. 2021 година

Оваа компанија, на глобално ниво, според последните достапни информации, остварила приход поголем од 9 милијарди евра во 2016 година, нудејќи широк спектар на услуги од областа на безбедноста како што се „outsourcing“ физичко обезбедување, превоз на затвореници, придружба, спроведување и превоз на пари и на драгоцени предмети, обезбедување на објекти од критична инфраструктура, вклучувајќи владини институции и објекти во приватна сопственост како што се аеродроми и пристаништа, нафтени полиња и платформи, рудници, туристички центри, енергетски постројки, трговски ланци, финансиски институции и така натаму.

***2. SECURITAS***

Компанијата „Securitas“ е основана во Шведска во сега веќе далечната 1934 година (основач на компанијата е Ерик Филип Соренсен, а првобитниот назив на фирмата бил Halsingborgs Nattvakt). „ Securitas“ е глобална компанија за обезбедување која според податоците од 2016 година вработува повеќе од 335.000 работници во 34 држави. Во 2016 година остварила приход од речиси 9 милијарди евра од продажба на услуги како што се статично физичко обезбедување и мобилна патрола, истраги, системи за аларм, превенција од загуби, безбедносен консалтинг и корпоративна безбедност.

Оваа корпорација своето работење го организира преку 4 главни одделенија, и тоа: „Security Services“ во Европа, „Security Services“ во Јужна Америка, „Security Services“ во Северна Америка и „ AMEA“ на просторот на Африка, Блискиот Исток и Азија.

***3. ALLIED UNIVERSAL***

„Allied Universal“ ( првично „Allied Security“) е компанија за обезбедување којашто е основана 1957 гофина во Питсбург во Пенсилванија. Компанијата брои 150.000 вработени коишто се одговорни за заштита на повеќе од 20.000 клиенти, нудејќи широк спектар на услуги од физичко-техничко обезбедување и „HighTech“ обезбедување во вид на роботи. Своите услуги ги нудат на сите сектори, особено на високошколски установи, секторот на здравствена заштита и корпоративни кампуси. Во 2016 година компанијата остварила приход од 4,5 милијарди евра.

***4. ADT CORPORATION***

„ADT CORPORATION“ ( American Distict Telegraph ) е компанија којашто е основана пред повеќе од 140 години, поточно на 5 април 1874 година. Сè започнало кога нејзиниот основач, Едвард Калахан, креирал уред на база на телеграф „call-box“ за да сигнализира

повик за помош до централната канцеларија. Набргу на целиот систем приклучил уште 50 домови од соседството, создавајќи на тој начин мониторинг центар од каде што се следела безбедноста на клиентите.

Денес ADT е водечка светска компанија за давање услуги за техничко обезбедување. Седиштето на компанијата е на Флорида (Бока Рантон). Компанијата работи со 35 земји ширум светот, има над 180.000 вработени и нивните услуги ги користат над 8 милиони корисници. Годишниот промет на компанијата е 4 милијарди евра. На клиентите им нудат услуги, главно од 4 категории, и тоа: безбедност во домот, концепт на „паметна куќа“ и автоматизација, безбедност при работа и видеонадзор.

***5. DYNCORP INTERNATIONAL***

Компанијата е основана 1946 година. Седиштето на компанијата е во Меклејн, Вирџинија. Оваа компанија е една од специјално избраните приватни компании за обезбедување којашто ја пратил американскиот Конгрес да им укаже поддршка на американските трупи во Ирак. „DynCorp“ има над 10.000 вработени, а нејзиниот годишен приход изнесува над 3 милијарди евра, од кои 95% од сумата се остварени благодарение на договорите со Владата на САД. Услугите што ги нуди „DynCorp“ вклучуваат безбедност, поддршка во воздухопловството, но разузнавачка и информативна дејност.

Покрај тоа што оваа компанија беше ангажирана во Ирак, „DynCorp“ им давал поддршка и на американските сили во следниве земји: Перу, Колумбија, Сомалија, Косово, Кувајт, Боливија, Ангола и Хаити. Оваа компанија, исто така, била повикана да им помогне и на локалните жители во Луизијана и во околните региони после ураганот „Катрина“.

## 3.3.2. Приватни воени компании VS приватни безбедносни компании

Почетоците на приватните воени компании се поврзани со полковникот Дејвид Стирлинг, кој во 1967 година ја основа *WatchGuard International*[85]. Поинтензивен развој на приватните воени компании започнува во последната декада на 20 век, со понудата на широк спектар нивни услуги во конфликтни ситуации, вклучувајќи вооружена борба и

[85] Во компанијата е вработен поранешен персонал од британската специјална воздухопловна служба – British Special Air Service (SAS) и истата е специјализирана за обука на вооружени сили во странство.

оперативна поддршка, воени совети и обука, набавка на оружје, собирање на разузнавачки информации, спасување заложници и активно учество во постконфликтна реконструкција. Како резултат на тоа, во посочениот период се зголемува бројот на активни воени компании. Всушност, како најактивни се истакнуваат: од САД – *Military Prifessional Resources Inc. (MPRI), DynCorp, BDM Corporation* и Vinnel; од Велика Британија – Defence Systems Ltd (DSL) и Sandline International; потоа *EXECUTIVE Outcomes* од Јужна Африка; *Silver Shadow* и *Levdan* од Израел; од Франција – *Compagnie Fracaise d' Assistance Specialisee (COFRAS); Defence and Security Ltd (IDAS)* од Белгија и *Teleservices* и *Alpha 5* од Ангола[86].

Секоја од посочените компании е специјализирана за одредени видови услуги и операции. Сепак, начелно, сите приватни воени компании можат да се поделат на две главни категории: оние кои реализираат борбени улоги и кои реализираат неборбени улоги.

Наспроти приватните воени компании, приватните безбедносни компании имаат подолга историја и поголем ангажман. Тоа е од причина што најголемиот дел од капацитетите на овие компании се користат за превенција на криминалот и за заштита на бизнисите и на имотите, пред сè во неконфликтни ситуации. Всушност, разликата помеѓу нив и приватните безбедносни компании главно произлегува од фактот дека тие вообичаено не се вооружени и нивниот фокус на интерес е заштита на сопственоста и на персоналот, со што немаат воено влијание врз текот на конфликтот во конкретна ситуација. Сепак, во последните две декади е присутен тренд на зголемен ангажман на овие компании во конфликтните региони како резултат на намалената или ограничена способност на државата за обезбедување на посакуваното ниво на безбедност. Притоа, покрај ангажманот на националните и локалните приватни безбедносни омпании, ваквите ситуации отворија можност и за активен ангажман на меѓународните компании како резултат на тоа што се проширија нивните операции во глобални рамки. Пример за тоа претставува ангажманот на *Gurkha Security Guards*[87] во 1980 година од страна на британската компанија *Lonhro* за заштита на нејзините бизнис интереси во Мозамбик. Всушност, токму со ангажманот на *Gurkha Security Guards* во Мозамбик започнува зголемување на бројот на приватни безбедносни компании ангажирани во конфликтни региони. Во редот на најпознати вакви

[86] Lilly, D. (200): The privatization of security and peacebuilding: a framework for action, International Alert, London, p.10
[87] Подетални информации за оваа компанија се достапни на: http://gurkha-securityservices.co.uk/

компании влегуваат: *Defence Systems Ltd* (DSL), *Lifeguard, Group 4* и *Securicor* од Велика Британија; *DynCorp* и *Kroll Associates* од САД и *Gray Security* и *Coin Security* од Јужна Африка.

**Класификација на приватните воени и безбедносни компании според Фред Шрајер и Марина Капарини**[88]

| Приватни воени компании | Приватни безбедносни компании |
|---|---|
| Приватни воени компании кои нудат услуги за директна воена интервенција | Приватни фирми кои даваат услуги за физичка заштита и за обезбедубање на лица и објекти |
| Приватни воени компании кои даваат услуги за консалтинг | Приватни фирми кои даваат услуги за консалтинг |
| Приватни воени компании кои даваат услуги за поддршка во позадина и логистика | Приватни фирми кои се занимаваат со техничка заштита и видеонадзор |

Наспроти посоченото, практичниот ангажман покажува дека не може да стане збор за постоење на јасна дистинкција помеѓу приватните воени и безбедносни актери т.е. комапнии, особено по ангажманот на приватните безбедносни компании во конфликтни и кризни региони. Како резултат на тоа се развива двојна природа на услугите на една иста компанија т.е. истата, според услугите, може да се идентификува и како приватна воена, но истовремено и безбедносна компанија. Табелата во прилог најдобро ја илустрира ваквата ситуација.[89]

[88] Schreirer  Fred and Caparini Marina (2005), Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies, Geneva, March

[89] DSL има двојна улога во Колумбија: заштита на британските нафтени инсталации и обука на владините сили за борба против бунтовничките сили.

Активности, услуги и главни корисници на приватните воени и безбедносни компании

| Активности и услуги | Компании | Главни корисници на услуги |
|---|---|---|
| Борбена и оперативна поддршка | Executive Outcomes; Sandline International; IDAS; Gurkha Security Guards | Национални влади |
| Воени совети и тренинг | DSL; MPRI; Silver Shadow; Levdan; Vinnel; BDM | Национални влади |
| Набавка на оружје | Executive Otcames; Sandline International; Levdan | Национални влади |
| Собирање разузнавачки информации | CONTROL Risk Group; Kroll; Saladin; DynCorp | Национални влади; Мултинационални компании |
| Безбедносна заштита и превенција на криминал | DSL; Lifeguard; Group 4; Control Risk Group; Gurkha Security Guards; Gray Security;<br>Coin Security | Мултинационални компании;<br>Хуманитарни агенции |
| Логистичка поддршка | Brown and Root; DynCorp; Pacific Architects and Engineeers ( PAE ) | Организации за чување на мирот;<br>Хуманитарни агенции |

Извор: Kevin O’Brien: ‘Non-Governmental Security Forces, Mercenaries, Private Military Companies, Private Intelligence SERVICES and Western Governments’,
International Centre for Security Analysis, January 1999.

Питер Сингер, авторот на една од најпознатите книги што ги проучува аспектите на приватизација на безбедносниот сектор „Corporate Warriors“, дури не прави разлика помеѓу приватните воени и безбедносни компании, односно тој го користи терминот „приватни

воени фирми“ (private military firms), во кој се содрѓани и двата облика, а се дефинираат како компании кои работат на комерцијална основа со директно давање воени и безбедносни услуги за профит.[90] Во достапната странска литература што се занимава со проучување на овој феномен за наведените фирми се користат различни термини: Private Military Companies, Private Military and Security Companies, Private Security Providers, Private Mmilitary Firms и Private Contactors. Ангажманот на ваквите фирми, односно компании, е видлив во широкиот спектар на задачи што се поврзани со војската, реконструкциските работи, развојот на воената и невоената технологија, како и нивната примена во националните значајни системи.[91]

## 4. Разлики меѓу приватните воени и безбедносни компании и платениците

Во литературата, често како синоними за приватни воени компании се користат термини како што се „компании на платеници“ и „приватно обезбедување“. До пред извесен период платеник беше стандардниот израз за актерите во конфликтот кои вообичаено беа мотивирани само од лична корист. Во основа, платениците се личности-авантуристи кои немаат поширока поддршка, но се инспирирани од барање возбуда и пари во проблематичните места. Тоа се лица кои работат надвор од државниот систем и се појавуваат таму каде што има распаѓање на внатрешниот ред, а се појавуваат таму како инстант воена сила со „сомнителна“ стручност. Сензационалистички, сликата за овие платеници е дека тие се смели, опасни и дестабилизирачки елемент. Без разлика дали се работи за самостоен платеник или за група на платеници кои се подготвени да нападнат како приватна армија, дури и кога се организирани во легално партнерство како група, не можат да постигнат сѐ и да се претставаат како компанија. Питер Сингер открил повеќе видови на платеници: странци, независни или организирани и структуирани сили,

[90] Shulz Sbrina and Yeung Christina: Private Military and Security Companies and Gender, DCAF, Geneva, 2005, pp.1-3.
[91] Микац Р. „ Феноменот на приватните воени организации како неизбежни компонента на судирите во 21 век во списанието Современа македонска одбрана, број 19, април, 2010, стр.71

мотивирани од парите а не од политички причини, регрутирани да ги избегнат легалните забрани, фокусирани на борба.[92]

За разлика од платениците, приватните воени компании не се поразлични од која било друга бизнис компанија, така што од легален аспект тие имаат иста структура, права, должности и обврски. Тоа што ги одделува приватните воени компании од другите бизнис компании е природата на услугите што им ги даваат на клиентите, освен обезбедување на безбедност, може да вклучува и убиства за одредена цена. Моќта на приватните воени компании доаѓа од способноста на компанијата да обезбеди значајна сума на капитал. Големината на пазарот и сè поголемио капитал, ги прави помоќни учесници во политиката, во бизнисот и во остварување на безбедноста. Приватните воени комопании станаа позначаен воен потенцијал и од државните безбедносни актери. На пример, приватните воени компании на подрачјето на Ирак станаа едни од водечките светски војски.

Сингер забележува дека идните разлики помеѓу приватните воени компании и платениците се следните: структура на компанијата, бизнис профит пред индивидуален профит, јавен легален ентитет, сеопфатни и разновидни клиенти, финансиски пазар.[93]

Ангажирањето на платеници е забрането со меѓународното право, бидејќи не е можно да се дојде до прифатлива правна дефиниција за тоа што, всушност, се подразбира под терминот платеник. Во однос на приватните воени и безбедносни компании, платениците се „ad hoc" групи на индивидуални војници, регрутирани на посреден и непосреден начин, со цел да се избегне правна одговорност. Бидејќи не припаѓаат ниту на една организација, им недостасува професионализам и дисциплина, па од таа причина не се никаде интегрирани, немаат никаква доктрина и можностите им се ограничени на тој начин. Во суштина, тие не се во можност да понудат нешто друго освен директна борба на ниво на мали единици и ограничен воен тренинг. Општо земено, платениците немаат вештини, капитал, воспоставени методи и можности да спроведат комплексни мултисекторски операции како што тоа се во состојба да го направат приватните воени компании.

---

[92] Singer P., Corporate Warriors, p-43 во Legal Control of the Private Military Corporation, NE[ York, 2009

[93] Singer P., Corporate Warriors, p-47 во Legal Control of the Private Military Corporation, NewYork, 2009

Јан Литавски, истражувач од Центарот за евроатлантски студии, разликите помеѓу платениците и приватните воени и безбедносни компании ги претставил преку една табела во која мошне прегледно се забелеуваат овие разлики[94]

| **Приватни воени и безбедносни компании** | **Платеници** |
|---|---|
| Имаат постојана организациска структура од корпоративен карактер, хиерархиска поставеност, со јасна структура | Претставуваат привремени ad hoc групи од индивидуални војници |
| Претставуваат регистрирани легални компании | Не с елегални, а во поголем број случаи се забранети и со закон |
| Компаниите се маркетиншки ориентирани, односно, тежнеат кон што поголемо промовирање и рекламирање на своите услуги | Делуваат во тајност и го прикриваат своето постоење |
| Начинот на финансирање е ист како и кај останатите стопански субјекти | Наплатата на услугите не е регулирана, главно се врши лично и во готовина |
| Имаат голем спектар на услуги што им ги нудат на различни клиенти. Имаат договор со владите на различни држави, како и со меѓународни организации и недржавни актери | Имаат само мал број на клиенти и услуги, што се сведува на борбени дејства. Начесто нивните услуги ги најмуваат бунтовнички и терористички организации |
| Имаат таква организациска структура што овозможува извршување на повеќе работи одеднаш, со дисциплиниран кадар и на мошне ефикасен начин | Се ангажираат само за извршување на една работа, не гарантираат ефикасност, а дисциплината не е на соодветното ниво |

[94] Jan Litavski, Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku, Tromesecnik Centra za evroatlantske studije, novembar, 2012

## 5. Позитивни и негативни страни од ангажирањето на приватните безбедносни актери

Денес постојат сериозни дебати „за“ и „против“ функционирањето на приватните безбедносни актери, но сите се едногласни дека станува збор за актери што не се случајна или краткотрајна појава во контекст на меѓународната безбедност. Актерите на глобалното цивилно општество, особено групите за заштита на човековите права, се силни критичари на приватните безбедносни актери, на кои гледаат само како на модерна форма на класични платеници, додека поддржувачите сметаат дека нивните корисни функции ги надминуваат слабостите кои, пак, можат да се отстранат со соодветна национална и меѓународна регулатива и механизми за контрола и отчетност.

Како негативни страни на употребата на приватните компании за безбедност се наведуваат следните:

- тие даваат само краткотрајна стабилност во конфликтните зони, но не даваат решенија во однос на политичките, економските и социјалните причини за насилството;
- тие не можат да бидат соодветна замена за воспоставување безбедносни структури под контрола на демократските институции во постконфликтните општества;
- потпирањето на услугите на овие компании ја намалува контролата на државата врз процесот на имплементирање на нејзините политички одлуки, кои конечно моѓат да добијат и воен исход;
- приватизацијата на безбедноста доведува до деполитизација на употребата на сила. Потпирањето на ПВК и на ПБК влијае врз капацитетот на државата да одлучува кој е овластен да примени сила и каков вид сила;
- за ангажирањето на ПВК често пати пресудно влијание имаат пазарот на воена сила и финансиската моќ на оние што можат да ги ангажираат ПВК. На компаниите не им е потребна политичка одлука за да се вклучат во некоја операција;
- понекогаш и на официјалните власти им е полесно да ангажираат ваква компанија отколку преку политичките процедури да бараат ангажирање на националните вооружени сили;
- лојалноста на ПВК е поврзана со тоа кој ја плаќа подобро, па може да ја смени страната во текот на конфликтот или едноставно да се повлече кога ситуацијата ќе стане непријатна;

- во својот маркетиншки настап и одржување на висока репутација, ПВК настојуваат своите операции да ги претстават како успешни. Во суштина, нивните операции се нетранспарентни и не постојат кредибилни оцени за квалитетот на извршените мисии. Ова е така, особено затоа што тие не се подложни на мониторинг на теренот;
- употребата на ПВК ја релативизира отчетноста и одговорноста за употребената сила или за индиректното инволвирање во конфликтната динамика. Досега важеше принципот дека државите се носители на одговорноста за актите на насилство сторени од нивните државјани надвор од сопствените граници. Сега, во ерата на приватизација, државата се ослободува од одговорноста за насилството или за злосторствата сторени од нивните државјани ангажирани во ПВК. Ова се нарекува „политика на веројатно одржување" на одговорноста од државите;
- обезбедувајќи поголем заштитен капцитет за едната страна, ангажирањето на ПВК може да создаде безбедносна дилема (безбедносен парадокс) т.е. чувство на страв и несигурност кај другата страна. На тој начин спиралата на стравот и трката во вооружување може да ја засили динамиката на конфликтот. На тој начин конфликтите се влошуваат, а профитот за ПВК расте;
- во случаи кога ПВК склуува договор за ангажирање во замена право на експлоатација природните ресурси на зејата домаќин, доаѓа до прелевање на активностите на оваа индустрија во други сектори. Всушност, ако секторите за експлоатација се руди, дијаманти или нафта, во голема мера се заслужни за ширењето на бизнисот на ПВК. Сега доаќа и до обратна ситуација, кога ПВК самите навлегуваат во ваквите сектори. Ова создава мочни групации во кои се споени економските, политичките и приватните воени елити. Така, за разлика од традиционалната закана за демократијата во вид на воеоиндустриски комплекс, денес воената димензија ја застапуваат главно ПВК.[95]

Во основа, покрај негативните страни од ангажирањето на приватните безбедносни актери, евидентни се и одредени позитивни аспекти. Како позитивни страни за употреба на приватните компании се наведуваат:
- тие располагаат со потребната флексибилност и способност да соберат доволен број сили, во зависност од ситуацијата. Тие не мора да чекаат на долгите и бавни бирократски

[95] Ванковска Б., Меѓународна безбедност: критички пристап, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.94-105

процедури за да стапат во акција. Нивната мобилност е голема, а по завршувањето на задачите, демобилизацијата оди бргу и без потреба од реинтеграција во цивилниот живот;

- тие се високоспецијализирани затоа што во процесот на регрутацијана своите вработени можат да вршат селекција од луѓе со големо искуство (пензионирани офицери) или специфични експерти;

- регрутацијата е меѓународна по својот карактер т.е. се врши на огромна популација која нуди своја безбедносна експертиза;

Политичката цена што се плаќа за учество во некоја мисија е многу ниска за оние што користат вакви компании. Ова е особено важно за мисии (како во Ирак и во Авганистан), што ќе траат со години, што инаку би создало негодување кај домашната јавност;

- овие компании го забрзуваат реструктуирањето и трансформирањето на безбедносниот сектор во постконфликтни општества.[96]

[96] Debora Avant, The Privatization of Security: Lesson from Iraq, ORBIS, Spring 2006, преземено од Меѓународна безбедност: критички пристап, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 95-105

# ГЛАВА 4. ПРИВАТНИТЕ ВОЕНИ И БЕЗБЕДНОСНИ ОРГАНИЗАЦИИ И НИВНАТА УЛОГА ВО 21 ВЕК

## 1. Улогата на приватните воени и безбедносни компании

Улогата и влијанието на приватните воени и безбедносни компании во 21 век е огромна. Тие се новиот феномен во безбедноста на 21 век. Тие имаат глобален карактер и голема моќ. Тие успеваат да регрутиираат луѓе од сите меридијани. Некои компании се рекламираат со тоа што нивните вработени служеле ширум Африка, во Источен Тимор или на Блискиот Исток. Вообичаено, компаниите одржуваат ограничен број на активно вработени, во согласност со потребите, но располагаат со голема листа на соодветни лица од која, по потреба, активираат одреден број. Нивната улога и важност се должи на следните фактори:

- Нивното постоење е директно зависно од законите на пазарната економија, односно од понудата и побарувачката. Растечкиот бум покажува дека тие имаат иднина, а со тоа и растечко влијание врз меѓународната безбедност.
- Приватната безбедносна индустрија располага со огромни буџети, односно преку неа цуркулира огромен капитал.
- Компаниите најчесто имаат транснационален профил, што создава нејаснотија пред кого одговараат и кој води контрола над нивното работење.
- Силниот корпорациски идентитет на компаниите се базира на тајност, професионалност и дискреција спрема клиентите. Тие располагаат со десетици илјади воени професионалци, со силни оддели за односи со јавноста, имаат седишта и капитал во т.н. земји кои се „даночен рај“ итн. Оттука, некои автори ги именуваат како корпорациски империи.
- Битката за профит ја условува флексибилноста во однос на мисиите и услугите што ги нудат. Пазарните околности ги наведуваат постојано да нудат нови услуги што ќе бидат побарувани, а не нужно и завршувани.[97]

[97] Ванковска Б., Меѓународна безбедност: критички пристап, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр.100-105

Генерално, приватните безбедносни и воени компании се мултидисциплинарни и најчесто меѓународни компании со широк спектар на дејствување кои, покрај својата примарна работа, се одлучуваат да нудат и услуги во безбедноста и во воениот сектор, со цел да го прошират своето работење. Ваквите компании ги класифицираме како корпорациски организации што го помагаат безбедносниот сектор.

Многу вакви компании во литературата се квалификувале како приватни безбедносни и воени компании, но тие во целост не се приватни воени организации, туку поседуваат одредени способности и ги нудат своите услуги само како дел од својот широк спектар на сопствени можности.

Универзитетот во Денвер ја има следната експликација за приватните воени и безбедносни компании: во најопшта смисла, улогата на овие компании е да менаџираат со насилство – на земјата или на море. Вообичаено, овие субјекти вклучуваат лично обезбедување, воена обука, безбедносни советувања, техничка поддршка за операцијата и одржување и одржување воена опрема, набавка, посредување за воена опрема, овозможување експлозивно вооружување, логистичка поддршка за воени операции и бази, како и собирање разузнавачки материјал и анализа.[98] Фокусот на приватните воени и безбедносни компании кои се финансирани или испорачани од страна на тело, не од владата, е насочен на компаниите што ги наудат овие услуги и на државите, како и на компаниите и на невладините организации што ги финансираат. Компаниите што испорачуваат дел од овие услуги често се нарекувани приватни воени и безбедносни компании.[99]

Користењето услуги од приватните безбедносни и воени компании за заштита на граѓаните и добрата е глобален феномен и ја менува формата на спроведување на безбедноста во општеството во светот.[100]

## 2. Класификација на приватните воени организации

Приватните воени организации дејствуваат во малите советодавни фирми и во големите транснационални корпорации кои обезбедуваат логистичка поддршка, потоа

[98] http://psm.du.edu
[99] http://www.learningace.com/textbooks/12273-introduction-to-private-security-theory-meets-practice

[100] https://www.gov.uk/government/speeches/fco-ministers-speech-to-security-in-complex-environment-group

изнајмуваат борбени хеликоптери, обезбедубаат сили за борбени дејства и ги даваат сите видови услуги при помагање на борбените операции. Бидејќи не постојат приватни воени организации кои генерално се специјализирани само за одредени задачи, туку спектарот на услугите кои ги нудат се испреплетени, во зависност од побарувањето на пазарот и способноста на ПВК да се приспособат на пазарните потреби, можеме да ги анализираме според активностите на дејствување, а тоа се: директна соработка, обука, логистичка поддршка и услужни работи, советодавни услуги, стратегиски и административни експертизи и разузнавачки активности.

Постојат фирми кои се тесно специјализирани за давање услуги од воен тип (Blackwater, Executive Outcomes, Sandline, Kroll, Triple Canopy, Control Risks, ArmorGroup, Aegis). За овие фирми и за нивната ангажираност се води најмногу полемика во сите расправи кои вклучуваат ангажман на ПВК во воени работи. Причина е тоа што ваквите фирми обезбедуваат тактички воени можности во подрачјата на војување. Офанзивните работи со кои ПВО се занимаваат во овој сегмент се: обезбедување на ВИП личности, секојдневна заштита на високопозиционирани лица, обезбедување на доставни конвои и дистрибуција на хуманитарна помош, соработка со владини сили за спречување на трговијата со наркотиции, уништување на посевите со мак (Авганистан) и со кокаин (Колумбија). Дефанзивните задачи во критичните жаришта се обезбедување на важни институции, воени инсталации, заштита на критична инфраструктура, одржување на значајни системи, како и помош на борбените операции.

*Обуката* е значајна активност на приватните воени организации (Blackwater, DynCorp, MPRI, Executive Outcomes, DFI International, Logicon, Vinnell), затоа што со реконструирање на воениот состав дошло до губење на одредени воени полигони и способности, па обуката на војниците недостасувала. Приватното претприемаштво за краток период  успешно реагирало на настанатата ситуација на трансформација и реконструкција на вооружените сили, и тоа ги поттикнало да развијат врвни воени полигони и концепт за обука и тренинг на војската и полицијата.[101] Покрај тоа, ПВО нудат и обука и

---

[101] Blackwater е еден од најактуелните примери за обука на американските сили која ја спроведуваат приватните воени организации на чии пологони во Северна Каролина се спроведува обука на припадниците на Морнаричката пешадија на САД за противтерористичка борба во одредени делови на светот. Пресуден момент кој довел до подигнување на една од најмоќните приватни воени организации на светот, Blackwater, е нападот на американскиот воен брод „USS Cole“ во Јемен во 2000 година  од страна на терористите. Со воените анализи кои следеле после нападот, покрај другото, е утврдено дека маринците на бродот пред да

тренинг на многу вооружени сили на одредени заинтересирани држави[102] кои учествуваат во сегментот на безбедносниот сектор во Авганистан и во Ирак.[103]

*Логистичка поддршка и услужни дејства* се активности со кои се занимаваат најголем број од приватните воени организации (Halliburton, KBR, SAIC) и претставуваат подрачје кое носи најмногу приходи. Логистички услуги и услужни работи се градење на кампови и нивно одржување, приготвување на храна, прочистување на вода, доставување на хуманитарна помош, производи и гориво, одржување и управување со информатички, борбени и комуникациски системи. Покрај наведедените активности, ПВО се занимаваат и со одржување на софистицирани системи на вооружување на воени авиони како што се „Б-2“ бомбардери, Ф-117 невидлив ловец, „Апачи“ хеликоптери, КЦ-10 авиони за полнење на гориво „воздух-воздух“, „У-2“ извиднички авиони и беспилотни извидувачки авиони „Global Hawk“. ПВО денес обезбедуваат помош при секој ангажман на трупите на САД (Schreier и Caparini, 2005). Покрај вооружените сили сили на САД, и ООН сѐ повеќе своите активности ги извршува со помош на ПВО. Организацијата на ОН нема сопствени сили и во потполност зависи од доделените капацитети од своите членки и често од практични причини за остварување на своите цели прима услуги и соработува со корпоративните организации и со ПВО.[104]

*Советодавните услуги, стратегиски и административни експертизи* се едни од најсилните подрачја на активности на ПВО (MPRI, DynCorp, Vinnell). Работењето во ова подрачје помага за развој на доктрини и стратегиски документи, анализа и стручна обработка на областите кои се од национален интерес, како и во давањето на одредени препораки. На меѓународен план се ангажираат со посредство на своите највисоки тела (Стејт департментот и Пентагон) во многу држави преку еден широк спектар на задачи. Дополнително подрачје на дејствување се реформите на безбедносниот сектор во земјите

---

бидат упатени на мисија немале противтерористичка обука и обука за ракување на оружјето кое го користат. Набрзо после тоа Blackwater ја добил првата работа во спроведување на безбедноста на припадниците на војската на САД.

[102] Приватните воени организации се лиценцирани од страна на Стејт департментот и склучуваат договори за обука на војници и за реорганизација на воените системи со владите на Нигерија, Бугарија, Тајван и Екваторијална Гвинеја. Ист е примерот и со MPRI, кој имал голема улога во Хрватска, БиХ, Бугарија и многу други држави.

[103] DynCorp 2 Vinnel доби главна улога во воспоставувањето на новата ирачка војска (Avant, 2005).

[104] Сите мултинационални мировни операции спроведени од страна на ООН од 1990 година ги вклучувала приватните воени организации при спроведување на операциите (Avant, 2005).

во транзиција, како и задачи во процесот на стабилизација и реконструкција после интервенции (на пр. во Авганистан и во Ирак).

*Разузнавачките активности* се врв на пирамидата на услугите кои ги даваат корпоративните организации и ПВО (Titan, CACI). Разузнавачките активности се посебно ризична и осетлива компонента на мозаикот од односи помеѓу воените сили (Пентагон) – цивилната структура на власта (Стејт департмент, Министерство за одбрана) – приватни организации. ПВО, кои даваат разузнавачки услуги за извршување на своите задачи, ангажираат поранешни разузнавачи и аналитичари од владините агенции и приватните корпорации.[105] Нивните активности се движат од разузнавачко, сателитско и воздушно изввидување, фотографско прикажување и толкување, разузнавачки анализи на собраните податоци, па сè до психолошко и информатичко војување. Денешната нераскинлива врска помеѓу САД и ПВО во овој сегмент е видлива преку тоа што обработката на националните вредни информации се доделени надвор од институционалните елементи.[106]

## 3. Причини за појавување на приватните воени организации

Втората половина на 20 век и почетокот на 21 век е периодот кој е одбележан со брзи промени кои неповратно го сменија светот. Промените настанаа во научната, стратегиската, политичката, правната, економската и социјалната димензија. Овој период го одбележуваат неколку случувања и процеси кои се значајни за појавата на ПВО. Причините за појавата на ПВО можеме да ги поделиме на директни причини и причини кои доаѓаат како резултат на широкиот спектар на општествени промени. Три директни причини може да се издвојат

[105] Често во своето дејствување се користат со репресивна практика.Најзвучен пример е скандалот со мачењето и злоставувањето на затворениците во Абу Граиб. Овој настан ги вчудоневидел луѓето ширум светот и го зголемил интересот за активностите на ПВО, како и за нивните разузнавачки и истражувачки работи. Бројот на припадниците на ПВО кои се вмешани во случајот не е познат, но минимум 37 испитувачи од ваквите претпријатија работеле во тој затвор (Isenberg, 2006).

[106] Многу добар пример за вакво работење може да се види кај концептот на разузнавачко прибирање и обработка на информации наречен „Total Intelligence Solutions“, кој го лансирале Кофер Блек и Роберт Рихер 2007 година. Концептот, според методологијата на разузнавачко прибирање на информации и аналитички вештини на оперативците на ЦИА, се дава на оние кои се во можност да ги платат ваквите услуги. Кофер Блек, моментално потпретседател на компанијарта *Blackwater*, човек со искуство од 28 години во управата на ЦИА, ја завршил својата кариера во ЦИА како директор на противтерористичкиот центар на ЦИА. (Роберт Рихер – поранешен помошен заменик на директорот на операции во ЦИА).

и се карактеризираат како случувања кои овозможуваат создавање на приватните воени организации

## 3.1. Научно-стратегиски причини

После Втората светска војна продолжува научната заинтересираност на западните сили за контрола и надгледување на значајните подрачја во светот, особено на изворите на стратегиските енергенси во 20 и 21 век за нафтата. Нафтата била предводник на глобализацијата, а поврзаноста меѓу нафтата и политиката е темел на глобалната моќ. Директна последица на воените операции за време на Заливската војна (1991 г.) е разместување на голем број на американски сили во Саудиска Арабија и преземањето одговорност на САД за сигурниост на нафтените патишта.[107] Денес, после окупацијата на Ирак, како резултат на операцијата „Слобода за Ирак“ во 2003 година, со влијанието во Саудиска Арабија, Кувајт, Соединетите Арапски Емирати и Катар, САД ја обезбеди контролата над повеќе од 50% од светските резерви на нафта. За да се контролира широкото и нестабилно подрачје на Блискиот Исток, силите на САД не биле доволни, па затоа било потребно да се пронајдат партнери за извршување на активностите. Ваквиот амбициозен план на САД нема да може да се спроведе без помош од приватниот сектор. Политичката елита на САД се определила со давањето на одредени работи на приватни компании за да го намали јазот помеѓу стратегиските цели и пренапрегнатите можности. На тој начин корпоративните организации и ПВО кои биле подготвени да ја следат политиката на САД во тоа подрачје, добиле договори со голема вредност, најчесто без конкуренција, односно во рамката на „cost-plus3“.[108]

[107] Војната во Заливот покажа дека нафтата и контролата над поголемиот дел од Блискиот Исток е најважна стратешка цел на САД (Деканиќ, 2007)

[108] „Cost-plus3“ договорите им овозможуваат на претпријатијата со што поголема потрошувачка на одобрени средства да остварат поголема заработка.

## 3.2. Политичко-правни причини

Во минатото државите беа главни носители на сите активности на меѓународен план и единствени субјекти во меѓународното право кои имаа ексклузивно право на употреба на сила. На почетокот на 20 век се појавија и други носители[109] кои почнаа да влијаат на меѓународните случувања, со што државите престанаа да бидат единствени субјекти (Вукадиновиќ, 20004). Прашањата поврзани со националната одбрана и безбедност стануваат деприливилигирани права на државата, како што се претходно препуштените права на контрола на меѓународната трговија и финансии. Безбедноста, која беше формирана врз основа на воениот фактор, стана зависна од процесите кои се случуваат во сите сфери на општеството и доаѓа до важно намалување на воената димензија во рамките на националната безбедност, а се зголемува улогата на другите служби (полицијата, разузнавачките агенции, системите за заштита на населението). Бидејќи јавните сили за безбедност немаат доволно луѓе, ресурси и можности за преземање на бараните задачи кои се над нивните основни функции, се отвори широко подрачје и нова димензија за вклучување на приватниот сектор во областа на безбедноста. Резултат на ваквите движења е побарувачката за нови концепти на безбедност. Редефинирањето на безбедноста е нужност, бидејќи сите држави како носители на безбедноста одлучиле оваа област да ја препуштат на пазарот, односно да се најдат внатрешни и надворешни партнери во спроведувањето на безбедноста.[110] Пред лидерите на светскиот мир и војна се поставува барањето за изнаоѓање на други можности за да го продолжат своето дејствување кон своите глобални цели, но со изменети средства. Во тие настојувања, корпоративните организации и ПВО стануваат потпора во исполнувањето на поставените цели.

Постојат неколку меѓусебно испреплетени односи кои треба да се истакнат за да се прикаже односот меѓу политичките елити и ПВО. Сите наведени процеси се од големо

[109] Тоа се меѓународни владини и невладини организации, политички движења со меѓународен карактер, мултинационални компании, цркви и религиски движења, групи луѓе и поединци.

[110] Со издвојување на само еден статистички податок можеме да ја потрдиме претходната теза. Помеѓу 1994 и 2002 година, Министерството за одбрана на САД склучило повеќе од 3000 договори за извршување на работи поврзани со безбедносни прашања, со приватни организации во вредност од приближно 300 милијарди долари. Ваквиот пораст е показател како главната глобална сила гледа на приватизацијата, особено на подрачјето на националната безбедност (Ballard, 2007).

значење за да се препознае начинот како се промени безбедноста и како таа стана производ со кој може да се тргува.

**Трансформацијата на вооружените сили** е многу важен сегмент за развојот на ПВО. Со промена на улогата на државата на подрачјето на безбедносниот сектор, дојде до промена и на улогата на вооружените сили, како досегашен чувар за заштита на суверенитетот и безбедноста.[111] Улогата на вооружените сили неповратно се промени, се бара нивно намалување, се трансформираат во мали, стручни и мобилни единици, се насочуваат кон хуманитарни активности и интервенции во странство.[112] Потребата за редефинирање на делокругот на работа на вооружените сили и описот на нивните задачи во целина, најмногу доаѓа до израз кај нивните меѓународни дејствувања. Со сè поголемата географска распространетост на воените операции во светот, се појавила потреба одредени функции на вооружените сили, поради неможност да се спроведат, да се понудат на приватни организации кои ќе можат да ги исполнат барањата. Воените системи, најпрво во САД, биле и сè уште се понапрегнати поради геостратегиските амбиции, финансиските можности, достапноста на воени сили и јавното мислење во земјата кое се користи за исполнување на политички цели. Поради тоа, тие се потпираат на соработка со приватниот сектор.

**Пријателствата и лобирањето** се значаен алат за меѓусебно комуницирање меѓу ПВО и политичките елити. ПВО и корпоративните организации во САД за потребите за заедничко настапување и дејствување во 2001 година основале структурна организација – The International Operations Association (IPOA), со чија помош лобираат кај највисоките структури на моќ во САД ( Конгрес, Сенат, Стејт Департмент, Пентагон). За лобирање во Конгресот на Пентагон се користат услугите на пензионирани членови на американската војска и професионални лобисти и на тој најчин дејствуваат на безбедносната политика на владата. Само во 2001 година 10 приватни воени органозации во САД потрошиле 32

---

[111] Според Антон Гризолд, границата е помеѓу типичните воени задачи поврзани со внатрешната безбедност, правниот поредок и обезбедувањето на безбедноста на сите граници е сè помалку очигледна. Можеме да бидеме уверени дека класичното разбирање на вооружените сили, пописот на нивните традиционални задачи, нивната организираност и доктрина на употреба, мора силно да се промени ако државите и меѓународната заедница сакаат делотворно да се соочат со комплексните задачи по безбедноста (Grizold, 2006).

[112] Ваквото приспособување на вооружените сили треба да биде проследено со парламентарни измени во нормативното законодавство.

милиони долари на лобирање во Вашингтон. Расположивите финансиски средства за лобирање и за донациите, во комбинација со личните врски, им даваат на ПВО висок степен на влијание, дури и во поглед на стандардите на Вашингтон.

**Преминување на високи членови во редовите на приватните воени организации,** или, пак, истите формираат ПВО, е следната поврзаност помеѓу ПВО и политичките елити ( MPRI е формирано од осум пензионирани високи членови на војската на САД, Blackwater го формира поранешниот морнарски специјалец Ерик Принс во 1996 година). Ова доведува до тоа дека одделни ПВО во своите делови имат повеќе генерали од американската војска отколку Пентагон сам.[113]

**Донациите за кампањи** се поврзани со пријателствата и лобирањето. Според истражувањето на весникот „Mother Jones" од 1999 година, 17 најдобри ПВО во САД донирале 12,4 милиони долари за конгресните и претседателските кампањи.

**Влијанието на жртвите** на националната свест е голема пречка во остварувањето на политичките цели по воен пат со регуларните сили. Со ангажирање на ПВО, чии вработени на терен ги извршуваат своите задачи како и припадниците на војската на САД, се избегнува медиумското алармирање на жртвите.[114] Приватните воени организации не објавуваат кога нивните вработени страдаат и со договори се оградуваат од какви било можности за надомест на штетата на семејствата на погинатите. Но, кога ќе настрада некој регуларен војник, државата е должна на семејството на настраданиот да им исплати голема оштета и да го закопа со високи воени почести. Приватните воени организации за своја

[113] Во остварувањето на што поповолни и подносливи работи, наведениве организации сè повеќе навлегуваат во судир со интересите, понудувајќи на високорангираните воени членови и државни службеници можност за вработување на високопрофитни менаџерски функции во свои рамки. Овој тренд првенствено е познат во САД, каде е присутна константна кружна флуктуација на владејачката елита, која се именува на раководни позиции во приватните корпорации, владини институции и во воената индустрија. Најдобар пример за тоа е потпретседателот на САД, Дик Ченеј (министер за одбрана од 1989 до 1996, потоа претседател и извршен директор на Halliburton од 1995 до 2000 и потпретседател на САД од 2001 година).

[114] Иако до егзактни показатели за бројот на жртвите во Ирак од практични причини е скоро невозможно да се дојде, постојат неколку извори кои можат да се сметаат за релевантни во тој сегмент. Според полугодишниот извештај од јануари 2008 на генералниот инспектор на Министерсвото за одбрана на САД за реконструкциските работи во Ирак, кој е испратен до Конгресот, видливо е дека бројот на цивилните жртви на корпоративните организации, вработени на работи за реконструкција од почетокот на операцијата „Слобода за Ирак" до денес, е 1123 мртви, од кои 242 се државјани на САД (SIGIR, 2008). Иако споменатите бројки се високи, преовладува мислењето дека тие се уште повисоки. За ова време, според службените статистички податоци, бројот на настрадани американски војници до крајот на јануари 2008 изнесувал 3941 починат, 28.938 ранети војници, додека се проценува дека бројот на ранети војници е помеѓу 23.000 и 100.000 (antiwar.com). Процената за бројот на жртви од страна на Ирак од почетокот на нападот до денес е 1.168.058 мртви (www.justgoreignpolicy.com), кои загинале од различни причини.

одбрана од вакви и други тужби ангажираат најдобри и воедно најскапи адвокатски уреди во САД.

Правната рамка која ги регулира ПВО може да се разгледува на национално и на меѓународно ниво. На национален план, во развиените земји очигледно е дека недостасуваат институционални можности за следење на развојот на ваквите организации за ова подрачке нормативно да се уреди. За поблиску да објасниме ќе се послужиме со два примери. Во првиот пример поминаа повеќе од четири години од кога британската влада го создала Greem Paper во кој се истакнати опасностите и предизвиците од ПВО, но и покрај тоа, ништо не се направило во поглед на регулирање на нивните операции (Dearden & Mathieu, 2006). Во другиот пример, кој се однесува на САД, Сенатот на САД на 16 јуни 2004 година го одби предлогот на Демократската партија да се воспостават казни за корпоративните организации и ПВО за кои ќе се утврди дека наплатувале превисоки цени за услугите, како и да се забранат приватни истражувачи во воените истраги (Hulse, 2004). Состојбата не се променила, и покрај тоа што до гласањето во Сенатот, а и после, се утврдени бројни неправилности кои ги направиле припадниците на ПВО како што се: пренаплатување на услугите, злоставување и мачење на затворениците, злоставување и силување на жени, перење на пари, убиства, кршење на човековите права и друго. Кај земјите во развој тешко е да се очекува дека оваа област може да се уреди, бидејќи земјите најпрво се судираат со проблемот на изградба на државата и институциите. Земјите во развој се борат со со способноста за задоволување на основните општествени потреби: ред и поредок, безбедност, законитост и раст на економијата. Тешко е да се очекува дека овие земји адекватно можат да го регулираат делокругот на работење на ПВО. Меѓународното уредување во областа на работењето на ПВО е уште потешко да се спроведе. Не постои меѓународно законодавство кое во потполност, или, пак, во најголем дел ќе ги регулира прашањата поврзани со ПВО и начелата на нивното дејствување, бидејќи не постои ниту консензус меѓу најсилните држави во светот за регулирање на оваа област. Моментално не се воспоставени меѓународни стандарди кои се однесуваат на легитимноста на нивното работење, ниту какви било класификации на можностите за извршување на одредени работи.[115]

[115] Поимот приватни воени организации ( Private Military Companies) не постои во рамките на ниту еден меѓународен нормативен акт или конвенција (Shreirer i Caparini, 2015).

Прашањето на легитимност за употреба на сила е подрачје за кое се кршат многу копја. За разлика од воените сили кои во воените операции имаат општествено оправдување за употреба на сила, за ПВО да употребат огнено оружје посто одредена нормативна рамка, но не и според меѓународните конвенции и резолуции, односно со еднострано доделени одобренија, што наведува на многу контроверзии.[116] Исто така, не постои регулатива за дозволено вооружување, потреба за обука и вештини, кои како организации и како поединци треба да ги поседуваат.

## 3.3. Социјално-економски причини

Во овој сегмент многу фактори влијаат на индустријата на корпоративните и приватните воени организации. Зконот на понуда и побарувачка го помага настанувањето и прогресивниот развој на ваквите организации и разновидноста на нивните услуги. Со светскиот тренд на намалување на средствата за вооружените сили, се настојува дополнително да се рационализираат трошоците за вооружените сили, па со ориентираност кон пазарот одредени работи им се нудат на приватните претпријатија. Доаѓа до издвојување на оние функции на вооружените сили кои не се пресудни за директно борбено дејствувае (non-core function), и на тој начин се намалуваат вкупните финансиски средства кои се издвојуваат за воени потреби.[117] Според пензионираниот генерал и претсеател на Институтот за логистички менаџмент, Bill Tuttleu, учеството на цивилните претпријатија можат да ги намалат трошоците за 20% (Chalink, 2001), пренесува Ballard (Ballard, 2007). Вработените во Пентагон истакнуваат дека ангажирањето на приватни претпријатија како

---

[116] После инцидентот кој се случи на 16 септември 2007 година во кој припадниците на Blackwater за време на обезбедување на претставниците на USAID во сунитскиот дел во Багдад, во проценкта дека тие се загрозени, убија десет цивили и употребиле повеќе огнена моќ за да се одбранат. Реагирајќи на овој инцидент, премиерот на Ирак, Nouri al Maliki им забранил на Blackwater да работата и јавно побара од компанијата веднаш да го напушти Ирак. Овој инцидент е само еден од многуте. Одредени членови на Владата на Ирак побарале да се забрани работењето на компанијата Blackwater и компанијата да го напушти Ирак. Американските војници за своите евентуални недела во Ирак одговараат пред американските воени судови, па таму до сега завршиле 64, а припадниците на Blackwater не одговараат ниту во Ирак, ниту во САД, бидејќи таму не им се суди на оние кои направиле нешто надвор од територијата на САД. Скоро иста ситуација се случила на територијата на Авганистан каде припадниците на Dyncorp со години го обезбедуваат претседателот Карзаи и со тоа се изземени од сите можни прогони за евентуално направени казнени дела.

[117] Исклучок се САД и уште неколку земји (кои не се важни во ова набљудување) кои прогресивно ги зголемуваат трошоците за вооружените суили.

што е Halliburton, е поради тоа што тие се побрзи и поевтини од војската (Yeoman,2003). Наведените изјави може да се разгледуваат како размислување дека ангажирањето на корпоративните организации и ПВО се поисплатливи за државата, бидејќи приватните субјекти кои се срецијализирани за одредени видови услуги се се долгорочно продуктивни. Иако претставниците на воените и политичките структури на САД ја истакнуваат економската исплатливост како важен услов за ангажирање на ПВО и корпоративните организации, сепак тоа зависи од тоа кој го разгледува тоа. Што се однесува до корпоративните организации и ПВО, за нив секоја работа е повеќе од исплатлива.[118] За САД ангажирањето на приватни претпријатија на краток рок можеиби е поевтин, но прашање е дали на долг рок е исплатливо. Додека од една страна се наоѓаат намалените трошоци за регрутација, обука, тренинг и опремување, плати и бенефиции, осигурување и пензионирање за воениот состав, од друга страна е пет пати повисока заработката на корпоративните војници во однос на редовните војници, потоа големи „cost-plus" договори за ангажирање на претпријатија и политичка одговорност на работодавачќите за делата кои ги прави работоприемачот.

Покрај значајната улога која корпоативните организации и приватните воени организации ја имат при извршување на реконструкциските работи, ниту Стејт департментот ниту Министерството за одбрана на САД, а ниту УСАИД немаат потполни податоци за троѓоците кои настануваат за плаќање на на корпоративните организации (*** Rebuilding Iraq, 2005). Singer вели дека прометот на пари во индустријата кои се поврзуваат со ПВО е над 100 милијарди долсри годишно.[119]Истиот износ го наведува и исражувачкиот новинар Berry Yeoman, кој тврди дека најголемиот број од овие средства оди кај фирмите Halliburton, DynCorp, Lockhed Martin I Raytheon (Yeoman 2003).

Важно е да се издвои и причината како што е намалувањена општите социјални, економски и здравствени права на граѓаните како тренд во речиси сите земји во светот во последниве неколку децении, што влијаело и на вооружените сили. Бидејќи вооружените сили генерално го отсликуваат општеството на кое му служат, сите намалувања на граѓанските права се одразуваат и на воените системи. Воената струка securely пополека станува непривлечна и

---

[118] Blackwater во 2003 година доби работа за обезбедување на претставникот на САД, Paul Bremen во Ирак, управувач со сите процеси во Ирак, па компанијата за 11 месеци работа имала приход од 320 милиони долари.

[119] Документарен филм „Shadow Company", Nikola Bieniae (2007)

неисплатлива, па многу од воениот состав се насочуваат кон други можности за заработка и осварување на кариера. Со завршувањето на Студената војна до израз доаѓа социјалниот момент за многу поранешни припадници на вооружените сили. Со престанивање на потребата од гломазен воен апарат, голем број на припадници на вооружените сили, а најмногу од припадниците на специјалните единици, останаа без работа. Процените на вишок војници се движат околу 7 милиони војници ( Shreier и Caparini, 2005). После губењето на работата, голем дел од нив сака да го работи она за што се најдобри, а тоа е воената струка. Таа можност им се отворила кај ПВО, служејќи на интересите на големиот капитал, за разлика од служење во регуларните вооружени сили. Забележан е голем проблем кај војската на САД и на Велика Британија, каде припадниците на елитните единици ги напуштаат своите состави за да се приклучат на ПВО за плата од 500 до 1000 долари на ден и каде годишно може да се заработат најмалку пет пати повеќе од редовната работа.[120] Втора социјална категорија се авантуристите кои сакаат поразличен начин на живот, надвор од рамката која ја поставува општеството и земјата во која живеат. Тие се приклучуваат на ПВО за да остарат некои свои желби и да уживаат во слободата како што тие ја перцепираат, иако тоа може да биде и смртоносно. Трета категорија се поединци кои едноставно немаат друга моност, па ова вработување, всушност, им е бегање од еден облик на неприфатлив свет во некој друг, можеби поопасен, но со повеќе можности.

[120] Војската на САД се спротивставува на ова на два начини. Првиот начин, специјалните едници се ориентираат на особено млади луѓе кои се способни на сложени обуки, преместувања по светот и престој во различни задачи. По пат на природен одлив и селекција, повеќето од овие млади луѓе во своите триесетти години ја напуштаат војската и се одлучуваат на алтернативни занимања, најчесто како обезбедувачи или војници во приватни воени организации. Тука е видлива улогата на „ловци на глави“ на ПВО, кои само треба да го истражат пазарот и многу лесно да добијат способни воени специјалци во најдобрите години. Втор начин е ограничувањето на пронаоќањето војниците по пат на програмата „Stop loss“, со која се настојува да се задржи кадарот во единиците. Од друга страна, Британците кои се среќаваат со истиот проблем одлучиле наведените проблеми да ги решат на начин со кој на своите војници им овозможуваат да го замрзнат својот статус до една година, време за кое повеќето војници се одлучуваат да побараат среќа во подобро платен ангажман кај приватните воени организации. Во тој период можноста за заработка им е поовеќе од пет пати поголема од редовната плата, па после завршувањето на едногодишното отсуство, повеќето од нив се враќаат на својата редовна работа во регуларните единици.

# 4. Приватните воени компании како мултипликатори на вооружените сили

„Мултипликација на силите" е воен термин кој се однесува на релативно мала група на воени специјалисти коишто можат да ги подобрат и да ги унапредат поголемите сили (на пр. војската или нејзините единици. Во контекст на ПВК, мултипликација на силите подразбира мултипликација на вооружените сили.[121] Приватните воени компании поседуваат вештини и знаења, што во голема мера, во стратегиска, тактичка и оперативна смисла, може да ги подобрат воените, полициските и разузнавачките капацитети на сите оние безбедносни структури кои имаат потреба од нивна помош или услуги.

Кога се ангажираат ПВК да спроведат воена обука, по дефиниција тие стануваат мултипликатори на силите. Прво, тие обезбедуваат стручно оспособен кадар којто не е поврзан со државните сили или агенции . Второ, тие обезбедуваат снабдување на своите тимови кои даваат инструкции во рамките на безбедносните сили на државата која склучила договор со приватна воена компанија, како што е на пример случајот со ЕО  во Ангола и во Сиера Леоне. Активностите на оваа компанија вклучувале стратегија, тактика и оперативна поддршка, сѐ до борбено ниво.[122]

ПВК, исто така, можат да бидат ангажирани како мултипликатори на вооружените сили во областа на внатрешната безбедност. Ова, најчесто се однесува на полициските сили, односно на борбата против организираниот криминал, борбата против трговијата со наркотици, борбата против тероризмот итн. На пример, приватната воена компанија DiynCorp International, освен што ги обучува воените единици на Либерија со 4000 припадници, оваа компанија ги обучувала и новите полициски сили на таа земја. Оваа приватна воена компанија најмногу била задолжена за формирање на новата ирачка полиција, а се занимава и со слични вакви работи и во Авганистан и во други земји, обука и помош на полициските единици во Мексико и Централна Америка итн.

Врз основа на овие примери може да с заклучи дека ПВК може да делуваат како мултипликатори на вооружените сили не само во слабите држави, туку и во земјите во

[121] Edwards, S:Swaming On The Battlefield: Past, Present and Future,San Diego, Rang Publishing, 2000, стр.25
[122] Edwards, S, исто, стр.41

развој, како и во напредните демократски држави. Во САД и во Велика Британија корисењето на услугите на ПВК постепено се воведува и во практика како еден вид партнерство во рамките на безбедносната индустрија каде што ПВК, односно нивните инструктори активно учествуваат  во обуката на нови генерации војници. Освен тоа, терминот „мултипликатори на силите“ е воведен во воениот теренски прирачник „ Контрактори на боиштето“ (Contractors on the Batterfield), што го користат вооружените сили на САД за функционална поддршка во зоната на борбени дејства. Со ангажирање на ПВК како мултипликатори на вооружените сили, другата договорена страна се обидува да постигне политички цели. Овие цели најчесто подразбираат одвраќање на непријателот или борба против непријателските сили кои ги напаѓаат официјалните/званичните органи на државната власт и го поткопуваат мирот и стабилноста во земјата.

## 5. Улогата на приватните воени компании во системот на внатрешната безбедност на државите

Терминот „внатрешна државна безбедност“ (Homeland security) станал популарен после терористичките напади на САД на 11 септември 2001 година, па така, и приватните воени компании на САД по 11 септември 2001 година станале еден од од главните елементи на системот на внатрешната безбедност на оваа држава По 11 септември 2001 година и терористичките напади на САД, дошло до брзо обновување на соработката помеѓу државите со цел да се решат проблемите предизвикани од меѓународниот тероризам. Како резултат на таа соработка помеѓу државите на 28 септември 2001 година со Резолуцијата 1373 на Советот за безбедност на ОН, формиран е Комитет на ОН за борба против тероризмот. Институционалниот одговор на меѓународната заедница во исто време го означил и систематското влегување на приватните воени компании во внатрешната безбедност на многу држави. Всушност, додека меѓународните тела ги дефинирале активностите и задачите што требало да се извршат, а владите на државите ги преземале неопходните чекори овие активности да се усогласат меѓусебно, некои информациско-технолошки, военоиндустриски и безбедносни корпорации биле одговорни во смисла на техничко-технолошка реализација на овие активности. На пример, хибридните приватни воени компании понудиле обука за пилотите на воените сили на САД, во смисла како да ги

користат новите летала и новата опрема. Исто така, ПВК (нивните инструктори и персонал), врз основа на договор што го имале со Министерсвото за одбрана на САД или со некоја друга државна служба или агенција, биле ангажирани за да помогнат и да асистираат за ракување со таквата опрема. Приватната воена компанија Garda World давала токму ваков вид услуги на меѓународниот аеродром Пирсон во Торонто, Канада.[123] Исто така, многу приватни воени компании развиле технологија, обучиле и стручен кадар и продолжиле да пружаат помош и услуги и во поморската безбедност.

Во САД, внатрешната безбедност е проширена 2001 година со донесувањето акт за обединување и зајакнување на Америка со обезбедување на соодветни средства кои се потребни за опструирање на тероризмот и основање на Секретаријатот за внатрешна безбедност. Овој секретаријат воспоставил соработка и партнерски однос кога станува збор за безбедносните активности и операциите со голем број корпорации(ПВК) , вклучени во производството на новите технологии што се користат во областа на безбедносниот надзор и известувањето, спречување закани кои претставуваат опасност по безбедноста на американскиот народ. Стратешка цел на Секретаријатот за внатрешна безбедност е да ги заштити сите луѓе од зкани и ризици, почитување на американските врски со партнерите и деловните луѓе, темелено на зачувување на слободата и демократијата – концепт на кој се заснова угледот на САД. Терористичката идентификациона база на податоци во окружувањето ( Terorist Identities Detamart Enviroment – TIDE), е класифицирана база на податоцикоја содржи имиња на 50.000 терористи, осомничени и потенцијални терористи.[124] Илјадници терминали дневно пристапуваат кон оваа огромна информациско-технолошка база на податоци, која е направена од страна на на воеоноиндустриската корпорација Lockheed Martin, под патронат на програмата „Рејлхед“, унапредена од страна на „Боинг“, SRI International и десетина други субконтрактори. Корпорациите како Lokid Martin и Detica стојат зад проектот Mastering the Internet, „Да се владее со интернетот“, што има цел да ги следи случувањата на сите активности на интернет заради превенција на криминални или терористички активности.

Надвор од владиниот сектор, мултинационалните корпорации и меѓународните организации себеси се гледаат како потенцијална цел на терористички напади, им

[123] www.garda-world.com
[124] Поопширно да се види на http//www.nctc.gov/docs/ Tide_Fact_Sheet.pdf

доверуваат работи кои се однесуваат на процена на ризик и безбедносни услуги на приватните воени компании.Приватната компанија US Investigations Services, Inc ( Истражна служба на САД, која до 1996 г. била во составот на Владата на САД, спроведува истраги и известувања и безбедносни проверки на вработените во неколку владини агенции, а и.т. има и договори со неколку комерцијални компании и клиенти.[125]

Во Франција во 2009 година избил голем скандал кога било откриено дека енергетската корпорација ЕДФ ја ангаѓирала приватната воена компанија „Каргус консултанти“, за да прислушува и да ги следи активностите на невладината огранизација „ Гринпис“ во Европа. ЕДФ се занимава со нуклеарна енергија, а „Гринпис“ е антинуклеарна невладина организација. Во 2009 година лондонската компанија Меѓународни безбедносни решенија – International Security Solutions учествувала во разоткривање на афера за злоупотреба на трошоци што ги сториле многу членови на британскиот парламент. Постојат многу вакви примери, но кога вакви и слични случаи ќе излезат во јавност се поставува прашањето за влијанието што го имаат приватните воени компании во работното/деловно опкружување.

## 5.1. Улогата на приватните воени компании во борбата против организираниот криминал

Во Резолуцијата 1373 на Советот за безбедност на ОН се наведува дека постои силна врска помеѓу [126]меѓународниот тероризам и транснационалниот организиран криминал. Терористите можат да бидат политички мотивирани, но мотивот за создавање нелегален профит којшто стои зад организираниот криминал може да биде поврзан со терористички активности. На пример, перење пари, илегална трговија со оружје, илегална трговија и пренесување на нуклеарно, хемиско, биолошко и други потенцијални смртоносни материјали и.т. се спомнуваат во Резолуцијата 1373. Поради тоа на организираниот криминал се гледа како на помошно средство за спроведување терористички активности. Доколку некои терористички групи или, пак, обични граѓани сакаат да набават оружје или да дојдат до каква било забранета роба, постојат мафијашки групи и криминални банди кои се во можност тоа да им го обезбедат. Секако, овде не смееме да го заборавиме ни сајбер-

[125] Поопширно на www.sourcewatch.org/index.phr?title=US_Investigations_Servises.
[126] United Nations, Security Coucil Resolution S/RES/1373 (2001), New York, Sempember 28, 2001

криминалот којшто секојдневно ѝ нанесува штета на светската економија. Според некои аналитичари оваа штета се проценува на околу еден трилион долари годишно. Освен организираниот криминал којшто претставува закана по мирот и безбедноста, трговијата со наркотици исто така претставува голема закана по безбедноста на глобално ниво. Во врска со ова, Извештајот на Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (United Nations Office on Drugs and Crime), под името Светски извештај за дрогата 2009, установил дека Авганистан и понатаму важи за водечки производитл на опиум (од којшто се прави хероин). Јужна Африка, Албанија, Јамајка и Парагвај се споменуваат како производители на околу 25% на билката канабис, додека Колумбија, Перу и Боливија се водечки производители на дрвото кока од коешто се прави кокаин.[127] Наркотероризмот денес, без сомнение претставува најдобар пример на симбиоза помеѓу организираниот криминал и тероризмот.[128] Од страна на државите и меѓународните организации кои се занимаваат со проблемот со трговија со наркотици се преземаат активности како што се билатерални договори помеѓу државите, потоа САД исто така даваат помош и поддршка на „Планот Колумбија" од 2000 година и иницијативата „Мерида" за Мексико, Централна Америка, Домениканската Република и Хаити.

Приватните воени компании како што се меѓународната Динкорп и Воени професионални ресурси имаат големо искуство во давање на своите услуги за противнаркотичка обука во Латинска Америка, Африка и на Блискиот Исток. Услугите што ги даваат овие ПВК подразбираат и теоретска и практична обука, каде што во повеќе случаи инструктори на приватни воени компании ги следат безбедносните сили (воени и полициски) за време на акции на терен. Учеството и улогата на ПВК во борбата против трговијата со наркотици е на мета на многу критичари, ако се земе предвид дека ова доведува до степен на милитаризација на целиот проблем. Меѓутоа, треба да се земе предвид дека операциите и активностите против наркотиците имаат цел во целата приказна да вметнат и воена компонента, поради тоа што поголемиот дел од организациите што се занимаваат со трговија на наркотици имаат свои парамилитантни групи. Овие групи понекогаш ги сочинуваат и неколку стотини добро обучени и опремени лица, а и.т. постои и тенденција во нивните редови да се ангажираат бивши припадници на специјалните

[127] United Nations Office on Drugs and Crime, World Drug Report 2009, New York, UN, 2009 стр.63
[128] Мијаковиќ, С, Национална безбедност, Белград 2009, стр.268

единици, како и платеници. За да се поразат ваквите структури често пати е неопходно да се употреби и смртоносна сила.

## 5.2. Улогата на приватните воени компании во експлоатацијата на природните ресурси во земјите од висок безбедносен ризик

Според податоците на Енергетската информативна администрација (Energy Information Administration – EIA), вкупната понуда на на нафта на светскиот пазар 2006 година изнесувала 84,52 милиони барели дневно (еден барел нафта приближно содржи 42 галони, а еден галон има околу 3,78 литри), а дневната побарувачка е околу 85,20 милиони барели.[129] Производството на нафта го диктира Организацијата на земјите извозници на нафта ( Organization of the Petroleum Exporting Countries –OPEC).[130] Ваквата ситуација во голема мера влијае на цената на нафтата на светската берза. Меѓутоа, кога бунтовнички или терористички групи, милитантни припадници или криминални банди ќе ги нападнат пронаоѓалиштата на нафта или го саботираат нејзиното производство, исто така доаѓа до промена на цената на нафтата на светскиот пазар, како на пример штое случај со Нигерија, којашто е една од петте главни производители и дистрибутери за САД.

Освен нападите на нафтените полиња од страна на различни криминални групи, постојат ризици и безбедносни проблеми за земјата производувач на нафта. Побарувачката за нафта и желбата за поголем профит на мултинационаните корпорации е сè поголема, а од друга страна во земјите со конфликтно минато, каде имало киднапирање и насилно однесување кон работниците, саботажи на индустриските постројки и инсталации, како и кражба на нафта директно од цевоводите доведува до ангажирање на приватни воени компании кои сето ова на некој начин ќе го контролираат. Во земјите кои произведуваат нафта и гас, нафтата не е само финансиско и природно богатство, туку таа може да биде и проклетсво. Ова богатство може да создаде автократски влади, да доведе до корупција, до воен пуч и до различни побуни во овие земји. Со еден збор, било да се работи за нафта или се во прашање некои други природни богатсва, може да доведе до загрозување на демократските

---

[129] Energy Information Administration, September 2009, http//www.ela.doe.gov/emeu/ipsr/t21.xls

[130] Земји членки на OPEC се: Алжир, Ангола, Еквадор, Индонезија, Иран, Ирак, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија, Обединетите Арапски Емирати и Венецуела.

структури во една земја. Исто така, без разлика дали станува збор за истражување или за експлоатација на нафта, или пак, за нејзина дистрибуција и преработка, кога еднаш големите мултинационални компании ќе вложат милијарди долари во некој проект во во некоја држава, тие едноставно не можат да се повлечат. За безбедноста на нивните луѓе и инвестиции понекогаш се грижат безбедносните сили на државата во која работат.Но, ова претставува основоен вид на заштита, што понекогаш не е доволен да ги издржи нестабилноста и безбедносните проблеми што може да се случат во овие држави. Иако речиси сите големи мултинационални нафтени корпорации имаат сопствени тимови за обезбедување и заштита на персоналот и на инфраструктурата на компанијата, во повеќе случаи безбедноста, заштитата и процената на ризик им се доверува на приватни воени компании со кои склучуваат и договори за деловна соработка. Услугите што ги нудат приватните воени компании во државите во кои големите енергетски корпорации имаат работни односи кои се однесуваат на експлоатација на природните ресурси се специфични. Приватните воени услуги обично подразбираат мали тимови кои ги сочинуваат поранешни високообучени припадници на војската или полицијата. Приватните воени компании како што се Andrews Internacional, G4S, Garda World Security Corporation и други се ангажираат најчесто во оваа област. Понекогаш овие приватни воени компании пружаат безбедност и заштита, но во некои случаи се воспоставуваат и силни комерцијални врски помеѓу независните нафтени компании и приватните воени компании.

Од ова можеме да заклучиме дека новата безбедносна „архитектура“ на приватниот воен пазар опфаќа бројни задачи од областа на борбени операции, обука, поддршка безбедност, известување, како и обновување и реконструкција на инфраструктурните објекти во постконфликтните подрачја и во зоните од високобезбедносен ризик. Но, оваа листа на активности на ПВК не е конечна и има тенденција во иднина да биде и проширена. Многу приватни воени компании главно се мали фирми кои се специјализирани за извршување на одредени видови работи. Но, постојат и големи воеоноиндустриски мултинационални корпорации кои се занимаваат со работи што се надвор од „класичниот“ воен сектор, а и.т. нудат и приватни воени услуги. На пример, некои информациско-технолошки корпорации може да бидат вклучени во развојот и производството на доверливи бази на податоци за Министерството за одбрана на САД. На тој начин тие даваат помош и поддршка на МО на САД при распоредување на воените сили во други зермји.

Освен тос, овие компании нудат приватни воени услуги, но овде има бројни недостатоци, особено кога станува збор за одговорности и за регулирање на односите на приватниот воен пазар. Денес сме сведоци дека има сè  поголем број на тужби и судски процеси кои се водат против приватните воени контрактори, и  на овој проблем, особено во САД, се пристапува мошне сериозно.

Безбедносните партнерства помеѓу државите и ПВК се засноваат на стратегија која е така замислена одредени работи (договори) да бидат реализирани во период од неколку години, па до една или две децении. Ова е многу важно поради тоа што некои долгорочни одбранбени и безбедносни задачи и цели едноставно не смеат да се прекинат, односно мора да постои континуитет, бидејќи само на тој налин може да се гарантира успех. Интензивната соработка помеѓу владите на многу држави и ПВК ја гарантираат иднината на некои договори, што води кон поцврсти и зрели врски помеѓу јавниот и приватниот сектор. Токму поради тоа постојат причини што може да потврдат дека безбедносните партнерства и приватните воени компании ќе метастазираат во камен-темелник на државната одбрана и безбедност на 21 век. Потрагата по безбедносни извори на енергија лесно може да ги претвори природните богатства во извори на нови конфликти и вооружени судири. На пример, автониомната област на север од Ирак, која е населена со Курди, е богата со нафта. Од друга страна, „режимот“ што ја контролира оваа област е во некој вид конфликт со владата во Багдад поради поделба на приходите од продажба на нафта. На другиот крај од државата каде се наоѓаат ирачки нафтени постројки за извоз, постојат територијални спорови помеѓу Кувајт, Ирак и Иран. Големите наоѓалишта на нафта и гас во областа на Артикот во иднина би можеле да доведат до политички, економски, па дури и до вооружени конфликти помеѓу Канада, Данска, Норвешка, Русија и САД, ако се земе предвид дека постои совпаѓање во барањата на овие држави за правото на користење на овие природни ресурси.

# ГЛАВА 5. ПРЕДИЗВИЦИ И ПРИДОНЕС НА ПРИВАТНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ АКТЕРИ КОН МЕЃУНАРОДНИОТ МИР И БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Придонесот на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност

Генерално, придонесот на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност може да се анализира низ призмата на нивниот ангажман инициран од страна на меѓународните организации за чување на мирот, пред се од ООН. Во тој контекст, улогата на овие актери во меѓународните мировни операции, генерално се сведува на извршување на т.н. споредни, пред сè логистички и други услуги за нивна поддршка.[131]
Главната причина за ангажманот на приватните безбедносни актери во меѓународниот контекст за чуваер на мирот произлегува од политичките, финансиските и институционалните ограничувања со коишто се соочуваат ООН и другите меѓународни организации задолжени за меѓународниот мир и безбедност. Всушност, националните влади често се јавуваат како корисници на услугите на приватните воени и безбедносни компании, од причина што ангажманот на нивните вооружени сили во странство подлежи на разни политички и нормативни ограничувања. Покрај тоа, персоналот во овие компании најчесто го сочинуваат високопрофесионални личности со соодветно воено искуство, што им овозможува адекватно и успешно справување со безбедносните ризици и закани во новото опкружување. Ова е значајно од аспект пшто ваквата карактеристика често е дефицитарна кај традиционалните мировни сили на ООН. Од финансиски аспект, исто така, постојат ограничувања и намалување на капацитетите на ООН за мировни мисии, споредено со 90-тите години на 20 век.

Исто така, постои варирање на бројот на ангажирани војници од страна на ООН во операции за чување на мирот во текот на последната декада од минатиот век. Имено, од

[131] Damian Lilly (2000): The Privatisation of Peacekeeping: Prospects and Realities, Disarmament Forum, United Nations Institute for Disarmament Research, Geneva, No.3

10.000 ангажирани војници во 1989 година, бројот се зголемува на 70.000 војници во 1995 година, но тој драстично се намалува во 1998 година на 19.000 војници.[132]

Во однос на потребата за адекватен човечки потенцијал за учество во мировните мисии во последните две декади, токму приватните воени и безбедносни компании се перцепираат како соодветен извор на човечки ресурси. Меѓу другото, и поради сè поголемиот број жртви на цивили и хуманитарни работници ангажирани во рамките на мировните мисии. Оттука и потребата за посветување поголемо внимание, како на нивната безбедност така и на безбедноста на неопходната инфраструктура за нормално функционирање на мисиите. Денес ангажманот на приватните воени и безбедносни компании најчесто се поврзува токму со реализирањето на оваа активност. Успехот на ваквата улога е детерминиран од нивната тесна соработка со локалните безбедносни сили и со мултилатералните мировни сили. Тоа практично значи дека наспроти високото ниво на нивната професионалност, тие не може да претставуваат и единствен контрибутор на успехот во меѓународните мировни мисии.

Покрај тоа, значајната улога на овие компании произлегува и од аспект на потребното време за испраќање и распоредување на неопходните капацитети за спречување на избивање или ескалација на вооруженото насилство. Имено, се смета дека нивниот ангажман може да се реализира многу побрзо, во контекст на специфичните потреби во конкретни ситуации, кога е неопходен брз одговор од страна на ООН. Меѓу другото, поради честите критики на адреса на ООН за нејзината институционална бавност и ограничувања при испраќањето и распоредувањето на т.н. традиционални мировници.

Првиот чекор на овој план е направен во 1998 година, кога од страна на тогашниот генерален секретар на ООН беше истакната можноста за ангажирање приватна безбедносна компанија во одвојувањето на борците од бегалците во бегалските кампови во Руанда.[133]

Сепак, наспроти одредени предности на приватните безбедносни субјекти во однос на традиционалните мировни сили на ООН, не треба да се занемари фактот дека Советот за безбедност при ООН е единствениот орган што е надлежен за овластување на мировните мисии. Оттука произлегува дека капацитетите и придонесот на приватните воени и

---

[132] Lilly, D. (2000): The privatization of security and peacebuilding: a framework for action, International Alert, p.17

[133] Speech given by the Secretary-General at DitchleyPark, United Kingdom, 26 June 1998

безбедносни компании кон меѓународниот мир и безбедност се директно детерминирни од политичките одлуки во рамките на ООН. Покрај тоа, отворена е и дилемата поврзана со нивната непристрасност во ангажираните кризни и конфликтни региони. Имено, имајќи предвид дека финансискиот аспект претставува главниот и единствен мотивирачки фактор за прифаќање на нивните ангажмани, неминовно се поставува прашањето за нивното однесување при евентуална повисока финансиска понуда од некоја од завојуваните страни. Во таа насока, значаен предизвик при нивното ангажирање претставува и почитувањето на меѓународните правила и норми на војувањето, а посебно начинот и условите на употреба на воена сила.

Од друга страна, позитивните искуства од придонесот на приватните воени и безбедносни компании во текот на 90-тите години на минатиот век, пред сè во Ангола и Сиера Леоне, имаат дводимензионален ефект. Имено, тие иницираа јакнење на свеста за потребата од еден посовршен меѓународен систем за одржување на меѓународнот мир и безбедност, а паралелно со тоа иницираа јакнење на довербата во нивната работа и дејствување. Значајно унапредување на вториот аспект продуцираше и одлуката на Владата на САД за ангажирање на приватната компанија DynCorp[134] како поддршка за нејзиниот придонес кон мисијата на ОБСЕ во Косово во 1998 година. Сепак, и во овој случај, ангажманот на компанијата е директно детерминиран од политичката волја и одлука на Владата на САД.

Затоа употребата на приватните воени и безбедносни компании во меѓународните и во регионалните мировни мисии, како претходно така и денес, претставува алтернатива и опција, пред сè за креаторите на политиката, како на национално така и на меѓународно ниво.

## 2. Ангажманот на ПВБК во хуманитарните и мировните операции

Мировните операции се разликуваат според областа во која се спроведуваат, на пример, цивилни, невооружени или полициски набљудувачки мисии, или, пак, лесно вооружени меѓупозициски сили и тешко вооружени борбени групи (Schmidl 2000). Заедничките

[134] Подетални информации за оваа компанија се достапни на http://www.dyn-intil.com

еклементи може да се видат во нивните цели, составот и мандатот, но не и изведбата. Активностоте на мировните операции спаѓаат во типични воени, полициски и цивилни задачи, и тоа во различни околности. Исто така, во мировните мисии повеќе актери исполнуваат различни улоги. На пример, мировниците од воениот персонал може да имаат задача да поставуваат блокади на патиштата, иако тоа во нормални услови би требало да биде работа на полицијата.

Шест критериуми може да се дефинират како заеднички на сите мировни мисии ( Bourge 2003):

1. Меѓународен мандат и авторизација на мисијата (Советот за безбедност на ОН во идеални услови).
2. Извршување на мисијата од страна на меѓународна организација (ОН), регионален аранжман (НАТО и ЕУ), или, пак, од неколку држави кои соработуваат како *ад хок* коалиција (1994 г. – интервенцијата во Хаити, Girard 2004).
3. Мултинационална композиција на силите или персоналот на мисијата.
4. Кога целта е да се врати или да се зачува *статус кво*, или да се обезбеди мирна транзиција од *статус кво* во друг (договорен) статус.
5. Целта не е освојување на територија, туку дејствување во интерес на локалното население.
6. Одржување на „колатералната штета“ на најниско можно ниво, со дејсвување врз полицискиот принцип за „минимум штета“ и „одмерена употреба на сила“.

Во одредени ситуации, платените недржавни трупи може да се покажат како покорисни од традиционалните/државните, но како што укажува и Transparencz International (2016) нивната употреба повеќепати предизвика сериозни контроверзности и покрена низа прашања за легитимитетот при употребата на воена моќ, како и за моралноста и повредите на човековите права.

Контракторите-мировници се дефинираат и како војници што не се потчинуваат на воениот код, во услови на кревки хуманитарни ситуации. Доплнително, сè уште постојат празнини и недоречености при дефинирањето на мерките со кои ќе се избегнат проблеми што се развија како резултат на употребата на меѓународни воени фирми во улога на воена порршка во операциите во изминатите години. Истовремено, владите, вклучително и

владите на земјите што се најдиректно инволвирани во спроведување мировни мисии, се покажаа бавни во идентификацијата и во правното и политичко разрешување на овие отворени прашања поврзани со присуството на овие специфични компании и нивните активности, а нивниот надзор останува ограничен.

## 3. Позитивни аспекти од употребата на ПВБК во хуманитарни и мировни операции на ОН

Приватните воени и безбедносни компании ги компензираат квалитативните недостатоци во мировните операции на ОН, бидејчи се подобро организирани, обучени и поопремени од мировниците на ОН. Практиката на ОН за мултинационални мировни операции се соочува со тешкотии, како што е недостиг на стандардна опрема, некомпатибилни системи за комуникација, различни оперативни искуства и доктрини, како и различни јазици.

Овие потешкотии се потенцираат и со фактот дека земјите во развој се примарните обезбедувачи на трупи за овие мисии, што подразбира дека мировниците на ОН често се слабо обучени и опремени. Освен тоа, националните контингенти не одговараат директно на командите на ОН, туку следат наредби од нивните национални власти за сите инструкции.[135]

Мисиите на ОН се дефинираат и како „мешавина од војски", а за нивсе вели дека „воената координација е исклучок, а не правило". За разлика од нив, ПВБК нудат консолидирана, кохерентна, компетентна и унифицирана командна структура, што е првата придобивка од

нивната употреба.[136]

Втората придобивкаод употребата на приватните воени и безбедносни компании е фактот дека тие побргу одговараат на кризи и може да бидат побргу распоредени, за разлика од

[135] Види повеќе: New Role for Mercenaries? Global Policy Forum:https//www.globalpolicy.org/nations-a-states/private-military-a-security-companies/pmscs-and-the-un/40931-new-role-for-mercenaries.html
[136] Случајот со Сиера Леоне (1995-1997) и Ангола (1993-1995) со платеничката фирма „Executive Outcomes" од Преторија, Јужна Африка. И во двата случаи, персоналот на оваа компанија имаше слични нивоа на обука, употребуваше исто вооружување, делеше ист јазик и следеш јасна и однапред утврдена командна структура. Види повеќе на: http//www.globalsecurity.org/military/world/para/executive_outcomes.htm

мировните сили на ОН. Обединетите нации во повеќе наврати ја истакнуваат потребата и важноста за брзо распоредување за ефективно пресекување конфликтите, деескалација на кризи и превенција на масовни страдања. Бавното одобрување и распоредување на мировници на ОН и понатаму постои, поточно, потребни се од три месеци до една година за тие да бидат активирани, во споредба со приватната воена фирма. Executive Outcomes, која за еден месец беше најмена, почна со операции во Ангола и во Сиера Леоне.[137] Слично, International Peace Operations Association уверуваше дека своите трупи од воени и безбедносни сили, како поддршка на мировната операција на ОН во Конго може да ги распореди во рок од 30 до 90 дена.[138]

Третата придобивка се однесува на фактот дека приватните воени и безбедносни компании се поисплатливи. Споредувајќи ги трошоците на мировната операција на Executive Outcomes и трошоците на ОН за мировната мисија во Сиера Леоне – на приватната компанија ѝ беше потребен буџет од 1,19 милиони долари, додека на ОН трошоците им изнесуваа 19,4 милиони долари. Трошоците за персоналот на приватната воена компанија изнесуваа 71,429 долари, додека за трошоците за персонал за ОН беа потребни 108,756 долари. Освен тоа, операциите на ОН траат подолго, пообемни се, а сепак се помалку ефективни. За илустрација, операцијата на ОН во Сиера Леоне траеше 74 месеци, со вкупно 11,797 мировници, и за жал на крајот не го исполни својот мандат за разоружување, демобилизација и реинтеграција на борците. Приватната компанија за воени и безбедносни услуги Executive Outcomes својата мисија ја заврши за 24 месеци, со персонал што броеше 350 лица.

Придонесот на ПВБК може да биде во три комплементарни форми:

- Интервенција пред распоредувањето на мировната мисија на ОН, со цел да се осигураат зоните во кои подоцна ќе се оперира (ова се очекуваше да се случи во Сомалија со мисијата UNITAF);

[137] Ангола е во конфликтна состојба последните 30 години. Претходница на стекнувањето независност беше проследено со насилни судири. Потпишувањето на Мировниот договор во 1993 г., што резултираше со независност на Намибија и повлекувањето на кубанските сили од Ангола, не доведе до затишје. Периодот на најжестоко насилство траеше од 1992 до 1995 година. Во овој конфликт значителна беше улогата на приватна воена компанија, чија инволвираност влијаеше и на текот на настаните и на времетраењето . Chapter 8:Angola - A –Case Study of Private Military Involvement. Sean Cleary. Види повеќе на http://www.issafrica.org/uploads/peacechap8.pdf

[138] Види на http//www.stability-operations.org

- Поддршка за веќе распоредена операција на ОН за смирување на високоризични зони (улога слична на онаа што воената опецација на ЕУ Artemis требаше да ја има во Конго);[139]
- Набљудување на тековна имплементација на договори за градење на мирот по повлекувањето на операцијата на ОН, со цел да се спречи каква било отстапка од договорите.

**Случајот со Никарагва (1984)**

Конкретен случај во кој присуството и активностите на ПВБК може да доведат до колапс на цели влади е нотиран во случајот пред Меѓународниот суд на правдата од 1984 година – Никарагва против САД.[140] Имено, Владата на Никарагва ги обвини САД за наводна инволвираност и инструментализација на војната со праќање ПВБК кои ќе се борат на страната на опзициските бунтовници (*contras*).[141]

Овој случај е значаен пред Меѓународниот суд на правдата поради расветлувањето на директно мешање на најмен приватен ентитет во друга држава, односно неможноста да се најде доказ што упатува на директни инструкции од страна на одредена држава кон конкретниот приватен ентитет.[142] Конкретно, била најмена американска агенција да минира аеродроми и пристаништа во Никарагва, во внатрешните води и на територијално море, иако никогаш до крај не беше утврдена одговорноста на државата и до кој степен биле издавани инструкциите. САД не беа обвинети за постапките на цонтрас, ниту за нивната индиректна инволвираност vis-à-vis нелегалните акти што беа вршени од страна на овие опозициски сили.

---

[139] Europian Union External Action:ARTMIS DRC:http://www.eeas.europa.eu/archives/csdp/missions-and-operations/artemis-drc/index_en.htm

[140] Во 1979 година, Владата на претседателот Сомоза беше соборена. САД тврдеа дека Никарагва ги снабдувала со оружје герилските бунтовници во Ел Салвадор. Властите на Никарагва, пак, тврдеа дека САД стојат зад *contras*. Поддршката од страна на Конгресот на САД излезе на виделина во 1983 година, кога во буџетот имаше ставка за финансирање на тајните служби на САД за директни и индиректни воени и паравоени операции во Никарагва.

[141] Nicaragua vs United States (Summary) on Self – Defence and Use of Force

[142] Член 8 за одговорноста на државата. Обединети нации, 2005

Овој случај, иако е стар неколку децении, е специфичен затоа што се трага по корените на однесувањето на ПВБК, што се припишува на наредби и инструкции од страна на конкретна држава ( Chesterman and Fisher 2009).

Оттука произлегува дека и државите на кои им се испратени како поддршка, како и државите што ги испраќаат овие ентитети за поддршка, може да се најдат како одговорни пред Меѓународниот суд на правдата.[143] Случајот беше отстранет од листата случаи на Судот во 1991 година, а неговата делумна разврска се состоеше во отфрлање на тврдењата на САД дека овие активности биле вршени за колективна самоодбрана и овој акт беше дефиниран како мешање во работите на друга држава.[144]

## 4. Приватните воени компании и мировните мисии: Оправданост од употреба на приватни безбедносни актери

Зголемениот ангажман на ОН во зачувувањето на светскиот мир и безбедност ја иницира и потребата за адекватен човечки потенцијал, особено во операциите за чување на мирот во Источен Тимор, Босна и Херцеговина, Косово, Сиера Леоне, Конго, Хаити итн.. Решението на ваквата состојба, меѓу другото, се лоцира и во ангажманот на приватните воени компании специјализирани за вакви мисии.[145]

Бројот на учесници во мировните и во хуманитарните мисии на ОН е намален од 76.000 во 1994 година на околу 15.000 во 1998 година. Зтоа, сѐ поголема е веројатноста дека мултинационалните интервенции ќе се ограничат само на ситуации во кои ОН имаат добиено согласност за интервенција од авојуваните страни. Сепак, на овој начин се доведува во прашање основната цел на ООН во согласност со одредбите во Седмото поглавје на Повелбата, зачувување на светскиот мир и безбедност. Во тој контекст, се отвора простор за дејствување на други безбедносни актери, како што е примерот со бомбардирањето на НАТО на Република Српска во 1995 година и на Југославија во 1999 година. Покрај тоа, овој простор е соодветно искористен и од страна на приватните воени

[143] Воени и паравоени активности во и против Никарагва (Случајот Никарагва против САД, пресуда на 27 јуни 1986) : www.icj-cij.org/docket/?sum=367&p1=3&p2=3&case=70&p3=5)
[144] The Hague Justice Portal : http:// www.haguejusticeportal.net/index.php?id=6245
[145] Guide gor partnerships between law enforcement & private security organizations, Washington, DC, US, Deparment of justice. www.ilj.org/publications/index.html

компании кои се најмногу присутни на африканскиот континент. Сепак, ефективноста на една приватна воена компанија во креирањето позитивен мир е детерминирана од нејзиниот ангажман во ограничени размери.[146] Тоа практично значи дека не се реални очекувањата овие компании да бидат единствен безбедносен субјект од кој ќе зависи успехот на мисиите за чување на мирот.

Затоа приватните воени компании може да се прифатат единствено како субјекти што ја поддржуваат реализацијата на главната цел – повторно воспоставување мир и безбедност. Меѓу другото, и поради фактот дека постојат ситуации во кои приватните воени компании се ставаат во функција без јасни цели, притоа намалувајќи ја целосната способност на една мировна мисија за исполнување на целите.

Во тој контекст, неопходна е потребата за надзор и за државно базирана контрола врз капацитетите и активностите на приватните воени компании во постигнувањето на дефинираните цели и потреби на конкретната мисија. Тоа е единсвениот начин за отстанување на сите дилеми поврзани со оправданоста за ангажман и со успехот на приватните воени компании.

Во однос на мисиите предводени од ОН, приватните воени компании најчесто се ангажираат како: невооружена гарда – за статичко обезбедување објекти, вработени, резиденции и возила на ОН[147], вооружена гарда – за вооружена заштита на човечките, инфраструктурните и материјалните ресурси на ОН[148], обезбедување конвои – за безбедносна заштита на транспорт на официјални претставници на ОН, како и заштита на логистички конвои во редовни и вонредни услови, провајдери на безбедносни обуки, на процена на ризик, управување со безбедноста и консултантски услуги. На овој начин, освен како физичка заштита, компаниите се јавуваат и како консултантски провајдери на одговори на прашања поврзани со управување со безбедноста и процени на ризик[149], како и за одржување на воена опрема и техника.[150]

---

[146] CSO Security and Risk (2008, May 8) from http//www.csoonline.com/article/2211739
[147] Мисијата УМНИК во Косово за оваа цел долг период ги користеше услугите на Balcan International
[148] Мисијата на ОН во Авганистанза за оваа цел ги користеше услугите на IDG Security. Од финансиски аспект, станува збор за најголемиот ангажман на приватна воена компанија од ОН, со износ од 9 милиони евра за периодот од ноември 2010 до ноември 2011.
[149] Тука особено е забележлив ангажманот на Hart Security, PMSC consultancy
[150] ОН ги користеше услугите на International Charter Incorporated за одржување на хеликоптерите во Сиера Леоне.

## 4.1 Приватните воени компании во Ирак

Се проценува дека има околу 50 приватни воени компании ангажирани во Ирак во чиишто рамки работно функционираат околу 30.000 луѓе. Овие компании се ангажирани од страна на повеќе држави (особено од САД, Канада, Велика Британија), пред сè заради заштита и обезбедување на персоналот и на инфраструктурата на нивните ангажирани компании во постконфликтната обнова на Ирак. Исто така, дел од приватните воени компании се ангажирани и од различни меѓународни организации, пред сè од ООН, за извршување на задачи поврзани со чувањето и постконфликтното градење на мирот во Ирак. Оттука, услугите и операциите што ги вршат приватните воени компании во Ирак, генерално се поделени во две категории, и тоа: компании што нудат вооружени услуги и компании што нудат логистичка, техничка и друга активност.[151]

Операциите во вооружената служба најчесто опфаќаат:

- Статично обезбедување (обезбедување објекти од витална вредност, обезбедување населби, обезбедување на градилишта, на владфини згради и др. објекти);
- Обезбедување конвои (заштита на конвои што патуваат низ Ирак);
- Вооружена придружба (обезбедување високи личности што патуваат низ опасните зони на Ирак);
- Невооружена служба;
- Операции и координирање (формирање на операционен комуникациски центар и командни штабови);
- Разузнавачки анализи (собирање и анализирање информации за можни закани);
- Вршење обука на ирачките сили за безбедност.[152]

Од аспект на националната припадност на вработемите лица во приватните воени компании ангажирани во Ирак, на прво место се државјаните на САД и на Велика Британија, на второ место се лицата што доаѓаат од земјите од третиот свет (Чиле, Нигерија, Фиџи, Непал), додека најмалубројни се локалните Ирачани. Лицата кои

[151] The low and private police, Santa Monica, CA from http://www.rand.org/pubs/reports/2007/R872.pdf

[152] Извор: private-military/history-of-private-military-company-practice

доаѓаат од земјите од третиот свет, како и локалните Ирачани, исто така поседуваат висока воена обученост и воено искуство.

## 4.2. Употреба на приватни воени компании од страна на ООН

Од средината до крајот на деведесеттите години од минатиот век, ООН ги користела ПВК за разни задачи, вклучувајќи специјални услуги (како на пример деминирање, разузнавачки услуги, услуги за поддршка, хеликоптерски услуги, логистика, одржување итн), како и конвенционалните безбедносни услуги (вооружено и невооружено обезбедување, консултантски услуги и обука). Иако не постои јасна регулатива за изнајмување на ПВК од страна на ООН, јасно е дека се склучуваат многу договори помеѓу двете страни.

Изнајмувањето на „приватни услуги" во делот на безбедоста, ООН го работи директно и индиректно. Директно преку изнајмување на услугите од страна на специјалните агенции, фондови и програми на ООН и индиректно, кога услугите од приватните компании ги изнајмуваат државите-членки на ООН кои сметаат дека овие услуги му се потребни на персоналот на ООН кој доаѓа од нивните земји.

Како пример за специјални услуги користени од страна на ООН може да се спомнат услугите за деминирање на компанијата „Армор груп", кои најчесто се користат. Така, оваа компанија успешно ги завршила договорите во Судан (доделени во 2006 година) и во Непал. Во мисијата во Непал компанијата даваше консултантски услуги и вршеше мониторинг на непалските единици, но значајно е што и самата директно учествуваше во деминирањето и уништувањето на експлозивни направи.

Кога се работи за поддршка на мисиите „Пацифичките архитекти и инженери", оваа компанија обезбедувала гориво, возила и храна за новата мисија на ООН во Брегот на Слоновата Коска. Истата компанија обезбедувала контрола на воздушниот сообраќај, на воздухопловни операции и менаџмент во Демократска Република Конго во 2004 година.

Во Авганистан, ООН изнајми компанија-подружница на лондонската компанија „ИСГ секјурити", која обезбеди 169 „Гурки" според бројките од мисијата на ООН во Авганистан.

Овој пример е интересен бидејќи вклучува и извршување на официјални полициски задачи, отколку само „приватни"активности.[153]

Во 2008 година УНХЦР изнајми услуги за одржување на безбедносни системи од „Дифенс системс Африка", како и обезбедување на имотот и на персоналот од Г4С групацијата.[154]

УНДП - програмата за развој на ООН, истата година ја изнајми компанијата „Саладин" за давање услуги од областа на безбедноста. Со зголемената употреба на овие актери од страна на ООН, и во овој случај се поставува прашањето за нивната одговорност. Како организација составена од држави, но без институции за надзор од овие држави, ООН не е во состојба да ги држи за одговорни приватните компании кога тие го кршат меѓународното право и човековите права.

Иако ООН многупати ги користела услугите на приватните компании, познати се случаи кога оваа организација ги одбила нивните услуги. Таков е примерот со приватната воена компанија „Егзекјутив ауткамс", која била контактирана од страна на ООН за можна употреба уште во раните денови од Граѓанската војна во Руанда. Процените на раководството на компанијата биле дека со персонал од 1500 луѓе може да бидат спасени и до 200.000 луѓе.

Оваа понуда била одбиена од страна на ООН, исто како и сите други опции поврзани со тоа прашање. Според некои мислења, неангажирањето на оваа компанија подоцна довело до плаќање на огромна цена, од 500.000 до 800.000 човечки животи. „Егзекјутив ауткамс" е истата компанија која помогна да се запре Граѓанската војна во Сиера Леоне, а нејзиното ангажирање се смета за далеку поуспешно и поевтино од ангажирањето на силите на ООН.[155]

Како можно решение за употреба на ПВК е нивното изнајмување од ООН во раните фази на спречување на конфликти. Имено, од искуство е познат фактот дека создавањето на мировни сили од страна на ООН на доброволна база е доста тежок и бавен процес. Многу е тешко да се најде држава која има волја и капацитет за испраќање на свои сили во зони

[153] http://un.org.np/unmm-archive/?đ=activities&p=activity_detail&aiđ=6i- Pacific Architects & Engineers (PAE)

[154] https://www.globalpolicy.org/nations-a-states/private-military-a-security-companies/pmscs-andthe-

[155] Ase Gilje 0 stensen, *UN Use of Private Military and Security Companies Practices and Policies*

опфатени со воен конфликт. До создавањето на такви сили ПВК би можеле да ја пополнат празнината, посебно ако се има предвид дека тие имаат доволно капацитети за спроведување на операции за хуманитарна поддршка како: ескорти на конвои, обезбедување на хуманитарни организации, пружање заштита на бегалци, чистење на мински полиња итн., функции кои ги извршуваат и мировниците на ОН.

## 5. Ефективноста на приватните воени компании во споредба со регуларните воени сили

Често се поставува прашањето дали ПВК можат да бидат исто толку ефикасни како што се и регуларните воени единици во современите услови на војување. Употребата на приватните воени компании нуди одредени оперативни предности во однос на регуларните воени сили, на пример:

• Брзо распоредување и флексибилност. ПВК имаат способност многу брзо да обезбедат капацитети за дополнително распоредување на сили, без непотребно губење време околу бирократски и политички прашања. Во врска со мобилизирање на воените сили, ПВК веќе можат да ги придвижат своите сили со цел да исполнат широк спектар на воени задачи. Во согласност со ова, како што овие сили многу бргу може да се појават така и многу бргу можат да исчезнат, кога опасноста поради која се ангажирани ќе ја снема или локалните воени сили ќе бидат обучени.

• ПВК можат да обезбедат сили кои даваат специјални услуги. Овие компании многу полесно можат да соберат сили кои најмногу се потребни во даден момент. Компаниите регрутираат од дата бази во кои најчесто има пензиониран воен персонал. Ова им помага да најмат луѓе со соодветно искуство за одредена задача. Така, на пример, приватните воени компании може да регрутираат поранешни воени полицајци, припадници на специјални сили, персонал од обласата на цивилно-воената соработка итн. ПВК, исто така, може да регрутираат персонал со одредени вештини (пр. јазична или друга експертска област), или со соодветно искуство (пр. воспоставување на ред во цивилни војни). Многу е потешко нанационалните воени организации да најдат персонал со посебни вештини и искуство за кратко време и истите да ги распоредат во одредено конфликтно подрачје.

• ПВК можат да регрутираат интернационално. Тие во својот состав можат да имаат персонал со соодветни вештини и искуство од целиот свет;

• Загриженоста кај јавноста е помала во однос на употребата на сила. Вообичаено, испраќањето на ПВК во кризните подрачја, политички помалку ги чини државите отколку испраќање на регуларни воени сили.

Политичката одговорност при испраќањето на ПВК е многу помала во однос на испраќање на воени единици во кризните подрачја, а и загриженоста на јавноста е многу помала кога се работи за ПВК.

• во неразвиените држави со слаби политички институции, приватните воени компании дејствуваат како противтежа на локалната војска.

Без оглед на тоа дали горенаведените особини претставуваат вистински предности, повеќето аналитичари сметаат дека приватните воени компании имаат бројни оперативни недостатоци во однос на регуларните воени сили, како на пример:

• приватните воени компании повеќе се мотивирани од профитот отколку од должноста, и затоа нивната посветеност на задачата е помала од онаа што ја има персоналот на регуларната војска;

• во нивните договори не можат да се покријат сите можни вонредни ситуации однапред, со што се намалува нивната флексибилна борба и можноста за загрозување на нивната способност во справувањетосо неочекувани ситуации;

• нивниот персонал кој не учествува во борбите не е доволно обучен за да ги зајакне воените капацитети доколку за тоа се појави потреба;

• кога приватните воени компании поради некоја причина нема да успеат во извршувањето на задачата, тоа негативно влијае на активностите и на дејствувањето на регуларните воени сили да ги извршат своите задачи;

• притисокот да се намалат трошоците во овие компании може да доведе до одлуки кои ќе ги загрозат животите на нивниот персонал. На пример, по смртта на четворица вработени во компанијата „Блекводер“ во Ирак во 2004 година, се појави тврдење дека петтиот војник, кој требал да служи како заштита од заднина, не бил испратен на задачата поради финансиски ограничувања.

Интересно е да се спомне мислењето на британскиот економист и филозоф Адам Смит, таткото на модерната економија, кој уште во 1776 година напишал дека во одбраната

и армијата приватниот капитал не може да биде решение што би дало најдобри резултат кои би ги задоволиле јавните потреби на државите. Имено, според Смит, ниту една корпорација или група на граѓани не може да биде доволно мотивирана, а истовремено и доволно доверлива за да ѝ се даде одговорноста да ја гарантира безбедноста на една земја, односно да ја финансира нејзината армија. Понатаму, Смит напоменува дека ниту едно општество не може да опстои доколку нема свои јавни органи кои би нуделе државна безбедност, би ги спроведувале даночните политики и би гарантирале правен поредок. Резимето е дека доколку некогаш во практика се случи обратното, тоа со сигурност мора да биде спроведено од одредени центри на моќ, спротивно на интересите на дадената нација.

## 6. Контрола и одговорност на ПВК

Законската регулатива која се однесува на работата и на ангажирањето на приватните воени компании, во сите земји е слаба, особено кога станува збор за услутите што се даваат во странство. Во тој контекст, се поставува прашањето за недостаток на адекватен надзор. Владите можат да ги користат приватните воени компании за да ги избегнат пречките наметнати од страна на институционалните контролни механизми (како на пример ограничување на бројот на војници распоредени во странство, што системски е регулирано со закон). Исто така, во многу држави, приватните воени компании не се обврзани да го откријат степенот на нивните активности или детали во врска со нивните трошоци.

Персоналот на приватните воени компании, генерално, не е обучен да извршува операции во согласност со законите за вооружен конфликт ниту, пак, подлежи на потребното ниво на воена дисциплина. Покрај тоа, приватните воени компании лесно можат да ги прекинат своите операции, со што би се отежнало пребарувањето на нивниот персонал во случај на повреда на законот.

Контролата од страна на медиумите и граѓанското општество е еден од најефикасните начини за надзор на приватните воени компании. Ова ги принуди многу од нив да обратат поголемо внимание на имиџот, помогна да се обезбеди дека вработените нема да прават криминал и злоупотреба на своите овластувања, помогна да се зголеми квалитетот на услугите кои ги нудат овие компании, иако оваа тенденција не може да биде

карактеризирана како универзална. Предложени се и други мерки во функција на саморегулирањето на приватните воени компании, вклучувајќи и доброволни кодекси на однесување, како што е онаа усвоена од страна на Меѓународната асоцијација за мировни операции (IPOA-International Peace Operations Association), иако истите не можат да се заменат за правила и норми. Во блиска иднина е јасно дека приватните воени компании ќе останат дел од безбедносното опкружување и јасно е дека има потреба за подобрување на регулативата, без разлика дали тоа ќе биде со меѓународни или национални начини и средства.

## 7. Ризици од употреба на приватните воени компании

Во академските кругови честопати се расправа за придобивките од оперативната употреба на ПВКи дали се надминати ризиците од нивната употреба. Главната грижа е околу злоупотребите од страна на вработените во ПВК, недостатокот на законски норми за инволвирањето на ПВК во конфликти и опасноста да се стане зависен од овие компании.
Злоупотребите направени од страна на припадниците на „Блеквотер“ најверојатно се најпознатите во светски рамки поради огромното медиумско покривање.Покрај „Блеквотер“, постојат документирани и многу други случаи на злоупотреба, вклучувајќи ја улогата на припадниците на ПВК во скандалот со затворот „Абу Граиб“ при измачувањето на ирачките заробеници.[156]
Многумина сметаат дека недостатокот од казни и несносување одговорност за минатите злоупотреби, може да биде пример за понатамошно прифаќање на можни идни злоупотреби. Оваа грижа често произлегува од фактот дека припадниците на ПВК се наоѓаат во т.н. сива зона од законот. Бидејќи тие не се дел од регуларните воени сили, тие не се ни предмет на одредени закони и надзори. Визијата за неодговорноста на припадниците на приватните воени компании е загрижувачка, но и непредвидлива со зголемените барања за почитување на човековите права, земено глобално. Теоретски, државите имаат обврска да ги натераат ПВК кои работат за нив да ги почитуваат хуманитарните закони поставени врз основа на Женевските конвенции, но во практиката

[156] https://www.humanrightsfirst.org/wpcontent/uploads/pdf/Examples_of_Contractor_Abuses.pdf-

ова ретко се случува. Како пример за ПВК кои имале посебен третман од страна на законот може да се наведат ПВК од САД, кои во првите години од војната во Ирак не потпаѓале под одговорност на воените закони, а од друга страна имале имунитет од кривично гонење од локалните закони. Сето ова довело до бројни злоупотреби од страна на ПВК.

Недостатокот од одговорност не е единствениот ризик кој доаѓа со употребата на ПВК. Постои страв дека државите ќе станат премногу зависни од овие компании и ова негативно ќе се одрази на националната безбедност. Дури постои мислењето дека растот на приватната воена индустрија ефективно го има скршено монополот на државите околу употребата на сила, водејќи притоа до потенцијално огромни последици за разбирањето на војната воопшто, но и за разбирањето на улогата на државата во создавањето и завршувањето на војните. До некој степен постои и страв од зависноста на државите од ПВК, бидејќи ова може да води кон маргинализација на државата во војните.

Овој страв од прекумерната зависност доаѓа делумно од одлевањето на високообучениот персонал од вооружените сили и нивното приклучување на ПВК. Ова, секако, паѓа на сметка на државата, односно на нејзините вооружени сили кои остануваат без овој кадар.

# ЗАКЛУЧОК

Во рамките на овој труд се опфатени приватните безбедносни актери и нивното место и улогата што ја имаат во остварувањето на безбедноста.

Од анализата на трудот дојдов до следниве заклучоци:

1. Безбедноста е главен предизвик на државата и во рамките на остварување безбедност не се вклучени само државните актери, туку и приватните безбедносни актери кои имаат централна улога во овој труд.
2. Истражувањето потврди дека безбедноста е суштински важен концепт и е насочена кон виталните вредности и кон опстанокот на одреден референтен објект или кон државата во целост. Со други зборови, безбедноста е синоним за акумулирање на моќ и, аналогно на тоа, безбедносните актери мора да ја поседуваат таа моќ за да можат да ја рефлектираат.
3. Современото безбедносно опкружување, обременето со нови безбедносни ризици и закани, меѓу другото, ја наметнува и потребата од ангажман на поголем број безбедносни субјекти. Во тој контекст, сè повеќе се промовира и значењето на приватните безбедносни субјекти во справувањето со современите безбедносни предизвици.
4. Од анализата произлегува дека безбедноста е феномен, изразен со многу релации. За да се разбере безбедноста во нејзиниот тоталитет, потребно е да се разбере суштината на безбедноста.
5. Денес концептот на приватна безбедност се содржи во многу аспекти на политичко, економско и безбедносно организирање, а приватниот безбедносен сектор придонесува за одржување на безбедносната клима, заедно со останатите актери на ова поле.
6. Голем број држави во светот ги користат услугите на ПБК и ПБК, со цел да ја наметнат својата доминација и позиција во остварување на нивните интереси.
7. Се потврди хипотезата дека безбедноста вклучува висок степен на доверба, што значи споделена одговорност на сите безбедносни актери кои учествуваат во безбедноста, почнувајќи од војската, полицијата, безбедносните разузнавачки служби и други безбедносни актери.
8. Приватните воени и безбедносни компании стекнале голема популарност во 21 век меѓу државите, меѓународните организации, корпорациите и физичките лица, докажувајќи дека понекогаш може да бидат поефикасни и поефективни од јавната безбедност и дека во многу

случаи може да понудат повисоко ниво на безбедност во споредба со нивните колеги од сферата на јавната безбедност, така што поединците и заедницата сè повеќе им укажуваат доверба на приватните безбедносни актери  и им дозволуваат тие да се грижат за нивната безбедност.

9. Приватните безбедносни актери, сепак, во целост не можат да ја заменат функцијата на регуларните вооружени сили и, поради тоа, неопходна е потребата од нивна тесна соработка со националните влади и со локалната популација, во насока на ефикасна реализација на поставените задачи за што се ангажирани.
10. Приватизацијата на мировните операции постепено станува реалност, иако приватните воени компании најмногу се вклучени во логистичките и услугите за одржување, а во помала мера и во операции од воена природа.
11. Придонесот на приватните безбедносни актери кон меѓународниот мир и безбедност е директно детерминиран од нивниот ангажман во рамките на меѓународните мировни и хуманитарни мисии предводени од страна на меѓународните безбедносни организации. Искуството покажува дека во изминатите две децении, сè повеќе јакне и улогата и значењето на приватните безбедносни актери во овој контекст. Ова е особено значајно во ситуации кога е потребна итна активност за заштита на меѓународниот мир и безбедност.
12. Трендот на најмување на недржавни актери во менаџирањето на кризи и конфликти наидува на големо негодување, но постојат објективни причини и фактори за нивното постоење.
13. Регулативата е од суштинско значење во поглед на законското работење на приватните безбедносни актери. Со усогасување на регулативата за приватните безбедносни компании ќе се покрие една премногу чувствителна област во оваа сфера. Регулативата, исто така, може да помогне подобро да се согледаат одредени состојби, со што би се обезбедило што е можно подобро и порационално да се стават во функција сите ресурси и работењето на приватниот субјект.
14. Приватните безбедносни актери се глобален феномен што ја менува формата на спроведување на безбедноста во светот.
15. Од спроведеното истражување може да се види колу големо значење имаат приватните безбедносни актери во остварувањето на безбедноста, дотолку што нивните услуги придонесоа да се смени и концептот на војната и мирот, како и концептот на националната безбедност.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Baljak Miroslav: Uloga privatnih bezbednosnih agencija u 21 veku. Teorisko-strucni casopis za pitanja zastite, bezbjednosti, odbrane, obrazovanja, obuke i osposobljavanja. Sveska 2, Broj 36, 2015

2. Bourge Christian „Analyses Mecenary as future peacekeeper?“, UPI, 23 August, 2003,

3. Bryden, Alan, Caparini, Marina : Private actors and Security Governance, Geneva, 2006

4. Ванковска Биљана, Меѓународна безбедност: Критички пристап, Филозофски факултет, Скопје 2006

5. Ванковска – Цветковска Б., Војската и демократијата, Детска радост, Скопје, 1995

6. Valasek, Kristin: Reforma sektora bezbjednosti i rodna pitanja, DCAF, 2008

7. Wagner, Dennis, Private Security Guards Play Key Roles, The Arizona Republic, 2006

8. Williams, Phil. Violent Non State Actors and National and International Security, Zurich : ISN, 2008

9. Георгинова Т., Тактика и техника на обезбедување, материјал за студенти, 2012

10. Гергинова. Т., The need for private security institutions, International yearbook – Faculty of security – Skopje, 2014

11. Даничиќ М. и Стојиќ Љ.: Приватна безбедност, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2008

12. Дафилд Марк: Глобално владеење и нови војни и спојување на развојот и безбедноста, Арс Ламина, ДОО, Скопје, 2001

13. Damian, Lilly: The Privatization of Security and Peace Building. International Alert, September, 2001

14. Demsey S John, Introduction to Private Security, Wadsworth, Cengage Learning, 2011

15. Dunning R: „Heroes or Mercenaries ?“, Blackwater, Private Security Companies and the US Military, The Kenan Institute for Ethics, Duke University, 2007

16. Europian Security Strategy – A Secure Europe in a Better Worrld, 2004

17. Кековиќ, Зоран: Управљање ризицима у недржавном сектору безбедности, бр.4, Београд, 2004

18. Carmola K: Private Security Contractors and New Wars: Risk, Law and Ethics, Routledge, Contemorary security studies, 2010

19. Jan Litavski, Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku, Centar za evroatlantske studije, 2012

20. Kinsey, Christopher: Soldiers and International Security : The Rise of Private Military Companies. Routledge, London &New York, 2006

21. Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Меѓународна научна конференција „Приватна безбедност во XXI век: Искуства и предизвици", Скопје, 2016

22. Лабовиќ. Д., Приватне војне компаније као фактор безбедности – предности и недостатци

23. Lebovic, James H. „Uniting for Peace ? Democracies and UN peace operations after the Cold War ", Journal of Conflict Resolution, Vol 48, No.6,2004

24. Lilly, Damian. The privatization of security and peacebuilding : A framework for action, London, International Alert, 2000

25. Maggio E: Private security in the 21st Century: Concepts and Applications, Jones and Bartlett Publishers, 2002

26. Mathieu Fabien and Dearden Nick, Corporate Mercenaries: The Threat of Private Military and Security Companies, War on Want, London, 2006

27. McFate, Sean: The Modern Mercenary: Private Armies and What They Mean for World Order. Oxford University Press, 2014

28. Nemeth C: Private Security and the Law: Fourth edition, Elsevier, 2012

29. „Оливер Бакрески, Милан Даничиќ, Желимир Кешетовиќ, Сашо Митевски, „Приватна безбедност: теорија и концепт", Скопје, 2015

30. Оливер Бакрески, Стојан Славески, Живко Гацоски „Безбедноста низ призмата на приватната безбедност",Скопје, 2018

31. Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Скопје, 2012

32. O Brien, Kevin; PMCs, Myths and Mercenaries : The Debate on Private Military Companies, Royal United Service Institute Journal, February, 2000. Достапно на https://www.asisonline.org/statio.html

33. Павловиќ Г., „Право приватне безбедности – упоредна студија, Бања Лука, 2011

34. Private Security Servises in Europe CoESS Facts and Figures, CoESS, 2011

35. Private Military Companies – Geneva Centre for Democratic Control of the Armed Forces, 2006
36. Private Military Companies: Options for Regulation, Foreign and Commonwealth Office. The Stationary Office, London, 2001
37. Славески С., Безбедносен систем, Европски универзитет, Скопје, 2009
38. Стајиќ Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011
39. Stajic Lj., Osnovi bezbednosti, Policijska akademija, Beograd, 1999
40. Singer, P.W., Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry, Cornell University Press, London, 2007
41. Searing Clifford, Kempa, Michael : The Role of Private Security in Transitional Democracies, 2001
42. Timotic M., Demokratska civilna kontrola vojske – preduslov reforme sektora bezbednosti, Centar za civilno-vojne odnose, Beograd, 2004
43. Tonkin Hannah: State Control over Private Military and Security Companies in Armed Conflicts, Cambidge University Press, 2011
44. The Deparment of Defence Contractor and Troop Levels in Iraq and Afghanistan; 2007-2015, CRS Report for Congress, December, 2015
45. UN Department of Peacekeeping Operations, „Peacekeeping Fact Sheet“, UN Peacekeeping, 31 August 2014
46. Holsti Kalevi, The State, War and the State of War, Cambridge : Cambridge University Press, 1996
47. Heinemann: Introduction to Private security 5$^{th}$ and 6 th Edition, Butterworth, 2008
48. Hess M.K. Introduction to private securiry, 5$^{th}$ Edition, 2008
49. Цветковиќ В: Ризик, моч и заштита, Београд, 2010
50. Jager T. Kimmel, Private Military and Security Companies, VS Verlag fur Sozialwissemschaften, 2007
51. Chaloka Beyani and Damian Lilly, Regulating Private Military Companies, London: International Alert, 2001
52. Chesterman S. and Fisher A: Private Security, Public Order: The Outsourcing of Public Services and Its Limits, Oxford University Press, 2000
53. Shearing C.D. and Kempa M: The Role of Private Security in Transitional Democracies, 2001

54. Shearer D.: Private Armies and Military Intervention, Adelphi Paper 316, 1998

55. Schulz S. and Yeung Ch: Private Military and Security Companies and Gender, DCAF, Geneva, 2005

**Електронски извори**

1. http://www.answers.com/topic/privatization

2. bg_private_military companies_mcd.pdf

3. http://militarycompanies.blogspot.com/2013/11/energy-prices-and-private-security.html

4. www.blackwaterusa.com

5. www.mpri.com

6. www.privatemilitary.org

7. www. unep.org

8. http://gurkhasecurityservises.co.uk

9. http://business-humanrights.org/en/conflict-peace/special-initiatives/ initatives -on-private-military-security-companies/montreux-document-a-process-aimedat - governments

10. http://voluntaryprinciples.org/files/VPs_io_Year_Anniversary_Press_Release_ March2010_London.pdf

11. https://www.globalpolicy.org/nations-a-states/private-military-a-securitycompanies/pmscs-and-the-un/50639-un-embraces-private-militarycontractors. html

12. https://en.wikipedia.org

13. www. obezbeduvanje.org.mk

14.http://www.globalresearch.ca/the-privatisation-of-war-private-security-companieson-contract-with-un-humanitarian-and-peace-keeping-operations/5342155

15. https://www.vreme.com/svet/ekspanzija-privatnih-vojski/

16.https://www.globalpolicy.org/pmscs/51834-the-role-of-private-military-and-security-companies-in-modern-warfare-impacts-on-human-rights.html

17. https://www.upi.com/Defense-News/2003/